ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини




Граница на плански опфат

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

Заверува
Комисија за урбанизам:

1. DRAGANA ShTERJOVA
2. BORISLAVA MIShEVA
3. Makedonski Telekom CA, Viktorija Atanasova
4. Makedonski Telekom CA, LIDIJA GLIGOROVA JANKOVA
5.

ОДОБРИЛ,
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШТИП
Иван Јорданов

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ПРОЕКТ ДРЖАВЕН ПАТ А4

НАЗИВ НА ПРОЕКТ :

ДРЖАВЕН ПАТ А-4

ДЕЛНИЦА:

ШТИП - РАДОВИШ

ИНВЕСТИТОР:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

КНИГА:

Дел од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ
од км -3+213.51 до км 5+066.40

ПРЕГЛЕДНА КАРТА:



ИЗВРШИТЕЛ

ПРОСТОР доо

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ-КУМАНОВО

ПЛАНЕР:

Диа Данчо Јовановски

УПРАВИТЕЛ:

Диа Данчо Јовановски

ФАЗА:

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

ТЕХН.БРОЈ:	ДАТУМ:	
72/13-2	X 2015	

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ПРОСТОР доо Куманово

ПРОСТОР доо Куманово
ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ - КУМАНОВО * Моша Пијаде 2 * 031/425-510 * факс 031/ 438 - 510 *
e-mail: prostor @ mt. net. mk

ПРОСТОР доо Куманово
ПРОСТОР доо Куманово
ПРОСТОР доо Куманово

ГРАДБА: ДРЖАВЕН ПАТ А-4
ДЕЛНИЦА: ШТИП-РАДОВИШ

Градба од I категорија

ИНВЕСТИТОР: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

ИЗРАБОТУВАЧ: "ПРОСТОР" ДОО -Куманово
Ул. "Моша Пијаде 2", Куманово

НИВО НА ИЗРАБОТКА: ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

ВИД НА ПРОЕКТ: ПЛАНСКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ОБЈЕКТ: Дел од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ
од км -3+213.51 до км 5+066.40

РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ: Чедомир Теодосијевски дипл.град.инж.

ОВЛАС. ПЛАНЕР : Данчо Јовановски дипл. инж.арх.

ТЕХ.БРОЈ: 72/13-2

МЕСТО И ДАТУМ: КУМАНОВО, X.2015 год.

УПРАВИТЕЛ:

_____

Данчо.Јовановски дипл. инж.арх.

Работен тим:

Раководител на проектот:		**Чедомир Теодосијевски**	**дипл.град.инж.**
Одговорен планер:		**Данчо Јовановски**	**дипл.инж.арх**
Соработници:			
		Дана Јовановска	**дипл.инж.арх.**
		Живко Марковски	**дипл.сооб.инж.**
	м-р	**Ристе Ристов**	**дипл.град.инж.**
		Бобан Коцевски	**дипл.град.инж.**
		Чедомир Теодосијевски	**дипл.град.инж.**
		Бранко Аспровски	**дипл.град.инж.**
		Тереза Теодосијевска	**дипл.град.инж.**
	м-р	**Тамара Арсовска**	**дипл.град.инж.**
		Наталија Јосимовска	**дипл.град.инж.**
		Сашо Теодосиевски	**дипл.град.инж.**
		Дарко Михајловски	**дипл.инж.жив.сред.**
		Јордан Јордановски	**дипл.маш.инж.**
		Драгана Јовановска	**дипл.инж.арх.**
		Данчо Јовановски	**дипл.инж.арх.**
		Билјана Јакимовска	**дипл.инж.арх.**
		Ана Поповска	**дипл.инж.арх.**
		Марина Стојмановска	**дипл.инж.арх.**
		Љиљана Трајковска	**дипл.инж.арх.**
		Драган Манасиевски	**дипл.геод.инж.**
		Сашо Арсиќ	**дипл.геод.инж..**
		Гордана Блажеска	**дипл.геод.инж.**

Управител:	**Данчо Јовановски**	**дипл.инж.арх.**

СОДРЖИНА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
ДРЖАВЕН ПАТ А4 ДЕЛНИЦА ШТИП - РАДОВИШ
Дел од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ од км -3+213.51 до км 5+066.40

ОПШТ ДЕЛ

Потврда за регистрирана дејност
Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија
Лиценца за изработка на урбанистички планови на фирмата
Решение за планер и проектант
Овластувања на планер и проектант
Планско-проектна програма

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

	Вовед	стр.	1
	Методологија	стр.	1
1	Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат	стр.	2
2	Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина	стр.	3
3	Податоци за природните чинители во подрачјето на проектираната	стр.	3
3.1.1.	Географски податоци	стр.	3
3.1.2.	Релјефни услови	стр.	3
3.1.3.	Сеизмички карактеристики	стр.	3
3.1.4.	Природни карактеристики на подрачјето	стр.	4
4	Податоци за создадените вредности и чинители	стр.	5
5	Инвентаризација и снимање на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура	стр.	5
6	Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини	стр.	6
7	Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура	стр.	7
8	Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план	стр.	10
9	Анализа на можности за просторен развој	стр.	10
10	Извод од план од повисоко ниво	стр.	13
11	Мислења и податоци од надлежни институции и јавни претпријатија	стр.	13

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Извод од просторен план		Лист бр.	1
Извод од ГУП Штип		Лист бр.	2
Ажурирана геодетска подлога	М 1:2500	Лист бр.	3(1-3)
Инвентаризација на земјиштето, градежниот фонд и комуналната инфраструктура	М 1:2500	Лист бр.	4(1-3)

УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1	Вид на план и назив на подрачје на планскиот опфат	стр.	1
2	Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат	стр.	1
3	Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво	стр.	2
4	Планска програма	стр.	2
5	Опис и образложение на плански концепт	стр.	2
6	Опис и образложение на плански решенија за изградба	стр.	2
7	Економско образложение на планските решенија	стр.	8
8	Мерки за заштита	стр.	9
8.1	Заштита на животна средина	стр.	9
8.2	Заштита на природно наследство	стр.	11
8.3	Заштита на културно наследство	стр.	11
8.4	Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи	стр.	11
8.5	Мерки за заштита од техничко-технолошки несреќи	стр.	12
9	Нумерички дел	стр.	12
10	Услови за изградба	стр.	12
10.1	Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за секој помал опфат	стр.	13
11	Основни технички податоци за патот	стр.	15
11.1.	Гранични елементи на планот и профилот	стр.	15
11.2.	Хоризонтално и вертикално решение	стр.	16
11.3.	Нормални попречни профили	стр.	16

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Синтезен приказ	М 1:1000	Лист бр.	1(1-3)
Прегледна карта	М 1:50000	Лист бр.	2
Нормални попречни профили	М 1:100	Лист бр.	3

Детали
Карактеристични пресеци со инфраструктурни водови

1. ОПШТ ДЕЛ
1. GENERAL PART

Број: 0809-50/151020140002285
Датум и време: 2.4.2014 г. 12:12:11

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4092503
Назив:	Друштво за планирање проектирање и инженеринг ПРОСТОР ДОО Куманово
Седиште:	МОША ПИЈАДЕ бр.2 КУМАНОВО, КУМАНОВО

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Изготвил,
Данка Митевска

мп

Овластено лице,
Игор Божиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 51/05 и 137/2007")
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0006

НА

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ПРОСТОР - КУМАНОВО

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО : 05. 12. 2018 год.
ИЗДАДЕНО НА : 05. 12 2008 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Миле Јанакиески

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13 и 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ПРОСТОР ДОО Куманово

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.Моша Пијаде бр.2 Куманово, ЕМБС 4092503

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **12.03.2022 година**

Број: **П.023/А**

12.03.2016 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ
ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
"ПРОСТОР" Д.О.О. Куманово

Бр.
од

Врз основа на ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ и член 41 од статутот на "Простор"д.о.о. Куманово донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е

1. За изработка на техничка документација на ниво на Проект за инфраструктура за:

ДРЖАВЕН ПАТ А4 ДЕЛНИЦА ШТИП-РАДОВИШ,
Дел од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ, од км -3+213.51 до км 5+066.40

се одредува планерот:
- **д.и.а. Данчо Јовановски**

и проектантот:
- **д.г.и. Чедомир Теодосијевски**

2. Планерот и Проектантот одреден со ова Решение при изработка на техничка документација е должен да се придржува кон одредбите на ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ.

3. Планерите и Проектантите да се грижат за усогласување на сите фази и за примена на важечките прописи и стандарди.

4. Еден примерок од оваа решение се доставува на планерите и проектантите.

управител

_____
д.и.а. Данчо Јовановски

П О Т В Р Д А

Со ова се потвдува дека планерот дипл.инж.арх. Данчо Јовановски врз основа на ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ има право да самостално изработува техничка документација и изврши техничка контрола на техничка документација од својата струка.

управител

_____
д.и.а. Данчо Јовановски

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

БРОЈ НА ОВЛАСТУВАЊЕ:
0.0059

на

ДАНЧО ЈОВАНОВСКИ

дипломиран инженер архитект

МБ: 1902961420005

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВА ОВЛАСТУВАЊЕ НОСИТЕЛОТ СЕ ЗДОБИВА
СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СОГЛАСНО ЗАКОН

Скопје,
14. Јули, 2008 год.

Претседател на Комора

Д-р Страхиња Трпевски,
дипл.инж.арх.

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/12), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГРАДЕЖНИШТВО

на

ЧЕДОМИР ТЕОДОСИЈЕВСКИ

Овластувањето е со важност до: 23.12.2018 год.

Број: 2.0158

Издадено на: 23.12.2013 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Блашко Димитров,
дипл.град.инж.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА НИВО

НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА, ОСНОВЕН ПРОЕКТ И ПРАТЕЧКИ ЕЛАБОРАТИ ЗА ДРЖАВЕН ПАТ А4,

ДЕЛНИЦА ШТИП - РАДОВИШ

СКОПЈЕ, мај, 2013

ВОВЕД

Предмет на оваа проектна програма е изработка на техничка документација согласно на Законот за градење (ICл.Весник на РМв, од 15.11.2012, вклучувајки ги и сите измени), за делницата од државниот пат А4 Штип Ђ Радовиш како пат за моторен сообраќај Ђ експресен пат. Имено претходно во 2011 год. на делницата од вШтипскаг клучка до Радовиш и понатаму до Струмица е изработена техничка документација Проект за инфраструктура, но како пат за моторен сообраќај - автопат за која сега, треба да се подготви техничка документација како Проект за инфраструктура и Основен проект со должина од околу 35км со пооделни делови кои ќе бидат подолу објаснети.

За делницата, со оваа Проектна програма се дефинирани програмските и проектните услови и параметри за изработка на инвестиционо техничка документација на ниво на изработка **Проект за инфраструктура** и **Основен проект**.

Треба да се напомене дека при крајот на 2011 година е извршена нова категоризација на патната мрежа во Република Македонија (ICл.Весник на РМв бр. 150/2011 од 27. октомври 2011 година). Според оваа категоризација, патниот правец Штип Ђ Радовиш (стара ознака М6) е дел од државниот патен правец А4 (Гр. со Косово (ГП Блаце) - Крстосница Стенковец - обиколница Скопје Ђ Петровец Ђ Миладиновци - Св. Николе Ђ Штип Ђ Радовиш Ђ Струмица - гр. со Бугарија (ГП Ново Село).

Од друга страна, поради фактот што досега изработуваната документација е со ознаките од старата категоризација, низ текстот се среќаваат главно старите ознаки по кои се изработувале проектите во поранешни фази. Ова треба да се има предвид заради избегнување на забуни.

Краток опис на трасата од Проектот за инфраструктура како автопатско решение

Врз основа на проектна програма за Идеен проект, односно Проект за Инфраструктура за траса и објектите на патот; за Физибилити студија со сообраќајни анализи за прераснување на магистралниот патен правец Штип Ђ Радовиш Ђ Струмица М6 (А4) во автопат; за Геотехнички истражни работи; за Геодетски работи; за Студија за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, изработена е проектна документација како автопатско решение од страна на фирмата Балкан Консалтинг Ђ Скопје.

Во изработениот Проект за Инфраструктура со точност која ја дозволуваат геодетските подлоги за тоа ниво, детално се анализирани различни варијанти на трасата, приклучоци кон населените места и други анализи. Само како кратка анализа за усвоените варијанти се наведува следното:

Почетокот на трасата на автопатското решение е кај н.м. Три Чешми, а крајот до н.м Просениково во Струмица. До Радовиш (делницата во тој проект е насловена како дел 1) се предложени следните подваријанти: подваријанта 1.0 која започнува од кај н.м Три Чешми со истоимен денивелиран патен јазол со почетна стационажа на км 1+559 до км 6+592, ја поминува планираната акумулација Јагмурлар со примена на соодветни објекти до т.н место шести километар; потоа подваријанта 1.1 до Лакавица (од км 2+427 до км 14+447) проектирана од левата страна на постојниот пат; па варијанта 1.2 лево од Лакавица до населбата Дамјан (од км 14+447 до км 20+587) исто така од левата страна на постојниот пат; околу

Дамјан усвоена подваријанта 1.2.К со патен јазол Дамјан и понатаму од Дамјан до Радовиш и Ињево до околу км 35 усвоен делот со подваријанта 1.3.Р лево (во однос на Радовиш).

Се напоменува дека Понудувачот за изработка на проектната документација покрај другото треба добро да ја разгледа посочената проектна документација изработена на ниво Проект за инфраструктура.

И.ПРОЕКТИРАЊЕ ЗА НИВО НА ИЗРАБОТКА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ТРАСА И ОБЈЕКТИТЕ НА ПАТОТ

ДЕЛНИЦА ШТИП Ђ РАДОВИШ, дел СОФИЛАРИ Ђ БУЧИМ Ђ РАДОВИШ

И.1.ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Цел и предмет на проектната програма е да се изработи проектна документација насловена како Проект за инфраструктура за Експресен пат за кој во голема мера (особено на делот од Софилари до Дамјан) може да се користи веќе изработениот Проект за инфраструктура каде, пак, е дефинирана траса на автопатското решение на делницата од Штип до Радовиш. Должината на трасата се проценува околу 27км.

И.2.ОСНОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Како основи за проектирање да се користат сите подлоги од коишто се добиваат потребните информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребните влезни сообраќајни параметри, геотехничките услови, снабдување со материјали, постоечката техничка документација, законската и техничката регултива и др. Како основи на проектирање да се користи и погоре споменатиот Проект за инфраструктура изработен од Балкан Консалтинг во 2011 год. Меѓутоа, со оглед на тоа што оваа проектна програма се однесува на изработка на Експресен пат Ђ пат за моторен сообраќај со напречен профил од по една сообраќајна лента за секоја насоки за континуирано движење и со по една лента за принудно застанување на возилата по потреба, подолу се даваат основни смерници за изработка на Проектот за инфраструктура и за Основен проект на делницата од Штип до Радовиш поделен по делови. Проектната документација за секој дел треба да биде изготвена и да претставува посебна и комплетна целина.

Во состав на оваа проектната документација Проект за инфраструктура да се изработат варијантни решенија: (прво) користење на еден дел од веќе изработениот Проект за инфраструктура (како автопатско решение), но прилагоден на профил на Експресен пат и (второ) реконструкција и рехабилитација на постојниот магистрален пат (стара ознака М6) кој треба да прерасне во профил на Експресен пат од Софилари до Радовиш.

Првата варијанта би се состоела од два дела како следи:

Дел 1 Софилари Ђ Дамјан - Бучим. Почетокот на трасата да биде по преминувањето на трасата на автопатското решение преку планираната акумулација вЈагмурларг на стационажа по проектот околу км 3, односно меѓу

издвојувањето за н.м Софилари и н.м Долани. Поточно од ова место ќе се користи трасата на автопатското решение за траса на идниот Експресен пат, а постојниот магистрален пат (М6) ќе се користи за пат за мешовит сообраќај се до околу км 20.

Крајот на овој **Дел 1** би бил на приклучувањето на реконструираниот магистрален пат (реконструиран пред десетина години и повеќе Ђ почнувајќи од околу Дамјан до Радовиш) кој сега се користи за исклучително моторен сообраќај (за ориентација стационажа по Проектот за инфраструктура од 2011 год до околу км 20). Всушност од ова место па понатаму експресниот пат, респектирајќи ги постоечките и потребните проектни геометриски елементи да се приклучи на постојниот магистрален пат М6, но така да тој прерасне во експресен пат се до денивелираниот патен јазол вРадовишг.

Како паралелен пат за мешовит сообраќај на овој дел да се користи сегашниот магистрален пат кој на ова место ќе се приклучи на патот за мешовит сообраќај кој оди до Радовиш.

Точното место на приклучување на експресниот пат кон реконструираниот магистрален би го одредил проектантот.

За **Дел 1** Проектантот на траса на Експресниот пат може да ја користи скоро во целост трасата на автопатското решение проектирана во Проектот за инфраструктура 2011год. По потреба Проектантот може да изврши и одредени измени во проектантското решение по негово увидување, но во согласност и со Инвеститирот. На почетокот да се обрне внимание на вклопување на постојниот магистрален пат со трасата на автопатското решение кое ќе се користи како траса на идниот Експресен пат.

По потреба да предвиди и дополнителни денивелирани патни јазли (нпр. кај км 3 на пресекот на Експерсниот пат со патот за мешовит сообраќај).

Дел 2 Дамјан Ђ Бучим - Радовиш. Делот 2 продолжува така што сега трасата на експресниот пат од Дел 1 треба да се приклучи на постојниот магистрален пат кој е реконструиран пред неколку години за брзина од 80км/час до обиколката околу Радовиш (се проценува дека должината на постојниот магистрален пат е околу 9 км). Поточно како што е погоре споменато на овој дел сегашниот постоен магистрален пат треба да прерасне во експресен пат со тоа што треба да се рехабилитира коловозната конструкција и да се реконструира патот со соодветни геометриско конструктивни елементи кои одговараат за брзина за експресен пат. Доколку постојниот магистрален пат не одговара на бараните елементи Проектантот треба да изврши одредни корекции, односно одредена девијација, но се во согласност со бараната предходната брзина (В=110км/час). Крајот на Експресниот пат ќе биде на спојот со денивелираниот патен јазол (клучка) вРадовишг кој по потреба треба да се реконструира да одговара на профилот за Експресен пат.

Постојниот магистрален пат од Дел 1 продоложува во патот за мешовит сообраќај до Радовиш и понатаму од Радовиш се приклучува на сегашниот постоен пат за мешовит сообраќај кој во иднина ќе се користи како паралелен пат на експресниот пат. Доколку на одредни места патот за мешовит сообраќај не одговара со елементи за регионален пат ќе треба да се реконструира за соодветна брзина (В=40) или пак ако се зафаќа со планумот на експресниот пат да се изврши девијација со соодветна брзина (В=40км/час, Рмин=40м, Амин=30м, ширина на сообраќјна лента 2х2.75, рабна лента 2х0.30м и др.).

Дел 3 Штипска клучка - Софилари

На делницата од магистралниот пат од Штипска клучка до одвојувањето за Софилари со теренскиот увид констатирано е големо оштетување по целата должина на предметната делница. Имено, констатирани се интензивни мрежни пукнатини (подолжни и напречни пукнатини) и локални колотрази. Од тие причини потребно е да се изврши рехабилитација на горниот строј на патот со подобрување на геометриските елементи.

Подобрување на геометриските елементи би било само на делот пред одвојувањето за Софилари каде се констатира дека геометриските елементи се за брзина од 60км/час (во должина од околу 2км). Вкупната должина само за рехабилитација од Штипска клучка до Софилари се проценува околу 6.5 км (без 2км подобрување на геометриските елементи).

При проектирање да се води сметка меѓу секој патен премин, посебно од страната на експресниот пат, да се обезбеди пристап до обработливите земјоделски површини така што ќе се остави ширина од околу **3м** која ќе влезе во екпропријациониот појас.

И.3. ПРОЕКТНИ И ПРОГРАМСКИ УСЛОВИ

Режимот на сообраќајните токови ќе биде со непрекинат сообраќаен ток, нивото на вкрстосување денивелирано и обезбедување паралелни патишта за локален и мешовит сообраќај.

Почетокот и крајот на трасата на експресниот патот се начелно дефинирани со изработениот Проект за Инфраструктура како автопатско решение, а попрецизно ќе бидат дефинирани со изработка на Проект за Инфраструктура по оваа проектна програма.

Според теренските карактеристики дадени во Проектот за инфраструктура за автопатско решение изработено во 2011 год. усвоена е следната предходна брзина:

- од Штип до Лакавица рамничарско ритчест терен со предходна брзина од 120км/час
- од Лакавица до Дамјан како брегович терен со предходна брзина од 100км/час и
- од Дамјан до Радовиш како рамничарско ритчест терен со предходна брзина од 120км/час

И.3.1 За Експресниот пат се усвојуваат следните брзини:

1. На **делот 1** (Прва варијанта) за рамничарско ритчест терен каде ќе се користи трасата на автопатското решение предходната брзина останува 120км/час, но во проектот за сообраќајно техничка опрема треба да се ограничи на 110км/час. Геометриско конструктивните елементи во хоризонталното и

вертикалното решение остануваат за брзина од 120км/час, додека за напречниот профил подолу се даваат проектните елементи. За брегович терен предходната брзина наместо 100км/час (во проектот за автопатско решение) сега да се усвои 110км/час.

2.На **делот 2** (Прва варијанта) каде треба да се изврши реконструкција и рехабилитација на геометриските елементи на постојниот магистрален патот во план и профил за да прерасне во експресен пат предходната брзина треба да биде 110км/час. При реконструкција пред се треба до максимум и што порационално да се искористи планумот, трупот на постојниот пат, објектите и патното земјиште.

- **За предходна брзина В= 110 км/час и за В= 100 км/час**

Сообраќајна лента	2х 3.50м
Рабна лента до лента за застанување	2х0.20м
Лента за принудно застанување на возилата по потреба	2х 2,00м
Коловозен профил	11.40 м
Банкина	1х 1.50м
Ригола	1х 0.75м
Берма до ригола	1.00м
Планум во насип	14.40м
Планум во ископ	14.90м
Рабна лента	0.30м
Максимален надолжен наклон	4.5%
Максимален напречен наклон	7%

Минимален радиус на хоризонталните кривини Рмин =450м **за В= 100 км/час**

Минимален параметар на преодните кривини Амин =180м за **В= 100 км/час**

Минимален радиус на хоризонталните кривини Рмин =550м **за В= 110 км/час**

Минимален параметар на преодните кривини Амин =210м за **В= 110 км/час**

Минимален радиус на хоризонталните кривини Рмин =700м **за В= 120 км/час**

Минимален параметар на преодните кривини Амин=250м за **В= 120 км/час**

Лента за приклучување и исклучување кај денивелираните патни јазли да се усвојат со ширина од 3.50м со рабна лента од 0.30м.

Потребно е да се дефинираат габаритите и слободните профили и положбата на опремата во посебни услови на трасата (на мост, под објект итн.)

Останатите геометриско конструктивни елементи според Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ВОВЕД

Овој проект е дел од инвестиционо проектната документација за изработка на техничка документација за изградба на нов, реконструкција и рехабилитација на државен пат А4, делница Штип-Радовиш.
Во продолжение во оваа документација на ниво на проект за инфраструктура ќе биде разработена делницата од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ (од км -3+213.51 до км 5+066.40) во должина од околу 8.28 км.

Цел и Предмет на оваа планско - проектна документација е дефинирање на планските, програмските и проектните услови и параметри за изработка на техничка документација на ниво на Основен проект за изградба на нов, реконструкција и рехабилитација на државен пат А4, делница Штип-Радовиш, **Дел:** од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ (од км -3+213.51 до км 5+066.40). Со изградбата на новиот и реконструкцијата и рехабилитацијата на постојниот патен правец ќе се регулира брзината, протокот на возила како и комодитетот на комуникацијата во овој регион.

Инвеститор на проектот е Јавно претпријатие за државни патишта на РМ.

МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ А4, ДЕЛНИЦА ШТИП-РАДОВИШ, ДЕЛ: од ДПЈ Три Чешми до ДПЈ Штип Југ (од км -3+213.51 до км 5+066.40), се услови за планирање на просторот односно извод од Просторен план, бидејќи се работи за објект кој спаѓа во објекти од ПРВА КАТЕГОРИЈА според Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09, бр. 124/10 бр.18/11, бр. 36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.39/12, бр.144/13, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14, бр.115/14, 149/14, 187/14).

Исто така составен дел на овој проект е **и Елаборатот за заштита на животната средина**, која е припремена во тек на месец Октомври 2014 година и ги има поминато сите процедури за добивање одобренија од Министерството за животна средина и просторно планирање. Во рамките на проектот за инфраструктура е прикажана како засебна книга.

Проектот за инфраструктура се изработува за инфраструктурата: подземни и надземни инсталации и градби од областа на сообраќајот, електричните инсталации, нафтоводи, водовод и канализација, топлификација, телекомуникации и други инсталации, за која не се формира градежна парцела согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 199/14).
Проектот за инфраструктура ја прикажува трасата на инфраструктурата и претставува основа за изработка на Основен проект за инфраструктурата. При изработката на решението водено е сметка да локациите за новите објекти на трасата за кои се формираат градежни парцели бидат сведени на минимална потреба од експропријација.

ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА се изработува врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:

Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 199/14) и подзаконски акти:

• Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14, 148/14)

• Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр.78/06, 37/14)

Закон за градење (Сл. весник на РМ бр. 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14).

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат на Проектот за инфраструктура ги опфаќа парцелите кои се дадени во оваа книга како список на Индикации кои се добиени од Агенцијата за Катастар, а припаѓаат во општина Штип на следните КО: К.О.ТРИ ЧЕШМИ, К.О.ТРИ ЧЕШМИ вон гр. К.О.КРИВИ ДОЛ, К.О.ШТИП и К.О.ШТИП 1, К.О. ШТИП 5, К.О. ШТИП вон град, К.О. НОВО СЕЛО Ш.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,031,567.16м^2 (103.16 ха), а периметарот на истиот изнесува 48,437 м. Границата на опфат за разработка на Проектот за инфраструктура е приложена во графичките прилози.

Трасата на екпсресниот пат, предмет на овој проект за инфраструктура, во целост се поклопува со постојната траса на оваа делница од државниот пат А4 и започнува веднаш после ДПЈ Три Чешми оди преку ПЈ Штип и завршува кај ДПЈ Штип Југ. На потегот од ПЈ Штип до ДПЈ Штип Југ трасата поминува во целост низ планскиот опфат на ГУП за град Штип.

Теренот по должината на трасата во геоморфолошки смисол во најголем дел се одликува со брегович-ридчест рељеф со варијабилен паден агол.

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

За предметниот плански опфат постои посебна планска документација во вид на ГУП за град Штип кој е со постар датум на донесување. Во проектот даден е изводот од ГУП-от за просторот третиран со овој проект за инфраструктура, но бидејќи планот е од постар датум и не постои во дигитална векторска верзија, од наша страна направена е негова приближна ориентација која е презентирана понатаму во сите графички прилози од проектот за инфраструктура.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТИРАНАТА ТРАСА

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и други карактеристики.

3.1.1. Географски податоци

Предметната локација за државниот пат А4, делница Штип-Радовиш се наоѓа во Источниот и Југоисточниот регион на Р.Македонија, јужно од градот Штип и западно од градот Радовиш, на постоечкиот државен пат А4.

3.1.2. Релјефни услови

Во своето простирање планскиот опфат поминува низ релјефна конфигурација во бреговит-ридчест предел.

3.1.3. Сеизмички карактеристики

Според сеизмолошките истражувања на територијата на општина Радовиш, истата припаѓа на простор кој е подложен на чести земјотреси предизвикани од локални и подалечни епицентрални жаришта. Во периодот до 1976 год. се регистрирани над 77 земјотреси, од кои 6 земјотреси со јачина од 6^0 и повеќе степени. Епицентралните се наоѓаат јужно и југоисточно од Радовиш во рамнината, а едно жариште е регистрирано во горниот тек на Крива Лакавица. Длабочината на жариштата е на 10-20 км.

Према ова, најголем дел од општината е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8^0 по MCS скалата, а масивот на Плачковица од 9° MCS скала. Ова се должи на фактот што низ Општина Радовиш поминува границата на најактивни сеизмогени зони на Балканот, а тоа се вардарската и струмската зона.

Истражуваниот терен според геотектонска реонизација на Р. Македонија претставува дел од Источно-Македонската зона како покрупна геотектонска единица, слика бр.1.



Сл. 1 Карта на сеизмоактивни структури по J. Јанчевски 1987

3.1.4. Природни карактеристики на подрачјето

Поради должината на патот ке бидат дадени податоци од две метеоролошки станици.

Штип

Според досегашните сеизмолошки истражувања, општината припаѓа на терен подложен на чести земјотреси предизвикани од поодалечните епицентрални жаришта.

Според стабилноста предметната локација се наоѓа во претежно стабилен терен, а според сеизмичката реонизација на теренот спрема иженерско геолошките услови на тлото припаѓа во сеизмички многу слабо осетлив до сеизмички слабо осетлив терен.

Климата иа овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Средната годишна температура изнесува 12.9°C со осцилација од 2.4°C. Најтопли месеци во годината се јули и август со просечна месечна вредност од 23.8°C во јули. Најстуден месец е јануари со просечна месечна температура од 1,4°C. Температурното колебање изнесува 22.4°C.
Есента е потопла од пролетта. Просечна есенска температура изнесува 13.7°C, а просечна пролетна температура изнесува 12.4°C.
Просечна годишна сума на врнежи на ниво на општина изнесува 506мм, кои се многу нерамномерно распоредени, како по месеци така и во текот на годината. Максимумот е во месец мај 56.1 мм и октомври 53.6мм, а минимумот во август.
Релативно сушни месеци се јануари, февруари, март, април, јуни, август, септември и декември, а со врнежи се мај, јули, октомври и ноември.
Снегот се јавува од ноември до март. Просечно годишно има 18 дена со снежен покривач и тоа со максимум во јануари од 6.3 дена и најдолготраење од 7 дена во февруари.
Ветровите како важен фактор со најголеми честини се јавуваат од северо-западен и југо-источен правец, Северо-западниот ветер дува со најголема честина од 196‰ средно годишно и брзина од 5.2м/сек. и тоа најчесто од јуни до август, а во зима од јануари до февруари, Југо-источниот ветер е втор по честина, средно годишно 183‰ и средна брзина од 6.7м/сек.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Создадените вредности и чинители го детерминираат просторно-физичкиот развој на планскиот опфат како составен дел на постоечкиот државен пат во неговото окружување. Од нив произлегува развојот на основните функции и урбаната инфраструктура.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

При планирањето на опфатот максимално е обрнато внимание на избегнување на урбаните подрачја на населените места и објектите кои веќе постојат покрај самиот пат кои се тангирани со истиот.
При геодетското снимање кое е извршено по попречни профили на карактеристични места се регистрирани:

- рабовите на постојниот коловоз
- банкини, канавки, ножица на усеците и насипите од постојниот пат
- конфигурација на теренот во контактниот простор
- постојни објекти, огради, ѕидови покрај трасата
-постојни столбови од комуналната инфраструктура електрични и т.к.инсталации, трафостаница, шахти од постојниот цевковод, чешми и сл.
- постојни пропусти и други објекти на трасата.

При инвентаризација на просторот, во границите на проектниот опфат регистрирани се одреден број на изградени објекти со различна намена, тип на конструкција и состојба. Во графичкиот прилог “Инвентаризација на земјиштето, градежниот фонд и комуналната инфраструктура” прикажани и опишани се сите регистрирани објекти во рамките на проектниот опфат.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ

Планскиот опфат кој е предмет на анализа во овој проект има регистрирано недвижни споменици на културата согласно Експертниот елаборат (според Условите за просторно планирање) и тоа:

1. *Тврдина "Исар", Штип, среден век;*
2. *Безистен, Штип, 16-17 век;*
3. *Мост на река Брегалница (Султан Ќучук Емир), Штип, турски период;*
4. *Саат кула, ул."Кирил и Методиј" бр.70, К.П.7989, Штип, турски период;*
5. *Хусамедин - паша џамија, Штип, 17 век;*
6. *Црква Св. Троица, Штип, 1922-25 год.;*
7. *Црква Св.Архангел Главатов, Штип, 14 век;*
8. *Црква Св.Архангел Михаил (Фитија), Штип, 14 век;*
9. *Црква Св.Јован, Штип, 1350 год.;*
10. *Црква Св.Никола, Штип, 1867 год.;*
11. *Црква Св.Спас, Штип, 1369 год.;*
12. *Митрополија, ул.'Тошо Арсов" бр.3, Штип;*
13. *Магаза, ул.'Иво Рибар Лола" бр.54, Штип;*
14. *Црква Св.Троица, градска некропола, Штип.*
15. *Црква Св.Илија, Радовиш, 19 век;*
16. *Тврдина, Радовиш, среден век;*

Согласно дописот од Министерството за култура, Управа за зашита на културното наследство бр. 08-786/2 од 20.03.2014 год., во кое се доставени информации и податоци се констатира дека на трасата или во нејзина непосредна близина лежат неколку археолошки локалитети и тоа:

1. Во атарот на с.Долани;
   - Локалитетот “Дива Топола” идентификуван како населба од доцната антика, лежи помеѓу 10 и 11 км на патот Штип-Радовиш:
   - Локалитетот “Кутлевец”, идентификуван како населба од доцната антика, лежи на 12 км на патот Штип-Радовиш;
   - Локалитетот “Керамидница” идентификуван како населба од доцната антика, лежи на 15 км од патот Штип-Радовиш;
   - Локалитетот “Чука”, идентификуван како населба и некропола од доцната антика, левиот брег на р.Лакавица, на 1 км десно од патот Штип-Радовиш.
2. Во атарот на с,Брест:
   - Локалитетот “Чука”, претставува висок рид на патот Штип-Радовиш, идентификуван како средновековно градиште и
   - Локалитетот “Пилавтепе”, идентификуван како населба од праисторискиот до ранохристијанскиот период, се наоѓа северно од патот и локалитетот Чука;
3. Во атарот на с. Дамјан:
   - Локалитетот “Јасен”, идентификуван како населба од доциот среден век, се наоѓа десно од патот Штип-Радовиш во близина на задружните штали и
   - Локалитетот “Канли Чаир - Бојковци”, идентификуван како населба од неолитскиот период, а се просториа помеѓу патот Штип-Радовиш и десниот брег на р. Тополница.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Водата како незаменлив ресурс е добро од општ интерес од кој зависи сé вкупниот развој на општеството. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство на земјата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење. Одржливиот развој подразбира чување на природното богатство, негово користење во мерка која дозволува негова репродукција и спречува конфликти меѓу сегашните и идните генерации. Во тој контекст во сé вкупниот развој во општеството потребно е усогласување на развојните стратегии и избегнување на конфликти во сите области на живеење.

При изградбата на инфраструктурните објекти (од областа на сообраќајот, телекомуникациските врски и сл.) потребно е да се запазат постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу планираната инфраструктура, постојните и планираните водостопански објекти.

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Изградбата на државниот пат А4, делница Штип - Радовиш које од големо значење за Републиката, треба да се усогласи со сегашната состојба и развојната стратегија во водостопанството. Целта е запазување на постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу државниот пат А4, постојните и планираните водостопански објекти.

Со ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ВОДОСТОПАНСКА ОСНОВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА АКУМУЛАЦИЈА ЈАГМУЛАР НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА (Сл.Весник на Република Македонија бр. 28/16) извршена е корекција на нивото на водата во акумулацијата на максимална кота од 250,0 м, со што е редуцирана и површината на езерското огледало, па истото веќе со својата површина не навлегува во трасата на државниот пат А4.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.
Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 кВ конективни водови со Грција (кон Солун и Аминдео), Косово (Косово-Б) и Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија.
Трасата на државениот пат А4 делница Штип - Радовиш на повеќе места се вкрстува со постојниот:

- 400кВ вод Штип-македонско-бугарска граница
- 110кВ вод Дуброво-Бучим
- 110кВ вод Бучим-Радовиш

заради што на конфликтни места при изработка на проектната и урбанистичка докумантација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 кВ до 400 кВ" (Сл.лист на СФРЈ бр.65/1988 год.).

Планираните преносни 110кВ водови ќе немаат конфликт со трасата на овој државен пат.

Гасовод-нафтовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.
Планирата делница-3 од чвор Исток-Хамзали-Радовиш од гасоводот на неколку места се вкрстува со трасата на државениот пат А4 делница Штип - Радовиш заради што на конфликтни места при изработка на проектната и урбанистичка докумантација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Сообраќај и врски

Основата за планирање и развој на патната мрежа на Република Македонија се базира на одредбите за категоризација на патиштата, на стратешки дефинираните меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој. Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е,-75, Е-850, Е-871.**

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-6** - (БГ - Ново Село - Струмица - Радовиш - Штип - М-5; Крак: Струмица - М-1)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А4** - (Граница со Косово - граничен премин Блаце - крстосница Стенковец - обиколница Скопје - Петровец - Миладиновци - Свети Николе - **Штип - Радовиш** - Струмица - граница со Бугарија - граничен премин Ново Село)

Условите се работат за проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш. Должината на патот изнесува 38,178 км.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантни регионални патни правци за предметната локација Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) се:

- **Р-107** - (Лакавица-врска со М-6-Неготино-Дреново-врска со Р-106)
- **Р-526** - (Врска со М-5-Ново Село-Штип-Кадрифаково-врска со М-5-Крива Круша-врска со М-5-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р-106)
- **Р-602** - (Врска со М-6-Раброво-Дојран-граница со Р. Грција-крак за Вељуса)
- **Р-606** - (Радовиш-врска со М-6-Конче-врска со Р-602)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овие регионални патни правци влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1 и Р2"** и се преименуваат со ознаката:

- **Р1103 (Р-107)** - (Лакавица-врска со А4-Неготино-врска со А1-Кавадарци-Дреново-врска со А1)
- **Р1204 (Р-526)** - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3-Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4)
- **Р2433 (Р-602 и Р-606)** - (Радовиш-врска со А4-Конче-Загорци-Лесковица-врска со Р1103-Селце-Софилари-врска со А4)
- **Р1403** - (Врска со А4-Радовиш-Владиевци-Василево-Струмица-врска со А4)

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.39/14 и бр.42/14).

Примарната ***аеродромска мрежа*** во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје треба да се оспособи за прием и отпрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-ИИ категорија, а новите аеродроми што се

предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки. Планираниот аеродром во Струмица е во близина на с.Босилово.

Телефонска мрежа

АД "Т-Хоме" и останатите оператори за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници. Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии. Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонските централи во Штип и Радовиш.

Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле, ВИП и ОНЕ. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени се со сигнал на мобилна телефонија на трите компании.

Во текот на изнаоѓање на локацијата на опфатот соберени се податоци од сите релевантни и надлежни државни органи, институции, дирекции, агенции на државно и локално ниво.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

За предметниот плански опфат постои посебна планска документација во вид на Генерален Урбанистички План кои се постар датум на донесување. Во проектот даден е изводот од ГУП-от за просторот третиран со овој проект за инфраструктура, но бидејќи планот е од постар датум и не постои во дигитална векторска верзија, од наша страна направена е негова приближна ориентација која е презентирана понатаму во сите графички прилози од проектот за инфраструктура.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Изградбата на новиот како и реконструкцијата и рехабилитацијата на државниот пат А4 делница Штип-Радовиш, дел: од врска со постоен магистрален пат до Радовиш би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија:

- децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој на целата територија,
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- интензивирање на позитивните форми на трансформација и социо-економски развој на селото преку оптималното искористување на ресурсите и зголемена динамика на економскиот развој, во согласност со современите принципи на пазарното стопанство;
- зголемување на нивото на економската и социјалната згриженост, со непосредно влијание врз зголемувањето на мотивираноста на селското население и искажување на траен интерес за опстанок во матичната средина, целосна афирмација на сите аспекти на живеење и стопанисување во руралната средина и создавање на неопходна економска и социјална сигурност;
дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршувањето на активностите шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08, бр.124/10 и бр.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената **селекција**, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително **депонирање на отпадните материи** во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија се до изградба на регионална санитарна депонија во Штипско-кочанската гравитациона зона предвидена согласно Просторниот план на Р.Македонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

8.2.3. Мерки за заштита на воздухот

Во периодот на експлоатација, транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила кои ќе ги опслужува бензинската пумпна станица ќе влијае на зголемување на концентрацијата на честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во околниот воздух. Во Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ, бр.141/10) во Прилог 1 се дефинирани граничните вредности за емисија на одредени видови на загадувачки субстанции, а во Прилог 2, граничните вредности за емисии на одредени производни процеси и инсталации.

Ширината на зоната за санитарна заштита зависи од класата во која спаѓа објектот што го загадува воздухот. Согласно Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање на зони за санитарна заштита, бензинските станици се вбројуваат во В класа, заради што е потребно ширината на зоната да се движи од 100-200 м. Ширината на зоната за санитарна заштита се мери во права линија од изворот на загадувањето. Во зависност од ружата на ветрови, географско-климатските, топографските и метеоролошките услови, ширината на зоната за санитарна заштита спрема одделни страни може да биде поголема или помала од горенаведената.

8.2.4. Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Од аспект на заштита на водите се пропорачува предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води, имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повеќекратно искористување за истата или друга намена и задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99). Урбанистичката планска документација предвидува прифаќање на отпадните води и одведување кон пречистителна станица.

Превентивната заштита на водите при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите треба да се постават согласно техничките нормативи и стандарди, во насока на обезбедување на нивна долготрајна сигурност и безбедност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со постојните стандарди и нормативи.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните Архитектонско –Урбанистички, односно Идејни проекти за секој поединечен субјект во предметното подрачје, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

8.2.5. Мерки за заштита од бучава во животната средина

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Државната урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М 6, м.в. "Лакавица и Остреш", КО Драгоево, Општина Штип, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во постојната депонија;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура;

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

8.3.1. Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

8.3.1.1. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При изработката на Државната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр.67/04 и 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу оградбите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- сообраќајниците се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 7,0м и радиуси од 15м)
- во градот Штип има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности и претставува соодветна ПП заштита
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар
- во просторот предмет на Државната урбанистичка планска документација има предвидено надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улиците е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

8.3.1.2. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот.

Во Државната урбанистичка планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8^0 по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот план. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

8.3.1.3. Мерки за заштита од свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, можно е настанување на свлекување на земјиштето, поради што потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

8.3.1.4. Мерки за заштита од поплави

Во близина на планскиот опфат нема водотеци кои би предизвикале поплави на ова подрачје.

8.3.1.5. Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

8.3.1.6. Мерки за заштита од воени разурнувања

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона загрозена со висок загрозени простори од воени дејствија, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита; односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

Просторот има намена, комунална супраструктура и од тој аспект, како посебна цел можен е воен удар врз истиот. Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини, бидејќи истите се со големи ширини, а при изработка на архитектонско-урбанистичкиот проект потребно е да се води сметка за меѓусебното растојание на градбите, согласно висините, да нема тесни грла на сообраќајниците и да нема зони на тотални урнатини.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и градбите и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за секоја градба.

8.3.1.7. Мерки за заштита од технолошки катастрофи

Нема можности за технолошкте катастрофи, со оглед на намената на просторот. Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

10. УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Со Условите за градење се утврдува плански опфат со една градежна парцела и земјиште за општа употреба.

Со Условите за градење е утврден делот од градежната парцелата во која се предвидува градење на повеќе градби, поради што градежната парцела треба да се разработи со архитектонско-урбанистички проект, кој ќе содржи и идејни решенија на градбите и идејни решенија на градбите од инфрастуктура, согласно член 51, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Сл. Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), врз основа на што ќе се изработат основните проекти за градење на градбите и градбите од инфраструктурата.

Инфраструктурните водови се прикажани за примарната инфраструктурна мрежа, како плански решенија.

10.1. Општи услови за градење

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11 и 98/11) како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Државната урбанистичка планска документација, односно за изготвување на извод од Државната урбанистичка планска документација.

За сите содржини - градби во планскиот опфат, да се изработи Архитектонско - Урбанистички проект со Идејни решенија на градбите и градбите од инфрастуктурата, согласно важечките законски регулативи.

Плански опфат

1.

Планскиот опфат опфаќа територија од 5,09 ха.

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11 и 98/11). Границата на планскиот опфат е дефинирана према логични разделници, дефинирани со член 7 од Правилникот. Во графичките прилози границата на планскиот

опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви прикажани табеларно.
Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 23, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

Површина 50940.2545m²
Периметар (Обиколка) 1466.5567m'

Р.б.	X	Y	
1.	598117.1416	616557.0394	
2.	598299.5900	616378.8311	
3.	598300.3048	616378.1318	
4.	598313.2856	616365.4046	најисточна
5.	598312.9356	616365.0535	
6.	598310.3292	616362.3938	најјужна
7.	598289.4253	616380.3865	
8.	598268.5095	616398.3892	
9.	598259.9294	616406.7698	
10.	598200.5489	616464.7695	
11.	597980.3896	616416.4656	
12.	597859.7600	616606.0715	најзападна
13.	597965.5782	616695.0710	
14.	597929.2694	616730.4085	
15.	597923.1891	616736.3261	
16.	597918.9576	616740.4444	
17.	597909.9529	616750.3027	
18.	597881.8052	616781.1183	
19.	597884.8746	616784.3196	најсеверна
20.	597906.3949	616763.6860	
21.	597907.1131	616762.9901	
22.	598050.2795	616622.7892	
23.	598050.9933	616622.0888	

Регулациска линија

2.
Регулациска линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулациската линија кон магистралниот пат М6 се поклопува со линијата на градежната парцела.

Граница на градежна парцела

3.
Граница на градежна парцела како планска одредба во Државната урбанистичка планска документација е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Во случајов станува збор за една градежна парцела.
Во планскиот опфат на Државната урбанистичка планска документација границата на градежната парцела кон магистралниот пат М6 се поклопува со регулациската линија.

Градежна парцела

4.
Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење. Планскиот опфат е составен од една градежна парцела со површина од 43940,39м^2.

Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

5.
Со Државната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11 и 98/11) и Член 3 од Правилникот за технички елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот (Сл. Весник на РМ бр. 110/09, 163/09, 26/10, 163/10 и 94/11)

Инфрастрктура - група на класа на намена Е;
- комунална супраструктура - класа на намена Е2
  - бензинска пумпна станица и услужен центар

- бензинска пумпна станица – објект за точење на гориво со бифе, продавници
- услужен центар – паркиралишта, одморалишта, снабдувачки објекти и содржини, мотели, простор за кампување, автосервис, сервис за миење на коли и друго, односно комплетно ниво на комунална опременост, односно се што е во врска со потребите на возилата и возачите

Зеленило - група на класа на намена Д;
- заштитно зеленило - класа на намена Д2

Градежна линија

6.
Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која градбата или градбите можат да се градат. Во случајот, градежната линија е повлечена на 10,0 од линијата на градежната парцела и од регулационата линија, односно градежната линија е повлечена на 20м од крајниот раб на патот и таа линија покажува од каде можат да се градат градбите кои припаѓаат на бензинската пумпна станица.

Помошна градежна линија

7.
Во планскиот опфат е користена помошна градежна линија за дефинирање на површината за градење на градбите кои се дел од услужниот центар. Помошната градежна линија е дефинирана на 10,0м од регулационата линија, а на 40м, од крајниот раб на патот и таа линија покажува од каде можат да се градат градбите кои припаѓаат на услужниот центар.

Површини за градење

8.
На градежна парцела е утврден делот од градежната парцелата во која се предвидува градење на повеќе градби, поради што градежната парцела треба да се разработи со

архитектонско-урбанистички проект. Во нумерички показатели е дадена и максималната површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење.

Височина на градење

9.
Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената. За градбите на бензинската пумпа висината е ограничена до 5,00м, а за градбите на услужниот центар висината е ограничена до 12,00м .
За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.
Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат, кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи, оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и техничко-технолошки инсталации, како и декоративни елементи со кои не се формира корисен простор над кота на горен венец, односно над дозволената силуета на покривот.
Висината на приземна плоча (нулта плоча во однос на котата на тротоарот) и исто така условено од намента на градбата и ќе се утврди со архитектонско урбанистички проект, но нема да биде повисока од 1,20м.
Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба .
Катноста на градбата на бензинската пумпна станица изнесува П, а на услужниот центар катноста е П+2+Пк.

Процент на изграденост

10.
Со процентот е дадено колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во планскиот опфат процентот се движи до 40,96%, во однос на градежната парцела.

Коефициент на искористеност

11.
Коефициентот на искористеност го покажува интезитетот на изграденост . Истиот во планскиот опфат се движи до 0,60 во однос на градежната парцела.

Паркирање

12.
За потребите на корисниците, паркинг простор за лесни моторни возила, товарни возила и друг тип на возила, ќе се предвиди во рамки на градежната парцела и истиот ќе се дефинира со Архитектионско урбанистичкиот проект, а големината и бројот на паркинг местата да биде исклучиво согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр: 142/10, 64/11 и 98/11),Член 59 и 61.

Услови за движење на инвалидизирани лица
13.
За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 142/10, 64/11 и 98/11).

Зеленило

14.
Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент, кои се карактеристични за локалитетот со идеен, а потоа и основен проект за хортикултура.

Мерки за заштита

15.
Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата при изготвување на архитектонско-урбанистичкиот проект, како и при изготвувањето на основните проекти за градбите и основните проекти на инфраструктура, како и при самата градба, согласно Законот за животна средина (Сл. весник на Р.М. бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11)
За Државната урбанистичка документација за бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат М6, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, КО Драгоево, општина Штип потребата од спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијание врз животната средина е задолжителна, согласно добиеното писмо од МЖСПП со број: 08-9532/2.

16.
Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изготвување на архитектонско-урбанистичкиот проект, како и при изготвувањето на основните проекти за градбите и основните проекти на инфраструктура, како и при самата градба, согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01, 05/03, 58/06, 110/08 и 51/11), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.в.на РМ бр.67/04 и 81/07), Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05 и бр.53/11), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 8^0 по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.
Со оглед на можноста од свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

17.
При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

18.
Доколку при реализацијата на планската документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07 и 18/11).
При отпочнување на земјаните работи да биде обезбеден континуиран надзор од страна на стручно лице-археолог од надлежната установа за заштита, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј на Штип.

Доколку бидат констатирани археолошки содржини да се овозможи спроведување на сите потребни мерки.
Инвеститорот е должен да обезбеди финански средства ќе ги покријат сите потребни мерки за заштита.

19.
Обврзно да се почитува Законот за води ("Сл. Весник" на РМ бр: 4/98, 87/08, 06/09, 161/09, 83/10 и 51/11).

20.
За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата

21.
Површините за градење се во корелација со градежните линии и ќе се утврдат со Архитектонско – урбанистичкиот проект и идејните решенија за секоја градба, посебно и во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) на земјиштето и Проценти на изграденост (П) на земјиштето, согласно овие Услови за градење.

22.
При изработка на идејните решенија и основните проекти на градбите, како и градбите на комуналната инфраструктурата и комуналната инфраструктурна мрежа, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина.

23.
Други елементи, кои се прилог на Архитектонско-урбанистичкиот проект, се оние кои ги дефинираат трасите на примарните инфраструктурни водови. Водењето на трасите да се изврши врз основа на прилозите за инфраструктура.

24.
При изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.в. на РМ бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11 и 98/11), како и други закони и подзаконски акти.

10.2. Посебни услови за градење

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела.

25.

Посебните услови за градење се основа за изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект со идејните решенија на градбите и градбите на инфраструктурата, врз основа на што ќе се изработат основните проекти за градбите и инфраструктурата.

Планските одредби се однесуваат на една градежна парцела во рамките на планскиот опфат и тоа:

Градежна парцела	**1.1**
Група на класа на намена	Е - инфраструктура
Основна класа на намена	Е2- комунална супраструктура
Поединечна намена	Бензиска пумпна станица и услужен центар - бензинска пумпна станица – објект за точење на гориво со бифе, продавници - услужен центар – паркиралишта, одморалишта, снабдувачки објекти и содржини, мотели, простор за кампување, автосервис, сервис за миење на коли и друго, односно комплетно ниво на комунална опременост, односно се што е во врска со потребите на возилата и возачите
Компатибни класи на намена со основната класа на намена	Не се утврдува
Површина на градежна парцела	43.940,39м^2
Утврден простор за градење на повеќе градби во рамките на градежната парцела	35.409,38м^2
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	500,00м^2
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	17.500,00м^2
Вкупна максимална површина за изградба на повеќе градби	18.000,00м^2
Вкупно изградена површина на сите спртатови во просторот меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	500,00м
Вкупно изградена површина на сите спртатови во просторот после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	26.000,00м
Вкупно изградена површина на сите спртатови	26.500,00м^2
Број на спратови во утврдениот простор за градење меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија-утврден простор за градење на бензинска пумпна станица	П
Број на спратови во утврдениот простор за градење после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот-утврден простор за градење на услужен центар	П+2+Пк
Максимална височина на градбите до венец меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	мах. 5,0м
Максимална височина на градбите до венец	12,00м

после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	
Процент на изграденост во однос на градежната парцела	40,96,%
Коефициент на иискористеност во однос на градежната парцела	0,60
Паркирање	Во состав на ГП

- Градежната парцела да се разработи со Архитектонско-урбанистички проект согласно член 51 од Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11.
- Се дозволува изградба на повеќе градби во утврдениот простор
- Паркирање: Внатре во градежна парцела, а бројот на потребните паркинг места да биде во согласност со Правилниот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.в. На РМ бр. 142/10, 64/11 и 98/11, Член 59 и 61
- За градби за кои ќе се примени кос кров, како завршеток, максималниот нагиб на кровот не треба да поминува 35^0.
- Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намента на градбата и истата ќе се утврди со Архитектонско-урбанистичкиот проекти, но не повеќе од 1,20м.
- Се дозволува градење под земја во граници на површината на градење со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба

26.
При изработка на идејните решенија и основните проекти на градбите на бензинската пумпна станица и услужен центар, како и градбите на инфраструктурата обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина, прописите за заштита и спасување и други прписи засегнати со намената.

10.2.1. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајната инфраструктура

27.
При изработка на архитектонско-урбанистчкиот проект треба да се води сметка секоја градба сообраќајно да биде поврзана со секундарна улична мрежа во ниво. Се препорачува нивелетата на внатрешната улица да паѓа кон улицата која ја формира градежната парцела, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

28.
Се утврдува сите паркиралишта да се изведат од монтажно-демонтажни бетонски профилирани елементи (можност за интервенција во инфраструктурата). Алтернативно, се дозволува да се употребат и покривни плочи од камен или други материјали, високоестетски обликувани, како завршна обработка на паркиралиштата и соодветни рабници, во рамките на градежната парцела.

29.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на уличната мрежа и стационарен сообраќај.

30.
При понатамошна разработка на планот потребно е да се запази секторската брзина и да се запази попречното и подолжното одводнување на патот.

10.2.2. Посебни услови за градба од доменот на водоснабдување и одведување на отпадните води

31.
Потребните количини на вода ќе бидат обезбедени од бунари. Изградбата на бунарите ќе се изврши врз основа на хидрогеолошки истражни работи со кои ќе се утврди капацитетот и квалитетот на подземните води.
Потребните количини на вода ќе се де финираат со изработката на архитектонско - урбанистичкиот проект.

32.
Секоја градба или комплекс од градби, за кој има потреба од водоснабдување, да се поврзе со примарната водово дна мре жа во прик лучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

33.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на водоводната инсталација (мрежа).

34.
Секоја градба, или градби, за кој има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со примарната канализациска мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.
Фекалните отпадни води пред да се испуштат во реципиентот Крива Лакавица и ќе бидат подложени на третман во пречистителна станица, чија местоположба и капацитет ќе се дефинира со архитектонско - урбанистички проект.
Квалитетот на отпадната вода, веќе пречистена, пред да се испушти во реципиентот, мора да биде во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" (сл. весник на РМ 18/99) .

35.
Секоја градба да се поврзе со инфраструктурната канализациска мрежа за одведување на атмосферските води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.
Пред да се испуштат во реципиентот ќе бидат третирани во маслофаќач.

36.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на канализациските инсталации (мрежи).

10.2.3. Посебни услови за градба од доменот на електроснабдувањето, јавното осветлување и електронските комуникации

37.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на електричната дистрибутивна мрежа и соодветно градбите (трафостаница).

38.
Секоја градба, да се поврзе со електричната мрежа, односно дистрибутивните трафостаници на начин утврден со Архитектонско-урбанистички проект и идејни проекти за истата.

39.
Избор на локација за дистрибутивните трафостаници треба да обезбеди услови за лесна пристапност и мала атрактивност.

40.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на електро-комуникациската мрежа.

41.
Објектите да се приклучат во електронско-комуникациската мрежа на начин утврден со посебен Архитектонско-урбанистички проект и идејни проекти за истата.

42.
При изборот на канделабрите за јавно осветлување да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата, која се очекува да се примени за бензинската станица.

43.
Врз основа на изработен Архитектонско-урбанистички проект да се изработат основни проекти на јавното осветлување.

11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

11.1. Нумерички показатели

Плански опфат	**5,09ха**
Градежна парцела	**1.1**
Група на класа на намена	Е - инфраструктура
Основна класа на намена	Е2- комунална супраструктура
Поединечна намена	Бензиска пумпна станица и услужен центар - бензинска пумпна станица – објект за точење на гориво со бифе, продавници - услужен центар – паркиралишта, одморалишта, снабдувачки објекти и содржини, мотели, простор за кампување, автосервис, сервис за миење на коли и друго, односно комплетно ниво на комунална опременост, односно се што е во врска со потребите на возилата и возачите
Компатибни класи на намена со основната класа на намена	Не се утврдува
Површина на градежна парцела	43.940,39м^2
Утврден простор за градење на повеќе градби во рамките на градежната парцела	35.409,38м^2
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	500,00м^2
Максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	17.500,00м^2
Вкупна максимална површина за изградба на повеќе градби	18.000,00м^2
Вкупно изградена површина на сите спртатови	500,00м

во просторот меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	
Вкупно изградена површина на сите спртатови во просторот после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	26.000,00м
Вкупно изградена површина на сите спртатови	26.500,00м^2
Број на спратови во утврдениот простор за градење меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија-утврден простор за градење на бензинска пумпна станица	П
Број на спратови во утврдениот простор за градење после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот-утврден простор за градење на услужен центар	П+2+Пк
Максимална височина на градбите до венец меѓу регулацискатa линија и помошната градежна линија	мах. 5,0м
Максимална височина на градбите до венец после помошната градежна линија, односно надвор од заштитниот појас на патот	12,00м
Процент на изграденост во однос на градежната парцела	40,96,%
Коефициент на иискористеност во однос на градежната парцела	0,60
Паркирање	Во состав на ГП

Нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура

Должината на магистралниот пат М6 опфатена во оваа Државна урбанистичка планска документација изнесува 1095,65м'.

Нумерички показатели за водоснабдување и одведување отпадни води

Водоснабдителна мрежа

- Изградба на бунар(и) за водоснабдување. Примарните водоснабдителни мрежи за санитарна и техничка вода ќе се дефинираат врз основа на архитектонско урбанистички проект

Фекална канализациска мрежа

- Изградба на една пречистителна станица за отпадни води. Примарната канализациска мрежа ќе се дефинира врзоснова на архитектонско урбанистички проект

Атмосферска канализациска мрежа

- Примарната атмосферска канализациска мрежа ќе се дефинира врз основа на архитектонско урбанистички проект

Нумерички показатели за електроенергетска инфраструктурата

Надземни инфраструктурни водови:

- Приклучен дистрибутивен електровод
- Изместување на постоен далновод во должина од 610м

Нумерички показатели за телекомуникациска инфраструктура

Подземни инфраструктурни водови:

- Приклучен телефонски вод
- Иместување на постојни телефонски кабли во должина од 475м.

Нумерички показатели за јавно осветлување

Надземни инфраструктурни објекти:

- 9 Светилки за јавно осветлување.

* * *

Општина Радовиш

ОПШТИНА РАДОВИШ
бул.„Александар Македонски бр.7
2420 Радовиш
Тел.: 032/635-007
Факс: 032/630-290
www.radovis.gov.mk

Сектор за урбанизам и животна средина,
комунални работи и локален економски развој

Бр. 26-713/2

Датум: 25.04.2014 год.

ДО
„Простор“ доо
ул.„Моша Пијаде“, бр.2
1300 Куманово

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

До Секторот за урбанизам и животна средина, комунални работи и локален економски развој при општина Радовиш, имате доставено барање со бр.26-713/1 од 07.04.2014 год. (Ваш бр.09-272/1 од 03.04.2011 год.) во врска со изготвување на Проект за инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборат за државен пат А4, делница Штип - Радовиш со почеток кај н.м. Три Чешми а крај кај н.м. Просениково во Струмица.

При постапување по Вашето барање извршено е разгледување на доставената прегледна карта. Констатирано е дека поставеноста на трасата на државниот пат А4 поминува во или во непосредна близина на урбан опфат во општина Радовиш.

Во прилог на овој допис во електронска (дигитализирани и архивски оригинали) Ви доставуваме постоечката планска документација.

ПРИЛОГ: (x1 примерок оптички медиум CD)
- ГУП за стопански комплекс;
- УПВНМ индустриска зона Радовиш техн.бр.2245;
- ЛУПД за КП бр.378, 377, 379/1, 379/2 и 380 во КО Дамјан.

Со почит за разбирање и понатамошна соработка,

Советник за апликации
и проектна документација

м-р Игор Петков, дипл.град.инж.

Раководител на сектор за урбанизам и
животна средина, комунални работи и
локален економски развој
Александар Иванов, дипл.инж.арх.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА „УПРАВЕН ОРГАН“ ОПШТИНА РАДОВИШ

ЕВН Македонија АД, Скопје
КЕЦ Штип
Бр. 03-649/3
15.04 2014 год.

EVN macedonia

До
„ПРОСТОР" доо
Друштво за планирање, проектирање
и инженеринг
1300 КУМАНОВО
ул.„Моша Пијаде" бр.2

Одговорно лице Дипл.ел.Инж.Љупчо Арсов
Тел. 02 320 5000 л.42910, 071 32 18 19
Дата 15.4.2014

Предмет: Достава на потврда за постоечки ЕЕО

Почитувани,
По извршената Ваша уплата по авансна фактура бр.9900007005-1 од 26.03.2014 по барање на податоци и информација Ваш арх.бр.: 09-185/2 од 05.03.14 (наш арх.бр. 10-2055/1 од 06.03.2014) за постоечки и новопредвидени електроенергетски инсталации во опфатот по трасата на патот Штип-Радовиш, Општина Штип Ви ја доставуваме потврдата за постоечки и ново планирани електроенергетски објекти во сопственост на ЕВН Македонија АД Скопје КЕЦ Штип и фактурата во прилог на ова писмо.

Со почит,

ЕВН Македонија АД, Скопје
Оддел
Раководител на КЕЦ Штип
М-р Марков Стојан Дипл.ел.Инж.

Прилог: Фактура
скицаи

Број 9/14

Датум 14.04.2014

ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Штип

Одговорно лице од КЕЦ Љупчо Арсов, л.42910, моб. 072 932 910

(име и презиме, телефон)

ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со скратен назив ЕВН Македонија АД, Скопје, врз основа на член 174 ст.2 од Законот за општа управна постапка по барање на „ПРОСТОР" Друштво за планирање, проектирање и инженеринг - Куманово

(име и презиме на странката, за правни лица назив)

издава

Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти

Се потврдува дека постојат среднонапонски и низконапонски надземни водови кои се вкрстуваат со трасата на патот Штип-Радовиш и тоа:

- Среднонапонски надземни водови
- Напојна ТС 35/10кВ Индустриска
  - 10кВ извод с.Запад (подлога бр.1)
  - 10кВ извод с.Југ (подлога бр.2 и 3
    - отклон кон ТС Бетон сепарација- ТС Плуждино
- Напојна ТС 35/10кВ Лакавица
  - 10кВ извод Индустриска
    - отклон кон ТС Имако вино (подлога бр.4)
  - 10кВ извод Асфалтна база
  - премин преку пат (подлога бр.5)
  - 10кВ извод 20ти километар
    - отклон кон ТС Неметали (подлога бр.6)
    - отклон кон ТС Горачино (подлога бр.7)
    - кон ТС Брест на самата раскрсница Штип-Радовиш-Неготино (подлога бр.8)
- Нисконапонски надземни водови
  - 0.4кВ изводи од ТС 10/0.4кВ Лакацица (подлога бр.6)

(фактите во согласност со податоците од службената евиденција)

Оваа потврда се издава врз основа на Барње на мислење и начелна согласност за патен правец Штип - Радовиќ, а служи за изготвување на инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4, делница Штип - Радовиш со почеток кај н.м.Три чешми а крај кај н.м.Просениково во Струмица со дел.бр. 09-185/2 од 05.03.2014 и истата е со важност од 6 (шест) месеци од денот на издавање.

Податоци за објектот:

Објект: пат Штип - Радовиш Општина: Штип
Населено место: , Улица: , бр.:

Опфатени се следниве инсталации на дистрибутивна мрежа и објекти:

10kV izvod sela Zapad napojna TS Industriska

1:2 500

10kV izvod sela Jug napojna TS Industriska

1:2.500

10kV izvod sela Jug otklon Pluzhdino napojna TS Industriska

1:2 500

10kV izvod Industriska odklon Imako vino napojna TS Lakavica

1:2.500

10kV izvodi TS Lakavica

1:2 500

10kV izvodi TS Lakavica

10kV izvod 20ti km otklon TS Gorachino napojna TS Lakavica

1:2 500

10kV izvod 20ti napojna TS Lakavica

1:2.500

МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје

Т: кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 093
подружница ОЕЕС
+ 389 (0)2 3 149 005
подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 040

Ф: + 389 (0)2 3 111 160

www.mepso.com.mk

Оператор на електропреносен систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 07-1811/1
02 04 2014 год.
СКОПЈЕ

До
,,Простор" доо – Куманово
Ул.Моша Пијаде, бр.2
1300 Куманово

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

во врска со Вашето барање со бр.09-185/7 од 05.03.2014 год. во кое барате да Ви доставиме мислења и начелни согласности за предметниот опфат за наша постоечка инфраструктура која ќе ја земете во предвид при изработка на проектна документација за државниот пат А4, делница Штип – Радовиш, со почеток кај н.м Три чешми а крај кај н.м Просениково во Струмица, Ве известуваме дека во планскиот опфат и прегледната карта кои ни ги испративте во прилог има постоечки 110 и 400 kV далекуводи кои се сопственост на АД МЕПСО.

Во однос на условите и прописите кој треба да бидат земени во предвид при изготвување на проектната документација на места каде има вкрстување или приближување на делекуводите со патот Ве известуваме дека истите се пропишани во ,,*Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 до 400 kV " (Служ. весник бр. 65 од 04.10.1988 год.*), во кој се пропишани потребните сигурносни оддалечености и сигурносни височини на далекуводите во однос на патот како и типовите на изолација и заземјување на столбовите. Доколку има потреба од било какви евентуални технички измени на далекуводите трошоците за истите ке паднат на товар на инвеститорот по однапред одобрена согласност од АД МЕПСО.

Прилог: Плански опфат со вцртана постоечка инфраструктура испратен на *e-mail –(prostor@t-home.mk)*

Со почит, Оддел ДВ, АД МЕПСО – Скопје.

Изработил: Јане Ѓерасимоски

Проверил: Христо Аиновски

Одобрил: Робе Робески

Директор на Подружница ОПМ
Ацо Ристески, дипл.ел.инж

Оператор на електропреносен систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
СКОПЈЕ

Ко:

- Оддел ДВ
- Подружница ОПМ
- Архива

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје
арх. бр: 195 – 58350/3
дата: 26 -03- 2014
ПРОСТОР ДОО
Ул. Моша Пијаде бр.2, 1300 Куманово

Ваше упатување	Барање мислење и начелна согласност
Наше контакт лице	Велинова Гордана
Телефон	+389 32 383 930
Датум	25.03.2014 год.
Во врска со	Известување за подземни тк инсталации за изготвување на проект за инфраструктура

Почитувани,
Во врска со Вашето барање број 09-185/5 од 05.03.2014 година, заведено во архивата на „Македонски Телеком" АД Скопје со архивски број 195 – 33740/1 од 10.02.2014 год., и со доставени податоци во електронска форма по наше барање за изработка на Проект за инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4, делница Штип – Радовиш, со почеток кај Три Чешми, а крај кај н.м Просениково во Струмица, а врз основа на новодоставената траса на патот во електронска форма, Ве информираме за следново:
1. На предметното подрачје има постојни подземни тк инсталации кои се вцтрани на ЦД-то.
2. Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавање.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да преземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: ЦД со вцртани подземни тк инсталации

Со почит,

Служба за развој на OSS
и управување со мрежни ресурси
Прегледал

Соња Трендафилова

Сектор за развој на мрежи
Директор

Лазар Динов

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660
ISO 9001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
(Подрачно одделение Штип)
Бр. 10-46/2
25.03. 2014 год.
ул."Христијан Тодоровски Карпош " бр.бб ,
Тел. (032) 391-381
Факс. (032) 391-381
e-mail: stip@dzs.gov.mk

До Простор доо Куманово;

Предмет: Мислење,доставува;

Врз основ на Вашето барање доставено од 11.03.2014 година,Дирекцијата за Заштита и спасување-Подрачно одделение-Штип Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е
за застапеност на мерките за Заштита и спасување за изготвување проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш

Од извршениот увид на Планската документација за застапеност на мерките за заштита и спасување за изготвување проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш,Општина Штип, констатирано е дека,на поставеноста на трасата немаме објекти или забелешки кои се од делокругот на нашето работење,врз основ на што Дирекцијата за заштита и спасување-подрачно одделение Штип дава позитивно мислење.

изработил
П. Л.

Подрачно одделение за ЗиС-Штип
овластено лице
Перили Лазаров

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Радовиш

Бул. Александар Македонски, б.б.
2420 Радовиш
Тел. (032) 632 267,
076/475 437
Факс. (032) 632 267
e-mail: **radovis@dzs.gov.mk**

Бр: 10-43/2

27.03.2014 год.

До
ДППИ ПРОСТОР
Моша Пијаде, 2
Куманово
П. ФАХ 254

ПРЕДМЕТ: Услови за заштита и спасување, доставува.-

ВРСКА: Ваш акт, бр. 09-239/1 од 21.03.2014 год.

Согласно горецитираниот Ваш акт, Ве известуваме дека имате доставено некомплетна документација, односно само прегледна топографска карта со обележана траса на државниот пат А4 делница Штип-Радовиш, техн.бр.72/13, март 2014, со размер 1:50000, додека **текстуален дел со разработени мерки за заштита и спасување за наведениот план немате доставено**.

Согласно горенаведеното Ве упатуваме како проектантската организација, за почитување на правилата при изработката на секоја урбанистичко-планска документација за ПП, ДУП, ГУП односно за било кој урбан блок на населено место или вон населено место или Проекти за инфраструктура, дека треба да се има во предвид **Проценката на загрозеност на општината од природни непогоди и други несреќи,** врз основа на која можат да се планираат и применуваат мерките за заштита и спасување на тие урбани блокови и истите да се вградат во проектната документација од страна на изработувачот-проектантската организација која врши изработка на локалната урбанистичко-планска документација, во согласност со чл. 3 од Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Службен весник на РМ, бр.105/05).

Согласно горецитираното, ДЗС-ПОЗС-Радовиш Ви ги доставува **мерките** за заштита и спасување, кои задолжително треба да се планираат, разработат и вградат при изработка на текстуалниот дел од урбанистичко планската документација, за конкретниот Проект-инфраструктура и тоа:

Урбанистичко-техничките мерки :

-засолнување
-заштита и спасувањеод поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни материјали
-заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарните мерки :

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Пример:

1. **Заштита и спасување од поплави**

При изработка на Урбанистичко-планската документација да се предвидат, пропишат и вградат мерките за заштита од поплави, согласно чл.67 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08и 124/10, 93/12), Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од поплави ("Службен весник на РМ" бр. 91/10), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

2. **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

При изработка на Урбанистичката планска документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од пожари од чл. 68 до чл.79 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 6/04, 49/04, 86/08и 124/10, 93/12), Законот за пожарникарство ("Службен весник на РМ" бр. 67/04), Уредбата за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари , експлозии и опасни материи ("Службен весник на РМ" бр. 100/10), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област..

3. **Разработката на другите мерки за ЗС кои се карактеристични за конкретната парцела и намена на објектот или инфраструктура.**

Поради горецитираното, ДЗС-ПОЗС-Радовиш констатира дека сеуште не се исполнети барањата за застапеност и и вграденост на мерките за ЗС, во согласно чл. 18, 50, 51, 53, 54 и 61 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08, 124/10, 93/12).

Откако ќе се разработат и вградат горенаведените мерки за заштита и спасување во урбанистичко-планската документација бараме да доставите комплетна документација до Дирекцијата за заштита и спасување - Подрачно одделение за заштита и спасување-Радовиш, согласно горецитираните укажувања, за да добиете **Мислење** за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Советник по мерки за заштита и спасување
Коле Стефанов
Инспектор за заштита и спасување
Ладе Атанасовски

Изработил: К.С.
Одобрил: К.С.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
В.Д. РАКОВОДИТЕЛ
Коле Стефанов

Доставено до:
- насловот
- архива

Бр. 315/1
Датум: 19. 03. .2014

До

ПРОСТОР ДОО - Куманово

Ул. Моша Пијаде бр. 2 - Куманово

Предмет: Одговор на барање за мислење

Во врска со Вашето барање бр.09-185/6 од 05.03.2014год. со кое барате мислење за планирана инфраструктура за **Проект за инфраструктура,Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4,Делница Штип-Радовиш,со почеток кај н.м. Три Чешми а крај кај н.м. Просениково во Струмица**, ЈПМЖ-Инфраструктура Скопје Ви ги дава следните информации:

Според доставената прегледна карта Р=1:50 000 почетокот на предвидениот **државен пат А4,Делница Штип-Радовиш** е јужно на околу 200-300м од постојната железничка пруга Велес-Кочани каде што не постои железничка инфраструктурна мрежа.Исто така долж планираниот **државен пат А4,Делница Штип-Радовиш,со почеток кај н.м. Три Чешми а крај кај н.м. Просениково во Струмица** не постои и не е планирана идна железничка инфраструктура.

Со почит,

Директор

Irfan Asani

Изработил: Ѓ.Пушев дги

Контролирал: М.Тилиќ

Согласен: В.Трајковски

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

До: ДППИ "ПРОСТОР" доо
Ул."Моша Пијаде" 2
1300 Куманово

Рег. бр. 39-22686/1
Скопје 2014 год.
20032014

Предмет: Одговор на барање, доставува –
Врска: Ваш акт број 09-185/11 од 05.03.2014 год.

Министерство за внатрешни работи
Биро за јавна безбедност
Ул.Димче Мирчев бр9 Скопје
Тел. (02) 3142381
Факс: (02) 3142525
www.mvr.gov.mk

Во врска со Вашето барање под горенаведениот број, во кое барате наше мислење со цел отпочнување постапка за изготвување на Проект за инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4, делница: Штип – Радовиш, Ве известуваме дека Секторот за сообраќајни работи при Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи дава позитивно мислење за изработка на горенаведената документација и не располага со податоци и информации кои би требало да се земат во предвид при изработка на истата.

Со почит,

Директор
на Биро за јавна безбедност
м-р Митко Чавков

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство
Бр. 08-786/2
20.03. 2014 год.
Скопје

ПРОСТОР доо
Друштво за планирање, проектирање и инженеринг

ул. „Моша Пијаде“, 2
1300 Куманово

ПРЕДМЕТ: Доставување информации и податоци
ВРСКА: Ваш бр. 09-185/9 од 05.03.2014 година

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерство за култура, го разгледа вашето барање на податоци во врска со постапката за изработка на Проект за инфраструктура, Основен проект и пропратни елаборати за државен пат А4, делница Штип – Радовиш и констатира дека на трасата или во нејзина непосредна близина лежат неколку археолошки локалитети и тоа:

1. Во атарот на с. Долани:
   - Локалитетот „Дива Топола“, идентификуван како населба од доцната антика, лежи помеѓу 10 и 11 км на патот Штип-Радовиш;
   - Локалитетот „Кутлевец“, идентификуван како населба од римскиот период која лежи на 12 км на патот Штип-Радовиш;
   - Локалитетот „Керамидница“, идентификуван како населба од доцната антика, лежи на 15 км од патот Штип-Радовиш и
   - Локалитетот „Чука“, идентификуван како населба и некропола од доцната антика, левиот брег на р. Лакавица, на 1 км десно од патот Штип-Радовиш.
2. Во атарот на с. Брест:
   - Локалитетот „Чука“, претстаува висок рид на патот Штип-Радовиш, идентификуван како средновековно градиште и
   - Локалитетот „Пилавтепе“, идентификуван како населба од праисторискиот до ранохристијанскиот период, се наоѓа северно од патот и локалитетот Чука;
3. Во атарот на с. Дамјан:
   - Локалитетот „Јасен“, идентификуван како населба од доцниот среден век, се наоѓа десно од патот Штип-Радовиш во близина на задружните штали и
   - Локалиетот „Канли Чаир – Бојковци“, идентификуван како населба од неолитскиот период, а се простира помеѓу патот Штип-Радовиш и десниот брег на р. Тополница.

Поради соодветна заштита на археолошките содржини кои би можело да бидат пронајдени при изведување на градежните работи, во планската документација, во поглавјето „Посебни услови за изградба“, потребно е да се вградат следните обврски:

- Пред отпочнување на земјаните работи да биде извршен увид на трасата од страна на стручно лице – археолог од надлежната установа за заштита, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Штип;
- Доколку биде констатирана непосредна загрозеност на локалитетите да се определат мерки за заштита и да се овозможи нивно спроведување;
- Инвеститорот е должен да обезбеди финансиски средства кои ќе ги покријат сите потребни мерки за заштита.

За останатиот дел од планираната траса, на кој не се евидентирани остатоци од материјалната култура на Р. Македонија, во планската документација, да се вгради одредбата според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ“ бр. 20/04 и 115/07).

ДИРЕКТОР,

д-р Виктор Лилчиќ

Изработил: Д. Голубовска

Адреса: „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61; П. фах 220; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. 02/3289-700; факс 02/3289-777
contact@uzkn.gov.mk uzknrm@t-home.mk ordi@uzkn.gov.mk upkulnas@t-home.mk

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр. 0308-507/1
17. 03. 2014 год.
СКОПЈЕ

"ПРОСТОР" доо
ул."Моша Пијаде" бр.2
Куманово

Предмет: Потврда за подземни инсталации

По извршениот преглед на Вашата ситуација со дадена траса за изработка на Проект за инфраструктура, Основен проект И пратечки елаборати за државен пат А4, делница Штип – Радовиш, со почеток кај н.м. Три Чешми, а крај кај н.м. Просениково во Струмица, утврдивме дека на дадениот локалитет нема изведен и проектиран гасовод.

Благодариме на соработката.

Со почит,

Изработил:
Сашко Петрески дипл.геод.инж.

ГАМА А.Д. - Скопје
Сектор за развој, инвестиции,
проектирање, изградба и надзор
Раководител
д-р Владимир Талевски

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје
арх. бр: 19 – 58350/2
дата: 13 -03- 2014
ПРОСТОР ДОО
Ул. Моша Пијаде бр.2, 1300 Куманово

Ваше упатување: Барање мислење и начелна согласност
Наше контакт лице: Велинова Гордана
Телефон: +389 32 383 930
Датум: 10.03.2014 год.
Во врска со: Одговор на барање на мислење и начелна согласност

Почитувани,

Во врска со вашето барање бр.09-185/5 од 05.03.2014 заведено во архивата на „Македонски Телеком" АД Скопје со архивски број 19 - 58350/1 од 07.03.2014 год.,со кое барате мислење и начелна согласност за изготвување на Проект за инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4, делница Штип – Радовиш, со почеток кај н.м Три Чешми, а крај кај н.м Просениково во Струмица, Ве молиме да ни доставите во електронска форма прегледна карта барем во размер 1:25000 како би можеле да Ви издадеме првична информација за подземната тк инфраструктура.

Со почит,

Служба за развој на OSS
и управување со мрежни ресурси
Прегледал

Соња Трендафилова

Сектор за развој на мрежи
Директор

Лазар Динов

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ДО: ПРОСТОР доо,
Друштво за планирање, проектирање и инженеринг-Куманово
ул.Моша Пијаде бр.2, Куманово

Врска: Ваш бр.09-185/13 од 05.03.2014 година
Предмет: Одговор по барање

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 22-2583/2
11.03.2014 год.
Амнита Трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3119 815
E-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Почитувани,
Согласно вашето барање на мислење и начелна согласност за патен правец Штип – Радовиш, Министерството за земјоделство, шумарство и водоастопанство ве известува со следното:
Согласно член 49 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13 и 164/13), доколку при изработка на урбанистичко планска документација, односно проект за инфрастеруктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проект за инфраструктура, пред одобрување на истите, до Министерството поднесува барање и согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште.
Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува:

-предлог на планска програма за изработка на урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно предлог на проект за инфраструктура и

-список на индикации за катастарските парцели со вкупна површина на земјиштето во плансклиот опфат издаден од Агенција за катастар на недвижности, кој го прибавува подносдителот на барањето за одобрување ан планска програма за изработка на урбанистички план и урбанистичко планска документација, односно подноситeлот на барањето за одобрување на проект за инфраструктура.

Согласно горе наведените законски одредби, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство не е во можност да постапи по вашето барање.

Контакт лице МЗШВ: Ката Савека
Е-пошта: kata.saveska@mzsv.gov.mk, моб.070/409-928, тел.(02) 3134 477 локал 123
Со почит,

МИНИСТЕР,
Љупчо Димовски

Изработил: Ката Савеска
Контролирал: Сашко Стојчевски

Одобрил: Раководител на сектор
Ѓорѓе Дишленковиќ

Наш број: 0704-799/2
Скопје: 12. 03. 2014 г.

До
ПРОСТОР доо – Куманов
Ул. „Моша Пијаде".2
1300 Куманово
Пош. Фах 254

Предмет: Достава на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи
Врска: Ваше барање : 09-105/3 од 05.03.2014 год

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи заради изготвување на „Проект за Инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати" за државен пат А4, „Делница Штип – Радовиш" со почеток кај н.м. Три Чешми а крај кај н.м. Просениково во Струмица, во прилог ви доставуваме Извод од електронскиот регистар на изградените јавни електронски комуникациски мрежи со податоци што во моментов ги поседува Агенцијата за електронски комуникации, во електронска форма.

Прилог:
- податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи - во електронска форма.

Изработиле:
Б.Тодоровски
Ј.Србиновски

10.03.2014 год.

Контролирал: Петар Иваноски
Шеф на кабинет:Елизабета Двојакова

АЕК-751-801.03

Директор,
Роберт Орданоски

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Република Македонија
ОПШТИНА СТРУМИЦА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ
тел. 321-534, факс 323-477
www.strumica.gov.mk urbanizam@strumica.gov.mk

ISO 9001 Q-1072
ISO 14001 E-295

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ
бр. 19-336 /2
Од 12.03.2014 год.
С Т Р У М И Ц А

Врска: Ваш бр.09-185/18 од 05.03.2014

До
ДППИ „Простор“
ул. „Моша Пијаде“ бр.2
1300 Куманово

Предмет: Известување

Во врска со Вашето барање бр.09-185/18 од 05.03.2014 г. за мислење и начелна согласност за патен правец Штип - Радовиш Ве известуваме дека во графичкиот прилог кој ни го имате доставено воопшто не е опфатен делот на општина Струмица и од тие причини не можеме да издадеме мислење и начелна согласност по истиот.

Со почит,

ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Зоран Заев

Рафинерија на нафта
Акционерско друштво - Скопје

1000 Скопје, пошт. фах 66
телефон: ++ 389/2/2532-000
телефакс: ++ 389/2/3116-191
++ 389/2/2532-526

До
ПРОСТОР ДОО, Куманово
Ул."Моша Пијаде", бр.2
1300 Куманово

Број: 10 - 1273/2

Дата: 11.03.2014 10.03.2014год

Предмет: Барање на мислење и начелна согласност за патен правец Штип-Радовиш

Врска: Допис Ваш бр.09-185/15од 05.03.2014 год. и наш 10/1273 од 06.03.2014 год.

Почитувани,

Во врска со изготвувањето на Проект за инфраструктура, Основен проект и пратечки елаборати за државен пат А4, Делница Штип-Радовиш, со почеток кај н.м Три Чешми а крај кај н.м Просениково во Струмица, Ве известуваме дека ОКТА нема свои инсталации на предвидениот опфат и за истиот Ви даваме **Позитивно Мислење-Согласност**.

Со почит,

Прилог како во текстот,

НОВИ ПРОЕКТИ
Менаџер
Антонио Поповски

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Услови за планирање на просторот со решение за услови за планирање на просторот

193. iv

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 15-9308/4

Дата: 06. 11. 2014

Ваш бр. 07-7003/ од 09.09.2014 г.

07 7003/8

Јавно претпријатие за државни патишта
Ул. Даме Груев бр.14
1000 Скопје

Предмет: Достава

Во врска со Вашето барање за Услови за планирање на просторот бр. 15-9308/1/1 од 09.09.2014 год. за издавање Решение за изработка на **Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш**, Ви го доставуваме Решението за Услови за планирање на просторот и Елаборат за услови за планирање на просторот со тех. бр. 35114 изготвен од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје.

МИНИСТЕР
Nuhan Izairi

Изработил : Драган Палоски

Одобрил: Неби Рецепи

Прилог:- Решение за Услови за планирање на просторот 15- 9308/4
-Елаборат за Услови за планирање на просторот тех. бр. 35114

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Јавно претпријатие за државни патишта, го донесе следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-9308/1
06. 11. 2014 20 ___ год.
СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1.Со ова Решение на Јавното претпријатие за државни патишта, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. Бр. **35114** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш9308**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

Образложение

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Јавно претпријатие за дршавни патишта, поднесе барање бр 15-9308/1 од 09.09.2014 г. за издавање Решение за услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/05 , 137/07 , 91/09 , 124/10 , 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш.**

Условите за планирање се издаваат за изработка на Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш,претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија преставуваат обврзувачки активности во понатамошно планирање на просторот.

Министерството постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), **оцени да издаде Решение за услови за планирање на просторот** за изработка на **Проект за инфрастуктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш.**

Врз основа на горе наведеното, а согласно член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), Министерството одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПОУКА: Против ова Решение странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Влада на Република Македонија, за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина.

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изработил: Драган Павлоски

Одобрил: Неби Рецепи

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. 35114

Скопје, октомври 2014

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: Јавно претпријатие за државни патишта
ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје

Тех.бр. 35114
Е.бр. Y35114

Раководител на задачата:
Мирослав Богдановски дипл.соц.

Агенција за планирање на просторот

Директор

Огнен Апостолски, дипл.инг.арх.

Скопје, октомври 2014

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.06.2004 година, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 39/04).

Со Законот се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот,** како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Според член 4 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниов случај Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш. Должината на патот изнесува 38,178 км.

Трасата на патот:

- **го тангира планскиот опфат на ГУП Штип за кој се изработени Услови за планирање со технички број У04013.**

Се сече со трасите на инфраструктурните објекти за кои се изработени:

- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за изградба на фарма на ветерници Штип, во општините Штип, Радовиш и Карбинци со техн. бр У11609.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 3: Штип-Радовиш-Хамзали Карбинци со техн. бр У20811.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за јавно осветлување на клучката Радовиш и клучката Ињево на магистралниот патен правец А4 и регионалниот патен правец Р1310, КО Радовиш, општина Радовиш**

Поминува покрај плански опфати за кои се изработени:

- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за изградба на технолошко индустриска развојна зона - ТИРЗ на м.в. "Долна Рудина", КО Радовиш, општина Радовиш, со технички број У22411.**
- **Услови за планирање на просторот за изработка на ДУПД за бензинска пумпна станица и услужен центар, м.в. Лакавица и м.в. Остреш, на дел од КП 360, КО Драгоево, општина Штип со технички број У29510.**
- **Услови за планирање за изработка на УПВНМ КО Радовиш, за стопански комплекс, општина Радовиш со технички број У03306.**

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Р. Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.** Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште**, а особено **стриктното ограничување на трансформа-**

цијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Поради должината на патот ке бидат дадени податоци од две метеоролошки станици.

Штип

Според досегашните сеизмолошки истражувања, општината припаѓа на терен подложен на чести земјотреси предизвикани од поодалечните епицентрални жаришта.

Според стабилноста предметната локација се наоѓа во претежно стабилен терен, а според сеизмичката реонизација на теренот спрема иженерско геолошките услови на тлото припаѓа во сеизмички многу слабо осетлив до сеизмички слабо осетлив терен.

Климата иа овој простор е условена од следните услови: реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.

Средната годишна температура изнесува 12.9°C со осцилација од 2.4°C. Најтопли месеци во годината се јули и август со просечна месечна вредност од 23.8°C во јули. Најстуден месец е јануари со просечна месечна температура од 1,4°C. Температурното колебање изнесува 22.4°C.

Есента е потопла од пролетта. Просечна есенска температура изнесува 13.7°C, а просечна пролетна температура изнесува 12.4°C.

Просечна годишна сума на врнежи на ниво на општина изнесува 506мм, кои се многу нерамномерно распоредени, како по месеци така и во текот на годината. Максимумот е во месец мај 56.1 мм и октомври 53.6мм, а минимумот во август.

Релативно сушни месеци се јануари, февруари, март, април, јуни, август, септември и декември, а со врнежи се мај, јули, октомври и ноември.

Снегот се јавува од ноември до март. Просечно годишно има 18 дена со снежен покривач и тоа со максимум во јануари од 6.3 дена и најдолготраење од 7 дена во февруари.

Ветровите како важен фактор со најголеми честини се јавуваат од северо-западен и југо-источен правец, Северо-западниот ветер дува со најголема честина од 196‰ средно годишно и брзина од 5.2м/сек. и тоа најчесто од јуни до август, а во зима од јануари до февруари, Југо-источниот ветер е втор по честина, средно годишно 183‰ и средна брзина од 6.7м/сек.

Радовиш

Територијата каде што поминува патот е под влијание на **умерено континентална клима**. Поради изразената висинска разлика (од 340 до 1600 м.н.в.) поедини климатски елементи се модифицирани под влијание на изменето медитеранска клима во полето и планинската клима на Плачковица.

Температурата во рамничарскиот дел се движи од 12^0C до 13^0C. Најтопли месеци се јули со просечна температура од $23,5^0$C која во поедини години има отстапување. Август е со скоро иста температура просечно $23,1^0$C, а во поедини години отстапува од просекот. Најстуден месец е јануари со просечна месечна температура од $1,4^0$C, во поедини години има отстапки од просекот. Апсолутната максимална температура во Радовиш изнесува $40,1^0$C, додека апсолутната

минимална годишна температура изнесува -21^{0}С. Мразниот период изнесува 139 дена, а бројот на денови со снег е 13. Магливи денови има 12.

Просечно годишно има 117 ведри денови, 162 облачни и 87 тмурни денови. Релативната влажност на воздухот изнесува просечно годишно 72%.

Просечно годишно паѓаат 423,8мм врнежи, и тоа најврнежлив месец е ноември (49,7), а најсушен е август (21,1мм)

Ветровите се честа појава во Радовиш. Најдоминантен ветер е западниот со просечна годишна честина од 196‰ и средна брзина 2,5м/сек. Со голема честина се јавува преку целата година, но најмногу во јануари, како и декември.

Северозападниот ветер е втор по честина која просечно годишно изнесува 175‰ и средна брзина 3,2 м/сек. Неговата честина е исто во зимските месеци како што се јануари, февруари и декември.

Источниот ветер има просечна годишна честина од 116‰ и средна годишна брзина од 2,1м./сек. Најголеми честини има во ноември, март и август.

Југоисточниот ветар е со просечна честина од 77‰ и средна брзина 2,2м./сек и најмногу се јавува во април.

Северниот ветер е со просечна годишна честина од 51‰ и во доста уедначена честина дува преку целата година во сите месеци, а најмногу во август.

Јужниот ветар е со иста честина како и северниот,но со помали брзини од истиот. Јужниот ветар има просечна годишна честина 50‰ и средна годишна брзина 1,9м/сек.

Југозападниот ветар е со просечна годишна честина од 41‰ и средна годишна брзина 2,3м/сек.

Североисточниот ветер е со најмала просечна годишна честина од 22‰ и со просечна годишна брзина 2,1 м./сек.

Максимални јачини на ветровите се од 8-10м/сек.

Тишините во Радовишкото поле се со мали вредности, просечно годишно 272‰ и тоа максимум во октомври, а минимум во март месец. Ова покажува дека март е најветровит месец, па јануари и февруари, а октомври е со најмала честина на ветровите.

Според сеизмолошките истражувања на територијата на општина Радовиш, истата припаѓа на простор кој е подложен на чести земјотреси предизвикани од локални и подалечни епицентрални жаришта. Во периодот до 1976 год. се регистрирани над 77 земјотреси, од кои 6 земјотреси со јачина од 6^0 и повеќе степени. Епицентралните се наоѓаат јужно и југоисточно од Радовиш во рамнината, а едно жариште е регистрирано во горниот тек на Крива Лакавица. Длабочината на жариштата е на 10-20 км.

Према ова, најголем дел од општината е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8^0 по MCS скалата, а масивот на Плачковица од 9° MCS скала. Ова се должи на фактот што низ Општина Радовиш поминува границата на најактивни сеизмогени зони на Балканот, а тоа се вардарската и струмската зона.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, реализацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип - Радовиш во должината од 38,178 км во општините Штип и Радовиш, позитивно ќе влијае на унапредување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни дејности на ова подрачје, а со тоа и поттикнување на локалниот економски развој под услов почитување на определбите поставени со Просторниот план на Р. Македонија за примена на стандардите и принципите за заштита на животната средина и одржлив развој во согласност со релевантната законска регулатива.

Објективно, економски развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска корисност и **инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура** согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од развојните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот, приоди кои се комплементарни во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што се градовите Штип и Радовиш во чија функција е изградбата на планираниот државен пат А4 делница Штип - Радовиш.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општините Штип и Радовиш низ чијшто простор минува трасата на планираниот државен пат се две развојни оски: "Источната" и "Јужната развојна оска".

"Источната развојна оска" има добри изгледи да се оформи во источниот дел од државата и која ќе ги поврзува градовите: Куманово - Свети Николе - Штип - Радовиш - Струмица. Во сегашно време оваа оска е со слаб интензитет, но развојот ќе го зголемува нејзиното значење. Од Струмица веќе сега еден крак води до Петрич во Бугарија.

"Јужната развојна оска", која досега е ретко споменувана ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани-Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан-Р. Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Трасата на државниот пат А4 делница Штип - Радовиш е во непосредна близина на планските опфати за кои се изработени следните Услови за планирање со техн.броеви:

- **У29510** ДУПД за бензинска пумпна станица и услужен центар, м.в. Лакавица и м.в.Остреш, на дел од КП 360, КО Драгоево, општина Штип;
- **У03306** УПВНМ за стопански комплекс, општина Радовиш;
- **У18710** ЛУПД за стопански комплекс на КП 3217/1, КО Радовиш во општина Радовиш;

Истотака трасата на државниот пат ги тангира планските опфати на следните Услови за планирање со техн. броеви:

- **У04309** ТИРЗ Радовиш (во близина на населено место Прналија во КО Прналија, општина Радовиш);
- **У08705** УПВНМ за изградба на стопански комплекс (мало стопанство), КО Радовиш;
- **У10013** ЛУПД за изградба на објект со класа на намена Г2 на КП: 323/7, КО Ново Село во општина Штип;
- **У22411** ДУПД за изградба на ТИРЗ "Радовиш" на м.в. "Долна Рудина", КО Радовиш, општина Радовиш;

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделието, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на оработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од

сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага да се користи реонизацијата според која **Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони.** Предметната локација припаѓа на **Медитерански или Повардарски реон поделен на Јужно Медитерански со 2 микрореони и Централно Медитерански со 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренаменета на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација, односно проект за инфраструктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проектот за инфраструктура, пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водни ресурси и водостопаствопанство

Согласно Просторниот план на Р. Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за

покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Изградбата на државниот пат А4, делница Штип - Радовиш кое од големо значење за Републиката, треба да се усогласи со сегашната состојба и развојната стратегија во водостопанството. Целта е запазување на постојните водни ресурси и максимално избегнување на конфликтните точки меѓу државниот пат А4, постојните и планираните водостопански објекти.

Трасата на државниот пат А4, делница Штип - Радовиш, минува преку планираната акумулација Јагмулар на реката Брегалница. Нивото на водата во акумулацијата се предвидува на 263 м.н.в.

Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, потребно е да се превземат мерки со кои ќе се заштити сливот на реката од деградација, од појава на порои и наноси и со кои ќе се спречи деградирањето на профилот на речното корито каде се предвидува изградбата на браната.

При одредување на трасата на државниот пат А4 да се има во предвид заштитниот појас кој мора да биде запазен од крајбрежниот појас на акумулацијата до планираниот опфат.

Една од стратешките определби во ПП на РМакедонија во областа на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за населението. Со Просторниот план на РМ зацртано е решение за изградба на регионалниот водостопански систем (РВС) "Треска" со кој ќе се обезбеди вода за сушните региони во Државата. Со РВС "Треска", ќе се зафаќаат води од реката Треска и ќе се префрлуваат кон Источна Македонија, односно ќе се водоснабдуваат ВП"Скопје", "Пчиња", "Средна и Долна Брегалница" и "Струмчко Радовишко" кои се сиромашни со вода.

За точно дефинирање на трасата на РВС "Треска" потребно е да се направат дополнителни студии и техничко проектна документација, така да изградбата на државниот пат А4 делница Штип - Радовиш не е во конфликт со предвидениот РВС.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р.Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Аминдео), Косово (Косово-Б) и Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија.

Трасата на државениот пат А4 делница Штип - Радовиш на повеќе места се вкрстува со постојниот:

- 400kV вод Штип-македонско-бугарска граница
- 110kV вод Дуброво-Бучим
- 110kV вод Бучим-Радовиш

заради што на конфликтни места при изработка на проектната и урбанистичка документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV" (Сл.лист на СФРЈ бр.65/1988 год.).

Планираните преносни 110kV водови ќе немаат конфликт со трасата на овој државен пат.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Во однос на другите енергенти природниот гас при согорување испушта помалку штетни материи.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

Планирата делница-3 од чвор Исток-Хамзали-Радовиш од гасоводот на неколку места се вкрстува со трасата на државениот пат А4 делница Штип - Радовиш заради што на конфликтни места при изработка на проектната и урбанистичка документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

При реализација на горенаведениот проект ве информираме дека треба да се почитуваат одредбите од Законот за железнички систем (Службен Весник на Р.Македонија бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) и во однос на заштитното растојание на објекти од железничка пруга. Напоменуваме дека минималното растојание на објектите од работ на пружниот појас треба да изнесува 10метри.

Со почит,

Пом. Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: М-р. М. Арсовски дги

Согласен, Одобрил: М. Тилиќ дги

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Бр. 2001-280/2
09-02-2023 год./vit
Скопје-Shkup

До **СТУДИО АТРИУМ ДОО - Штип**
Ул. „Никола Нехтенин" бр.1, 2000 Штип , Р.С. Македонија

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис бр. 0302-245/22-2 од 16.12.2022 и број на постапка 48104 од е-урбанизам со кое барате да Ви доставиме мислење за изработка на **"Урбанистички план за село Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип"**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, Ве информира следново:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга.

ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје нема забелешки по истиот.

Со почит,

Помошник Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Ѓорѓи Пушев
Согласен: Весна Стеваноска

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Бр. _____
Дата: _____, Скопје

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3264 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

0939-6262/2
11.5.2022

ДО: “АТРИУМ СТУДИО„ - ШТИП
Ул. Никола Нехтенин бр. 1 Штип

ПРЕДМЕТ : Мислење за утврдена состојба

Врска: Постапка преку е-урбанизам за **ПИМ** со број **42716**
Ваш бр. 0302-162-16/21 од 27.04.2022 год.
Наш бр. 0939-6262/1 од 04.05.2022 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистички план за село Три Чешми, предлог план, плански период 2022-2033 разработка на блок 4 КО Три Чешми, Општина Штип, изработен од „Атриум Студио” - Штип со тех. бр. У-19/21 од март 2022 год, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба

Забелешка: Потребно е барањето да биде поврзано во релевантна постапка.

Со почит,

Изработил: Мартина Ѓоргиева, соработник
Контролирал/Одобрил: м-р Стојче Галазовски, в.д. раководител на сектор

Директор

_____

м-р Борис Тунцев

Место за Дигитални потписи

Изработил Контролирал Одобрил Согласен Директор

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: АТРИУМ Студио
Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн
Ул."Никола Нехтенин" бр.1 - Штип

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-967/2
29.04 2022 год./viti
Ckonje/Shkup

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0302-162-12/21 од 01.12.2021 и 967 од 08.04.2022

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање Ваш бр. 0302-162-12/21 и наш бр.967 за идавање на согласност за приложена документација за Урбанистички план за село Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип,

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје констатираше дека се земени во предвид сите забелешки и ја прифаќа приложената документација за Урбанистички план за село Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип.

Со почит,

Изработил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Мирјана Чемкова
Одобрил: Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Скопје
Shkup

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

бр. 12-8/1411

Скопје, 19.12.2022 година

До: **Студио Атриум доо Штип**

Предмет: **Мислење**

Врска: Ваш бр. 0302-245/22-2 од 16.12.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 1411)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

Урбанистички план за село Три Чешми, КО Три Чешми, Општина Штип

изработен од Студио Атриум доо Штип со тех.бр.У-19/21 од Мај 2022 година,

при што констатирано е дека забелешките дадени од наша страна со допис бр. 12-8/365 од 30.07.2022 година, а кои се однесуваат на безбедноста на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во доставената планска документација.

Врз основа на горе наведеното издаваме **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на *член 68 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот
бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ИНФОРМАЦИИ | ИСТОРИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | ИСТОРИЈА НА ПРОМЕНИ | РЕЛЕВАНТНИ ПОСТАПКИ | МИСЛЕЊА ОД ОПШТИНИ / ИНСТИТУЦИИ

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
ЈП Македонски Железници Инфраструктура	13.01.2023	/		☑
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО	19.12.2022	19.12.2022		☑
Министерство за труд и социјална политика	19.12.2022	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА	19.12.2022	/		☑
Министерство за образование и наука	19.12.2022	/		☑
Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство	19.12.2022	26.12.2022		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА	19.12.2022	/		☑
МЖСПП - Сектор за природа	19.12.2022	/		☑

← Претходни 1 Следни →

Прикажани 1 - 8 од 8 ставки

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

II ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Основна цел на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат и детална разработка на еден од блоковите. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Урбанистичкиот план за село со кој е уреден планскиот опфат како што се намената на земјиштетои објектите, регулационите линии, заклучно со утврдени градежни парцели иповршини за градење на ниво на сите блокови утврдени во планскиот опфат, регулација намрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури, односно регулација на речникорита и водотеци со дефинирање на профили (со обезбедена соодветна согласност од надлежен орган согласно закон), како и за сите други нумерички плански параметри.

Разработката на блок 4 е дадена во Книга 2 (Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, Ко Три Чешми, Општина Штип.

Планскиот период на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип се предвидува да го опфати периодот од **2022-2032** година.

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа на изработка Планот.Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до моќностите за понатамошното користење на просторот.

Основа за изработување на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип се:

- Услови за планирање на просторот со тех.број Y02614 од 02.2014 година издадени од Агенција за планирање на просторот на Р.С.Македонија, за кои е донесено
- **Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање** со бр.15-239/4 од 06.02.2014 како и
- **Планска програма** со тех.бр.ПП-У-19/21 од Август 2021 година која е одобрена со
- **Решение за одобрување на Планска програма** со бр.09-4222/5 од 20.08.2021 година издадено од надлежен орган Општина Штип.
- **Податоци, информации и Мислења** добиени од органи на државната управа и други субјекти, кои навремено се изјасниле согласно позитивната законска регулатива.
- **Ажурирана геодетска** подлога изготвена од овластена фирма
- **Теренско снимање на просторот** (градежен фонд) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 2021).

Изработувањето и донесувањето на Урбанистичкиот план за село ќе биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр.225/2020,219/2021, 104/2022),), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ

Планскиот опфат го опфаќа селото Три Чешми, на подрачјето на КО Три Чешми во Општина Штип.

Границата на планскиот опфат се движи како што следува:

- На **север** границата на планскиот опфат се движи по КП 45/13 и КП 45/4.
- На **исток** опфатот е дефиниран по осовина на железничка пруга.
- На **југ** границата започнува да се движи КП 364/2, КП 100/3, КП 100/4, КП 265/1, КП 595/2, КП 261 КП 260, КП 259, КП 258, КП 251/1, КП 244, КП 243, КП 242, КП 367, КП 368.
- На **запад** границата се движи по КП 167/2, КП 166, КП 165/1 КП 162, КП 159, КП 158, КП 157, КП 150, продолжува по западна граница на КП 418/1, КП 407 и КП 406 го пресекува Магистралниот пат М6 Регионалниот пат 526, и породолжува по осовина на локален пат " Ежово поле" се до почетна точка на КП 45/13.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршнаточка како што следи:

1	X=	7.595.270,17	Y=	4.626.503,77	26	X=	7.594.758,63	Y=	4.626.711,86
2	X=	7.595.290,14	Y=	4.626.573,30	27	X=	7.594.647,05	Y=	4.626.538,04
3	X=	7.595.286,60	Y=	4.626.729,41	28	X=	7.594.642,52	Y=	4.626.541,05
4	X=	7.595.240,51	Y=	4.626.757,58	29	X=	7.594.638,94	Y=	4.626.536,05
5	X=	7.595.205,59	Y=	4.626.774,52	30	X=	7.594.637,62	Y=	4.626.534,16
6	X=	7.595.166,03	Y=	4.626.786,18	31	X=	7.594.633,19	Y=	4.626.527,84
7	X=	7.595.139,61	Y=	4.626.799,71	32	X=	7.594.630,90	Y=	4.626.524,75
8	X=	7.595.126,70	Y=	4.626.802,39	33	X=	7.594.628,00	Y=	4.626.520,62
9	X=	7.595.111,40	Y=	4.626.801,26	34	X=	7.594.625,16	Y=	4.626.518,80
10	X=	7.595.084,02	Y=	4.626.795,93	35	X=	7.594.589,13	Y=	4.626.497,44
11	X=	7.595.047,95	Y=	4.626.793,08	36	X=	7.594.568,93	Y=	4.626.500,64
12	X=	7.595.003,49	Y=	4.626.794,74	37	X=	7.594.552,11	Y=	4.626.518,49
13	X=	7.595.001,39	Y=	4.626.811,31	38	X=	7.594.546,29	Y=	4.626.522,73
14	X=	7.594.973,22	Y=	4.626.814,65	39	X=	7.594.535,83	Y=	4.626.530,34
15	X=	7.594.971,52	Y=	4.626.814,85	40	X=	7.594.519,92	Y=	4.626.542,03
16	X=	7.594.962,47	Y=	4.626.815,92	41	X=	7.594.515,86	Y=	4.626.545,00
17	X=	7.594.913,17	Y=	4.626.771,49	42	X=	7.594.503,79	Y=	4.626.553,83
18	X=	7.594.875,35	Y=	4.626.807,92	43	X=	7.594.487,59	Y=	4.626.565,85
19	X=	7.594.863,26	Y=	4.626.795,88	44	X=	7.594.471,89	Y=	4.626.577,13
20	X=	7.594.836,89	Y=	4.626.809,27	45	X=	7.594.455,70	Y=	4.626.589,14
21	X=	7.594.819,77	Y=	4.626.803,58	46	X=	7.594.440,72	Y=	4.626.568,73
22	X=	7.594.802,48	Y=	4.626.775,19	47	X=	7.594.426,76	Y=	4.626.561,36
23	X=	7.594.800,95	Y=	4.626.775,49	48	X=	7.594.416,82	Y=	4.626.543,99
24	X=	7.594.792,57	Y=	4.626.777,13	49	X=	7.594.408,01	Y=	4.626.528,82
25	X=	7.594.778,22	Y=	4.626.745,55	50	X=	7.594.413,45	Y=	4.626.510,60

51	X=	7.594.398,28	Y=	4.626.485,77	91	X=	7.594.585,30	Y=	4.625.989,45
52	X=	7.594.403,69	Y=	4.626.482,48	92	X=	7.594.587,56	Y=	4.625.979,66
53	X=	7.594.414,52	Y=	4.626.475,90	93	X=	7.594.590,75	Y=	4.625.970,45
54	X=	7.594.420,71	Y=	4.626.472,26	94	X=	7.594.596,34	Y=	4.625.951,11
55	X=	7.594.430,97	Y=	4.626.466,24	95	X=	7.594.597,33	Y=	4.625.947,54
56	X=	7.594.441,40	Y=	4.626.463,31	96	X=	7.594.603,18	Y=	4.625.928,43
57	X=	7.594.446,91	Y=	4.626.445,29	97	X=	7.594.609,67	Y=	4.625.909,87
58	X=	7.594.452,50	Y=	4.626.427,06	98	X=	7.594.610,30	Y=	4.625.907,75
59	X=	7.594.458,06	Y=	4.626.408,86	99	X=	7.594.611,53	Y=	4.625.903,54
60	X=	7.594.463,15	Y=	4.626.391,26	100	X=	7.594.615,42	Y=	4.625.890,21
61	X=	7.594.463,48	Y=	4.626.390,12	101	X=	7.594.621,46	Y=	4.625.871,01
62	X=	7.594.467,35	Y=	4.626.377,10	102	X=	7.594.623,34	Y=	4.625.864,11
63	X=	7.594.473,53	Y=	4.626.358,39	103	X=	7.594.624,13	Y=	4.625.861,25
64	X=	7.594.479,14	Y=	4.626.339,20	104	X=	7.594.626,84	Y=	4.625.851,90
65	X=	7.594.484,95	Y=	4.626.320,20	105	X=	7.594.632,63	Y=	4.625.832,67
66	X=	7.594.490,22	Y=	4.626.300,65	106	X=	7.594.638,47	Y=	4.625.814,22
67	X=	7.594.491,42	Y=	4.626.297,07	107	X=	7.594.638,63	Y=	4.625.813,74
68	X=	7.594.497,33	Y=	4.626.277,83	108	X=	7.594.640,01	Y=	4.625.811,42
69	X=	7.594.498,73	Y=	4.626.273,66	109	X=	7.594.641,06	Y=	4.625.806,75
70	X=	7.594.502,02	Y=	4.626.263,64	110	X=	7.594.641,32	Y=	4.625.805,98
71	X=	7.594.503,63	Y=	4.626.258,80	111	X=	7.594.649,26	Y=	4.625.782,55
72	X=	7.594.509,49	Y=	4.626.239,56	112	X=	7.594.656,95	Y=	4.625.759,67
73	X=	7.594.515,08	Y=	4.626.220,63	113	X=	7.594.662,86	Y=	4.625.741,08
74	X=	7.594.519,44	Y=	4.626.207,31	114	X=	7.594.664,87	Y=	4.625.734,75
75	X=	7.594.520,36	Y=	4.626.204,51	115	X=	7.594.666,24	Y=	4.625.730,44
76	X=	7.594.521,39	Y=	4.626.201,36	116	X=	7.594.728,84	Y=	4.625.762,23
77	X=	7.594.526,87	Y=	4.626.182,33	117	X=	7.594.729,25	Y=	4.625.762,44
78	X=	7.594.532,76	Y=	4.626.163,06	118	X=	7.594.735,00	Y=	4.625.765,36
79	X=	7.594.538,69	Y=	4.626.143,74	119	X=	7.594.764,45	Y=	4.625.780,31
80	X=	7.594.544,17	Y=	4.626.124,90	120	X=	7.594.851,31	Y=	4.625.820,69
81	X=	7.594.549,63	Y=	4.626.105,66	121	X=	7.594.856,19	Y=	4.625.823,27
82	X=	7.594.555,29	Y=	4.626.086,25	122	X=	7.594.972,08	Y=	4.625.884,42
83	X=	7.594.559,48	Y=	4.626.071,88	123	X=	7.594.978,08	Y=	4.625.887,34
84	X=	7.594.560,12	Y=	4.626.069,27	124	X=	7.595.034,10	Y=	4.625.919,24
85	X=	7.594.561,05	Y=	4.626.066,36	125	X=	7.595.057,28	Y=	4.625.930,94
86	X=	7.594.561,53	Y=	4.626.064,86	126	X=	7.595.055,28	Y=	4.625.934,09
87	X=	7.594.566,58	Y=	4.626.049,06	127	X=	7.595.054,18	Y=	4.625.935,82
88	X=	7.594.567,14	Y=	4.626.047,31	128	X=	7.595.053,93	Y=	4.625.936,20
89	X=	7.594.573,13	Y=	4.626.028,16	129	X=	7.595.045,12	Y=	4.625.950,09
90	X=	7.594.579,04	Y=	4.626.009,10	130	X=	7.595.044,18	Y=	4.625.951,57

131	X=	7.595.041,15	Y=	4.625.956,35	145	X=	7.595.393,54	Y=	4.626.026,77
132	X=	7.595.100,07	Y=	4.625.957,51	146	X=	7.595.395,88	Y=	4.626.031,06
133	X=	7.595.105,35	Y=	4.625.957,62	147	X=	7.595.401,63	Y=	4.626.041,92
134	X=	7.595.110,71	Y=	4.625.957,78	148	X=	7.595.403,56	Y=	4.626.045,92
135	X=	7.595.133,85	Y=	4.625.968,60	149	X=	7.595.405,56	Y=	4.626.049,65
136	X=	7.595.167,68	Y=	4.625.985,41	150	X=	7.595.410,58	Y=	4.626.059,03
137	X=	7.595.195,34	Y=	4.626.000,33	151	X=	7.595.418,13	Y=	4.626.073,23
138	X=	7.595.231,36	Y=	4.626.019,78	152	X=	7.595.421,88	Y=	4.626.080,57
139	X=	7.595.233,19	Y=	4.626.021,69	153	X=	7.595.422,96	Y=	4.626.082,22
140	X=	7.595.259,51	Y=	4.626.043,80	154	X=	7.595.423,48	Y=	4.626.083,08
141	X=	7.595.317,26	Y=	4.626.066,66	155	X=	7.595.424,90	Y=	4.626.085,72
142	X=	7.595.334,64	Y=	4.626.056,88	156	X=	7.595.434,62	Y=	4.626.104,57
143	X=	7.595.392,40	Y=	4.626.024,40	157	X=	7.595.441,86	Y=	4.626.118,61
144	X=	7.595.392,41	Y=	4.626.024,41	158	X=	7.595.386,68	Y=	4.626.147,55

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **65,71 ха** и истата површина се применува при изработка на Урбанистичкиот план за село.

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Планскиот опфат претставува изградено земјиште. Во 2001 година од страна на ЈП за урбанизам, уредување на градежно земјиште ШТИП-ПРОЕКТ е изработена урбанистичка документација за помало населено место за Три Чешми со тех.бр.4/2001. Согласно оваа планска документација е донесена одлука за определување на границите на градежно земјиште на подрачјето на с.Три Чешми, а воедно истата граница е и основа за изработка на УПС за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, општина Штип.

Низ предметниот плански опфат поминува магистрален пат А3 (М-5) за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта е предвидено негово проширување на ниво на експресен пат. Јавното претпријатие за државни патишта има изработено одобрен Проект за инфраструктура со технички број 72/13-2 од Октомври 2015 годинаи трасата истата е земена во предвид при изработка на предметниот УПС. Истиов Проект е приложен во овој плански документ.

Во непосредна близина нема донесено никакви плански документации.

- Основа за изработување на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип се :

- Услови за планирање на просторот со тех.број Y02614 од 02.2014 година издадени од Агенција за планирање на просторот на Р.С.Македонија, за кои е донесено
- Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.15-239/4 од 06.02.2014.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската игеопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки,хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1. РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Населбата Три Чешми е лоцирана на 5-ти километар северозападно од Општина Штип.Нејзини соседни општини се Криви дол и Добрашане западно, Сушево јужно, Чардаклија источно и северно граничи со село Сарчиево.Општината и село Три Чешми сообраќајно се поврзани со магистрален пат А3 (М-5) Од десната страна на патот Скопје-Штип се наоѓа делот од населбата која е наменета за домување и обавување на комерцијални дејности и дејности од областа на јавни функции.Од левата страна на патот Скопје-Штип се наоѓа зона која со себе ги носи функциите на лесна и незагадувачка ундустрија како и стоваришта и магацини.

Просторот се одликува со мошне едноставна конфигурација, односно тој е претежно рамничарски релјеф.Според тоа селото завзема едноставна регионална и топогравска положба со приближно исти надморски височини низ целиот опфат.

Селото има предност со тоа што е во рамничарската зона бидејќи оваа зона пружа поголема можност за забрзана урбанизација, изградба на сообраќајници, здравствени просветни и други видови објекти, а во таа смисла можна е и формација на второстепени центри во општината со што ќе се смени и функцијата на околните селски населби.

Селото е на терен кој овозможува животните активности да се обавуваат безпрекорно. Сообраќајната инфраструктура е во исклучително добра состојба.Поголемиот дел од сообраќајниците се асфалтирани ред повеќе години.Поврзаноста со градот е добра како и снабденоста на селото со животните намирници се одвива без пречки.Во склоп на селото функционираат неколку маалски комерцијални објекти кои ги задоволуваат потребите на жителите.Селото е приклучено на градски водоводен и канализационен систем како и на ПТТ мрежа.Постои и основно училиште во кое учат тамошните деца.

Околу населбата се наоѓаат лозови насади сопственост на тамошно земјоделско стопанство. За разлика од другите селски населби, анализирајќи ги податоците од пописите во оваа населба има пораст на жителите. Према одредбите на Просторниот

план на Општина Штип населбата Три Чешми е планирана да прерасне во проградска населба за кое нешто ги има сите предуслови.

3.2 КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Просторот во кој е лоцирана населбата се карактеризира со умерено-континентална клима, континентална клима, со одредена доза на влијание на изменето медитеранска клима на врнежите.Климатските влијанија, особено климатското влијание на метеоролошките и појави- температура, врнежи и појава на мразеви се посебно значајни за земјоделското производство кое е застапено во овој крај.Според досегашните сеизмолошки истражувања, општината припаѓа на терени подложни на чести и постојни земјотреси предизвикани од поодалечните епицентрални жаришта.

Според стабилноста предметниот простор се наоѓа во претежно стабилен терен, а според сеизмичката реонизација на теренот спрема инжинерско геолошките услови на тлото припаѓа во сеизмичките многу слабо осетлив сеизмички слабо осетлив терен.Климата на овој простор е условена од следниве услови: рката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите.Средната годишна темература изнесува 12.9 °C со осцилација од 2.4°C .Најтопли месеци во годината се јули и августуст со просечна месечна вредност од 23.8°C во јули.Најстуден месец е јануари со просечна месечна температура изнесува 1.4°C. Температурното колебање изнесува 22.4°C. Есента е потпола од пролетта. Просечната есенска температура изнесува 13.7°C, а просечната пролетна температура изнесува 12.4°C.

Просечната годишна сума на врнежи на ниво на општина изнесува 506мм, кои се многу нерамномерно распоредени, како по месеци така и во текот на годината. Максимумот е во месец мај 56.1 мм и октомври 53.6 мм, а минимумот во август. релативно сушни месеци се јануари, февруари, март, април, јуни, август, септември и декември, а со врнежи се мај, јуни, октомври и ноември.

Снегот се јавува од ноември до март, просечно ниво има 18 дена со снеќен покривач и тоа со максимум во јануари од 6.3 дена и најдолго траење од 7 дена во февруари.

Ветровите како важен фактор главно се јавуваат од северо-западен и југо-источен правец со најголеми честини. Северо-западниот ветер дува со најголема честина од 196% средно гофишно и брзина од 5.2 м/сек. и тоа најчесто од јуни до август, а во зима од јануари до фебруари.Југо-источниот ветер е втор по честина, средно годишно 183% и средна брзина од 6.7 м/сек. Ортографските услови ги детерминираат правците на дување на ветровитре кои бо ова подрачје се со умерени јачини, претежно од северозападен и хугоисточен правец. Во пролет и есен главно сува југоисточниотм,а во другите сезони северозападниот ветар. Ветровите од другите правци се незначителни и со помал итензитет.

3.3 ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Геолошки, теренот е представен со: комплекс на прекамбриски метаморфни и магматски материјал, комплекс на рифеј-камбриски метаморфни карпи, комплекс на палеозојски метаморфни и магматски карпи, мезозојски магматски карпи и комплекс на терциерни и квартерни карпи.

Прекамбриум е мошне широко распространет и застапен е со високо метаморфни карпи,представени со разни типови на гнајсеви и микашисти, амфиболити, мермери, циполини и магматски карпи. Комплексот на рифеј- камбриските метаморфни карпи представува околу 500 метри дебела серија од графички и кварц-мусковитски шкрилци, со тенки прослојки од метапесочници и циполини. Палеозојските творевини го изградуваат најголемиот дел од Западно-македонксата зона, а представени се со разни типови на шкрилци, метапесочници,метаконгломерати, метакварцити, метаморфозирани дијабази, риолити и габрови,меремризирани варовници и грандиорити. Мезозојски магматски карпи- творевините од неразчелентиот стар палеозоик и девон се пробиени со леукократни и мусковитски гранити, аплитоидни гранити и гранитпорфири. Комплекс на терциерно квартерни седименти, овдеспаѓаат:

- Плиоценски седименти- кои во најголем дел се представени со неврзан, слабосортиран жолто-црвеникав материјал, составен од чакали, песоци и глини.

- Пелистоценските седименти се представени со глацијални наслаги, црвеница, падински бречи, бигор и пролувијални наслаги.
- Холоцен-од квартерните седименти, алувијалните наслаги се широко распространети, тие ги исполнуваат коритата на реките и потоците, представени се со грубопластичен материјал, составен од глини, песоци и чакали, со совршено заоблени облутоци одразлични димензии.

3.4 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

По своите сеизмички карактеристики, општината Штип со делот кој припаѓа на пелагонидите и се карактеризира со можни земјотреси со максимална јачина до 8° по МКС,поради тоа што е наполно консолидиран терен. Според сеизмичката реонизација на теренот,најголем дел од подрачјето е во групата со 7 степени според МКС скалата, а мал дел припаѓана границата помеѓу 7 и 8 степен според МКС скалата. Според категоризацијата на теренот постабилност и според инжинерско геолошките карактеристики на теренот, тој припаѓа вогрупата на стабилни терени и представува терен изграден од карпи чии параметри нафизичкомеханичките својства се со релативно ниски вредности. Теренот е претежно стабиленво природни услови, а може да стане нестабилен во случај на антропогени влијанија и изменана условите.

3.5 ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Територијата на општина Штип се карактеризира со многу слаба и неразвиена хидрографска мрежа. Најзначаен водотек представува реката Брегалница и река Отиња кои влегуваат на територијата на Општината ги собираат површинските и ги дренираат подземните води.

Водостојот на реките е најголем при врнежите и топењето на снеговите, кога тие и се претвораат во порои. Во текот на летните месеци можно е и да дојде до пресушување на некои водотеци. Речните корита се делумно регулирани со посебно внимание на реките со пороен карактер, каде се направени каскади, со цел намалување на ерозивното дејство на пороите.

Селото Три Чешми се наоѓа во водостопанско порачје (ВП):ВП "Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на р.Брегалница, од браната "Калиманци" до вливот

во река Вардар.На ова ВП припаѓаат и сливовите на реките Оризарска, Злетовска, Св.Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица. ВП "Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода.За сливот на р.Брегалница специфично истекување мерено кај водомерната станица "Берово" изнесува 11,8 л/сек/км2 , додека на водомерните станици "Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км2 и "Штип" изнесува 4,1 л/сек/км2.

Согласно Просторниот план на Република Македонија основна цел во развојот на водостопанството е континуирано обезбедување на квалитетна вода за населението. При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото, потребна е примена на мерки коиќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и заштита на водите преку:

- Дефинирање на заштитни зони на изворникот за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во зоните;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на селото;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води дасе базира на извршени хидрогеолошки испитувања со што ќе се дефинира нивниот квантитет и квалитет.

Еден од основните цели во заштитата на животната средина е заштита на квалитетот на површинските и подземните води. За таа цел потребно е стриктно да се спроведува принципот на „заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување” преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат на селото;
- Третман на отпадните води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот од како квалитет ќе биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”. Доколку вограниците на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои одтехнолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или дапредизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во селото,стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испуштиво канализациската мрежа.

Низ селото Три Чешми минува непостоен воден тек.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се се

мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и стварање услови за планирање на организирани простори на градба кои ке бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат.

Во непосредна близина на планскиот опфат постојат институции од јавен карактер, поради кои функционирањето на ново планираните градежни парцели би биле непречени. Објекти со домување во станбени куќи, како и објекти со лесна и незагадувачка индустрија се присутни во опфатот.

Анализата на постојната состојба покажува дека во предметниот опфат доминира неизградено земјиште со 64.24% од вкупната површина на планскиот опфат,додека од изградениот градежен фонд доминираат објекти со намена А-домување во куќи со 20.9 %.Во останатиот процент од 14,8% влегуваат објектите со намена В – јавни институции,Б- Комерцијални и деловни намени, Г-Рударство, енергетика, индустрија Д –зеленило, рекреација и меморијални простори, Е – инфраструктура, како и постојната улична мрежа на улици ипристапни патеки и воденатa површина.

Врз основ на официјалните податоци добиени од пописот на населението од 2002 година, бројот на населението во рамки на селото изнесувал **1065 жители**. Официјален податок за бројот на жители во 2021 година нема. Демографските индикатори (врз основ на увид на лице место на почетокот на изработка на предметниот УПС) говорат за формација на релативнонови живеалишта и нови домаќинства, а со тоа и изградба на нов станбен фонд. За целите на изработка на планот, како ориентационен податок се зема дека на вкупната територија, која денес како целина го претставува селото Три Чешми и бројот на жители кои официјално живеат во неа, просечната бруто густина на домување изнесува:

1065ж : 65.71 ха = 16.20 ж/ха

Оваа густина на домување од 16.20 ж/ха, односно од 0.162 ж/км2 е резултат на начинот на организација на индивидуалните домаќинства во селско стопанските дворови во текот на развојот на селото. Притоа за параметар густина на домување голема улога игра и густината на изграденост во селото, односно факторот што помеѓу соседни дворни површини на изградените парцели не се протегаат пространи и аморфни слободни површини, туку користени и планирани земјишта во делот на домување. Во индустрискиот дел од селото карактеристична е неусогласеност и неизбалансираност во физичката големината на парцелите, при што постојат големи амплитуди во површината на изградениот фонд каде што еден дел од постојните парцели се доста големи, за разлика од другиот дел каде се мали (а многу од нив и не пропорционални во соодносот на страните за да може да се проектираат објекти со таква намена).

4.1 КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Селото е оформено во минатите векови. Останати културно историски показатели нема.

Во дописот од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство во допис со број 17-1650/2 од 09.08.2021 година би посочува дека на подрачјето на планскиот опфат лежи археолошко наоѓаиштр „Три Чешми" (Населба од римското време) со ЕМБ 4-832-063/26 Е НД – добро за кое основано се претпотставува дека претставува културно наследство. Упатени сме да контактираме со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип како надлежна установа која после извршениот увид во границите на планскиот опфат се има произнесен со допис број 11-230/2 од 23.08.2021 година информирајќи не дека во подрачјето на планскиот опфат не постои културно наследство од било каков вид.

Согласно дописот од Управа за заштита на културно наследство, орган во состав на Министерство за култура, со бр. 17-1650/2 од 09.08.2020 година, се констатира дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

4.2 ДЕМОГРАФСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Врз основ на официјалните податоци (Државен завод за статистика) според пописот на населението, меродавен податок за документационата основа се податоците добиени од последниот попис во 2002 година, при што вкупниот број на население, на ниво на опфат, според десетгодишни групи на возраст и пол изнесува вака:

Етничката структура на овие 1065 жители е следна: 800 македонци и 165 власи.

Возраст	Се	Мажи	Жени
Вкупно	1065	561	504
0-9	57	26	61
10-19	181	100	81
20-29	132	67	65
30-39	168	85	83
40-49	185	106	79
50-59	90	44	46
60-69	139	70	69
70-79	34	18	16
80 и повеќе	10	6	4

Официјални, ажурирани податоци во временски рок од 18 години, речиси и да не постојат. Од анализата на лице место, може да се извлечи генерална одлика за селата во овој реон, а тоа е што низ годините се забележува пораст на домаќинства (условен од поволната стопанска активност во самите села), наспроти намалување на просечниот број на членови во домакинствата, како резултат на младото и работоспособно население кое има афинитет кон самостојно домување, а со тоа и

укажува на поволна структура на домакинства која е адекватна за работа во земјоделието.

Према податоците од важечки ГУП глава 7.2- Население и демогравски развој, стапката на пораст на населението во селските населби во Општина Штип треба да изнесува 7.4. Имајки го во предвид предвидениот пораст во селските населби во Општина Штип, согласно важечки ГУП на крајот на предвидениот период 2034 г вкупниот прој на население во с.Три Чешми ќе изнесува 1301 жители.

4.3 СТОПАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во годините уназад, како и во моментот на изработка на планот, жителите во Три Чешми претежно се занимаваат со земјоделие и полјоделство.

4.4 ЕКОНОМСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Со обзир на доминантната активност на населението, животниот стандард на населението во рамки на селото е просечен. Со обзир на близината на селото до градот Штип, дел од жителите на селото работат и во градот. Во секој случај, факт е дека доколку во селотото би постоеле мали или поголеми стопански и/или производни капацитети заобработка на ресурсите и продуктите кои што се произведуваат во неговата околина, исто како и кога би постоеле разновидни содржини од јавен карактер, неговата атрактивност би се зголемила повеќе кратно што директно ќе имплицира и уште поголем економски прираст во иднина.

4.5 СООБРАЌАЈНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Географски-регионално селото Јакреново се наоѓа во источниот дел на Република Македонија,недалеку од градот Штип, на просечна оддалеченост од 5 километри.Територијално и административно припаѓа на Општина Штип. Општината и село Три Чешми сообраќајно се поврзани со магистрален пат А3 (М-5). Сообраќајната инфраструктура е во исклучително добра состојба. Поголемиот дел од сообраќајниците се асфалтирани пред повеќе години. Поврзаноста со градот е добра како и снабденоста на селото со животните намирници се одвива без пречки. Ова е последица на фактот што уличната мрежа настанала плански, следејќи го и регулараниот раст на физичките структури околу, што како краен резултат во актуелната состојба доведува до функционална- сообракајна организираност на населбата.Оваа состојба во крајна линија резултира позитивно врз сета просторна организација, како и врз архитектонско амбиенталните карактеристики на селото.

4.5 ЗАКОНОДАВНО АДМИНИСТРАТИВНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на селото, се забележува присуство на државни институции, односно основно училиште во кои се едуцираат ученици од тамошното население,верски објект-црква, помали комерцијални објекти, спортски терени, бенскински пумпни станици како и индустриски објекти,магацини,сервиси и сл.

Во допис со број 09-11371/1 од 29.07.2021 год Министерството за образовани е не информира дека во границите на планскиот опфат постои Основно училиште “Гоце Делчев“, ПУ Населба Три Чешми, Општина Штип во кое посетуваат настава 51 ученик во 7 паралелки.

4.5 ЗДРАВСТВЕНО СОЦИЈАЛНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на селото не постојат поголеми здраствени или социјални установи и во однос на бројот на население кое живее тука, неопходна е потребата од воведување на објекти со намена здрасвство и социјална заштита.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПТНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Селото Три Чешми спаѓа во групата на села со релативно солиден број на жители 1065 Односнот помеѓу бројот на жители и територијата на која тие се распространети покажува просечната бруто густина на домување од **16,2 ж/ха**. Во дополнение на личниот увид на терен од страна на планерот, како релевантен податок може да послужи и ажурираната геодетска подлога.

Доминира станбен фонд, односно објекти од групата на класа на намена А (каде што преовладува домување во станбени куќи со селско стопански дворови - А1) каде се евидентирани индивидуални домаќинства во кои живеат семејства со различна семејна и старосна структура. Имено, се забележуваат едносемејни и двосемејни, а ретко и повеќе семејства. Од увидот на лице место може да се заклучи дека постојат исто така и самечки структури за домување каде живее по еден член. Агломерации на луге кои не се крвно поврзани, а заедно живеат под еден кров, не се забележани.

Во дополнение, корисно е да се спомне дека најголем дел од изграденият фонд го сочинуваатсамостојните станбени куќи поставени во плански парцели. Куќи во низ речиси и да не постојат. Со обзир дека се работи за село, треба да се напомене дека во селото преовладувадомување во станбени куќи со селско стопански дворови. Во рамки на селото, се забележува присуство на државни институции, односно основно училиште во кои се едуцираат ученици од тамошното население,верски објект-црквa, помали комерцијални објекти, спортски терени, бенскински пумпни станици како и индустриски објекти,магацини,сервиси и сл.

Притоа, од извршената инветаризација на градежниот фонд следи следното:

Во селото преовладуваат П+1 објекти, каде што речиси секој станбен објект има свои споредни - помошни објекти во дворот.Исклучок од оваа катна висина се индустриските објекти кои претежно се приземни со поголема височина согласно потребите. Доминира скелетен систем на градба со добра состојба на одржаност.

Во поглед на сопственоста, најголемиот број од градбите се во приватна сопственост.

Како релевантен нумерички податок за структурта во дадениот плански опфат е следниот:

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена А – намена домување во куќи изнесува 13,82 ха, односно процентуална застапеност од 20,9%.

Од затекнатите објекти чија намена е јавен карактер може да се забележи објекти кои согласно групата на класа на намени спаѓаат во В, односно објекти со основна класа на намена В5.1 – верски институции, В1.1- Основно образование.

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена В – јавни институции и дејности изнесува 0,07 ха, односно процентуална застапеност од 0,10%.

Од организирано зеленило во селото во склоп на јавните површини, забележано е присуство на групата на класи на намена Д-зеленило, рекреација и меморијални простори, поточно постои јавно зеленило со основна класа на намена Д3 –спорт и рекреација на зелени површини во источниот влезен дел од селото.

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Д – зеленило, рекреација и меморијални простори изнесува 0,89 ха, односно процентуална застапеност од 1,35%.

Од изградени комерцијални објекти од маалски продавници до услужни објекти, забележано е присуство на групата на класи на намена Б-комерцијални и деловни намени.

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Б – комерцијални и деловни намени изнесува 0,06 ха, односно процентуална застапеност од 0,9%

Од затекнатите објекти чија намена е индустрија може да се забележи објекти кои согласно групата на класа на намени спаѓаат во Г-рударство,енергетика индустрија односно објекти со основна класа на намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Г – рударство,енергетика индустрија изнесува 1,14 ха, односно процентуална застапеност од 1,73%.

Застапеноста на земјиште од група на класа на намена Е – инфраструктура изнесува 7.58 ха, односно процентуална застапеност од 11.5% од кои Е1 комуналната инфраструктура под патишта (земјени и асфалтни) припаѓа површина од 6.58 ха, со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 10.5 % и Е2- бензински пумпни станици со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 1 %

Останатиот отворен неизграден простор е аморфен и недефиниран. Тој е простор во рамки на дворовите на парцелите, како бавчи односно, или пак комплетно неизграден простор како празен простор кој не се користи за изградба на објекти или други градби, не се користи за улици, ниту за паркови, нити јавно зеленило линиски поставено долж улиците, за игралиште и слично.

Неизграденото земјиште зафаќа повришна од 42,44 ха, со процентуалната застапеност во однос на целиот опфат на селото од 64,24 %.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ

Во дописот од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство во допис со број 17-1650/2 од 09.08.2021 година би посочува дека на подрачјето на планскиот опфат лежи археолошко наоѓаиштр „Три Чешми" (Населба од римското време) со ЕМБ 4-832-063/26 Е НД – добро за кое основано се претпотставува дека претставува културно наследство. Упатени сме да контактираме со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип како надлежна установа која после извршениот увид во границите на планскиот опфат се има произнесен со допис број 11-230/2 од 23.08.2021 година информирајќи не дека во подрачјето на планскиот опфат не постои културно наследство од било каков вид.

Согласно дописот од Управа за заштита на културно наследство, орган во состав на Министерство за култура, со бр. 17-1650/2 од 09.08.2020 година, се констатира дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

7.1 СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ

Географски - регионално селото Три Чешми се наоѓа во источниот дел на Република Македонија, недалеку од градот Штип, на просечна оддалеченост од 5 километри на североисток. Територијално и административно припаѓа на Општина Штип. Општината и село Три Чешми сообраќајно се поврзани со магистрален пат А3 (М-5). Сообраќајната инфраструктура е во исклучително добра состојба. Поголемиот дел од сообраќајниците се асфалтирани пред повеќе години. Поврзаноста со градот е добра како и снабденоста на селото со животните намирници се одвива без пречки. Ова е последица на фактот што уличната мрежа настанала плански, следејќи го и регулариот раст на физичките структури околу, што како краен резултат во актуелната состојба доведува до функционална- сообраќајна организираност на населбата.Оваа состојба во крајна линија резултира позитивно врз сета просторна организација, како и врз архитектонско амбиенталните карактеристики на селото.

Надлежниот орган **Јавно претрпијатие за државни патишта** во допис бр.**10-7658/2 од 03.08.2021** констатирал дека **низ предметниот плански опфат поминува магистрален пат А3 (М-5)** за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта **е предвидено негово проширување на ниво на експресен пат**. **Јавното претпријатие за државни патишта има изработено одобрен Проект за инфраструктура и трасата на истиот треба да биде земена во предвид при изработка на предметниот УПС.**

Надлежниот орган **Јавно претрпијатие за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија – Скопје** во допис бр**.2001-4590/2 од 29.09.2021** констатирал дека на источната страна на планскиот опфат поминува пруга Велес – Кочани. Исто стака констатира дека: УПС Три Чешми, Ко Три Чешми Општина штип треба да биде изранотен согласно законот за Железнички системи (Сл. Весник бр. 48/2010 и неговите измени и дополнувања) член 59 и член 39 во однос на заштитното растојание на објектите.

Надлежниот орган **Агенцијата за цивилно воздухопловство** во допис број: **12-8/365 од 30.07.2021** година констатира дека:планскиот опфат се наоѓа во зона на спортскиот аеродром Штип, каде се пропишани посебни услови во рамките на безбедноста на воздушниот сообраќај кои ни се дадени во дописот.

7.2 ВОДОВОД, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Во однос на површинските води затекнати во селото, се изјаснило Министерство за заштита на животна средина и просторно планирање како надлежен орган. Притоа

Надлежниот орган **Министерство за заштита на животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор за води** во допис бр.1**1-3850/4 од 15.09.2021** утврдил дека **планскиот опфат е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, а притоа зафаќа еден непостојан тек**.

Изготвена е и хидролошка студија со техничики број **06-ХС-22 од Ноември 2022** година.

Изготвувањето на планската документација треба да е во согласност со Законот за води (Сл.Весник на Р.М. бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, и 52/2016) и притоа, да се исполнат следните критериуми согласно дописот

Согласно **Условите за планирање на просторот со тех. бр. Y02614 од 02.2014** издадени од Агенција за планирање на просторот на Р.С.Македонија и усвоената планска програма

- Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), во согласност со планираните параметри за водоводната и за канализациската мрежа.
- Третман на води – отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно нивниот квалитет да биде во согласност со критериумите дефинирани во “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води.
- За стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителна станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.

Согласно дописот со бр.**15-249 од 12.08.2021** од **ЈП Исар, Штип** а врз основа на извршен увид на лице место дава информации дека **на дадениот плански опфат има постојни инсталации на водовод и фекална канализација** и истите се прикажани во графичките прилози од Документационата основа- прилог инвентаризација на постојна инфраструктура.

Изготвена е и хидролошка студија со техничики број **06-ХС-22 од Ноември 2022** година

7.3 ЕЛЕКТРОИНСТАЛАЦИИ

Во селото има спроведена електрична енергија од ЕВН, која е инсталирана преку:

- трансформаторска станица ТС Три Чешми 1 и ТС Три Чешми 2 10(20)/0.4 кВ,
- 35 кВ надземна мрежа
- 10(20) кВ надземна мрежа
- 0.4 кВ надземна мрежа
- 0.4 кВ подземна мрежа

Надлежниот орган **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје** во допис бр.**10-55/3-205 од 03.08.2021** за погоренаведените податоци дал и графички прилог во електронски формат со **вцртани инсталации**, кој е составен дел од овој план. **Барање на органот е да се предвидат заштитни појаси на електроенергетската мрежа согласно мрежните правила за дистрибуција на електричната енергија.**

Надлежниот орган **МЕПСО, АД Скопје** во допис бр.**11-4474/1 од 06.08.2021** констатирал дека предметниот планскио опфат **не се пресекува** со електро енергетски објекти во сопственост на АД МЕПСО.

7.4 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Телекомуникациската инфраструктура ги опфаќа: електронско комуникациската мрежа, мобилната и поштенската мрежа. Во електронско комуникациската мрежа, со најголема и најраспространета мрежа е Македонски Телеком кој е и доминантен оператор. Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ.

Надлежниот орган **Македонски Телеком** во допис бр.**37240 од 14.09.2021** се произнел дека во рамки на планскиот опфат **има постоечки ТК инсталации** аплицирани во графички прилог во електрински формат, кој е составен дел од овој план. **Притоа изнел барање да се предвидат коридори за поставување на нова кабелска комуникациска инфраструктура и пристапни точки за повзување од двете стран на улиците, во тротоар**.

Надлежниот орган **Агенцијата за електронски комуникации (АЕК)** во допис бр.**1404-2686/2 од 15.10.2021** ни доставила податоци со кои располага. Приложените телекомуникациски водови се составен дел од овој план.

7.5 ГАСОВОД

Надлежниот орган **ГАМА** во допис со архивски број **0308-1418/2 од 22.09.2021**, се произнел дека во рамки на планскиот опфат **нема** траса на планиран и изведен гасовод.

Надлежниот орган **НЕР АД Скопје**, во допис со архивски број **03-2439/2 од 24.08.2021**, се произнел дека во близина на рамки на планскиот опфат **поминува траса**

на **магистрален гасовод**, **делница 1:Клечовце-Неготино(Кавадарци)** и истиот е изграден со напомена да се почитува Правилникот за тех. услови и нормативо за безбеден транспорт на течни и гасовити јаглероводороди со магистрални нафтоводи за меѓународен транспорт.

8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Урбанистичка документација за помало населено место за Три Чешми донесена во 2001 се базира на формирање на наменски зони. Во овој случај постојатнеколку наменски зони кои во најголем дел функционираар онака како што се плански дефинирани.

Во зоната наменета за домување постои домување во индивидуални куќи. Во спортсло рекреативната зона постои спортско игралиште. Во центарот на селото постои објект од верски карактер. На просторот каде беше предвидена работна зона, односно простор за развој на мало стопанство и стопански-земјоделски дејности, постојат неколку, објекти кои фунскционираат како стоваришта, магацинии, сервиси за коли и слично.

За овој опфат се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y02614 од 02.2014 издадени од Агенција за планирање на просторот на Р.С.Македонија

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Намената на овој птростор е делумно реализирана. На Просторот во делот со домување поголемиот дел се во средна состојба додека само нелолку објекти се наоќаат во лоша состојба. Постојат две бензински пумпи со објекти во добра состојба. Делот со индустрски објекти, стоваришта и складишта во најголем дел се наоѓаат во лоша состојба додека само неколку објекти се во добра состојба. Со детална анализа на овој дел пристаппуваме во книга 2 каде е разработен блок 4.

Програмските проекции на просторот се движат во следните насоки:

- Потребно е да се изработи планскиот опфат за Урбанистички план за село.
- Да се планираат намени на земјиштето и градбите во согласност со зададените со Планската програма, како и состојбата на терен и реалните потреби на Општината и крајните корисници. (рационално користење на земјиштето)
- Формирање на градежни парцели и во нив планирање на потребни површини за градба, со утврдена класа на намена, со компатибилни класи на намени
- Да се планира сообраќајно решение во склад со позитивната законска и подзаконска регулатива од областа на сообраќајот и урбанистичкото планирање, со кое ќе се обезбеди сообраќајна поврзаност на сите градежни парцели.
- Максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот На предметниот простор, е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општина

Крушево.Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот. Со анализата на постојна состојба, потребите на Општината и жителите од предметниот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Потребно е да се предвиди решение кое би ги оформило намената и карактерот на функциите.Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.(водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.)

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

10. НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

Во оваа книга е направена разработка на целиот опфат. Податоците за блок 4 се дадени во книга 2.

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2021	(А) Градби за престој на луѓе	13,82	21,03%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,06	0,09%
	(В) Јавни дејности и институции	0,07	0,11%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	1,14	1,73%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,89	1,35%
	(Е) Комунална инфраструктура	7,58	11,54%
	Неизградено земјиште	42,15	64,15%
ВКУПНО ОПФАТ		**65,71**	**100%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ		
ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	42.15 ха	64.24%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	23.13 ха	31.74%
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	65.71 ха	100%

ГРАДЕЖЕН ДЕЛ

УПС ТРИ ЧЕШМИ

Ред. број	Катност	Површина под објект m2	Развиена бруто површина m2	Вид на конструкција	Класа на намени	Состојба
1	3	4	5	6	7	8
1	П	321,30	321,30	Ск	Г	лоша
2	П	804,70	804,70	Ск	Г	лоша
3	П	290,60	290,60	Ск	Г	лоша
4	П	292,10	292,10	Ск	Г	лоша
5	П	144,70	144,70	Ск	Г	добра
6	П	25,60	25,60	Ск	Г	добра
7	П	198,80	198,80	Ск	Г	добра
8	П	517,00	517,00	Ск	Г	лоша
9	П	368,40	368,40	Ск	Г	лоша
10	П	187,40	187,40	Ск	Г	лоша
11	П	59,20	59,20	Ск	Г	лоша
12	П	517,10	517,10	Ск	Г	лоша
13	П	89,30	89,30	Ск	Г	лоша
14	П	1.031,00	1.031,00	Ск	Г	лоша
15	П	1.184,10	1.184,10	Ск	Г	лоша
16	П	509,80	509,80	Ск	Г	лоша
17	П	522,40	522,40	Ск	Г	лоша
18	П	530,00	530,00	Ск	Г	лоша
19	П	1.021,30	1.021,30	Ск	Г	лоша
20	П	1.014,50	1.014,50	Ск	Г	лоша
21	П	129,00	129,00	Ск	Г	лоша
22	П	513,00	513,00	Ск	Г	лоша
23	П	369,60	369,60	Ск	Г	лоша
24	П	947,10	947,10	Ск	Г	лоша
25	П	946,00	946,00	Ск	Г	лоша
26	П	951,00	951,00	Ск	Г	лоша
27	П	98,10	98,10	Ск	Г	лоша
28	П	286,10	286,10	Ск	Б	средна
29	П	110,60	110,60	Ск	А	средна
30	П	134,30	134,30	Ск	Г	средна
31	П	86,80	86,80	Ск	Г	лоша
32	П	190,90	190,90	Ск	В	лоша
33	П+1	159,90	319,80	Ск	В	лоша
34	/	913,20	913,20	Ск	Д	лоша
35	/	8.177,80	8.177,80	Ск	Д	лоша
36	П	114,90	114,90	Ск	Д	лоша
37	П	122,00	122,00	Ск	ЕБ	лоша
38	П	71,30	71,30	Ск	Е	лоша
39	П	26,20	26,20	Ск	Е	лоша
40	П	90,70	90,70	Ск	Е	лоша
41	П	6,10	6,10	Ск	Е	лоша
42	П	126,30	126,30	Ск	Е	добра
43	П	94,40	94,40	Ск	Б	лоша
44	П	29,10	29,10	Ск	Г	лоша
45	П	49,70	49,70	Ск	Г	лоша
46	П	187,40	187,40	Ск	Б	лоша
47	П	47,80	47,80	Ск	Б	лоша
48	П	564,00	564,00	Ск	Б	лоша
49	П	758,00	758,00	Ск	Д	лоша
50	П	13.820,00	13.820,00	Ск	А	средна
ВКУПНО:		**39.754,60**	**39.915,50**			

АТРИУМ СТУДИО
АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ,КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

СОСЕДНИ ПЛАНОВИ

-ЛУПД за КП 254/1, 255, 256, 257, 258, и дел од КП 259, 366/2, 251/1, 248/1, 247, 246, 245,246, 244,301/52, КО Три Чешми

- ЛУПД за КП 45/2, КО Три Чешми

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

СОСЕДНИ ПЛАНОВИ

АТРИУМ СТУДИО ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП**	ФАЗА: УПС	
ПРИЛОГ:	**СОСЕДНИ ПЛАНОВИ**	ТЕХ. БРОЈ: **У**-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ЈУНИ, 2023**	ЛИСТ БР. 01



АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ,КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА

- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ЗИДАНА ОГРАДА
- ЖИЧАНА ОГРАДА
- изохипса
- земјен пат
- граница на опфат
- НОВОИЗГРАДЕН СТОПАНСКИ ОБЈЕКТ
- НОВОИЗГРАДЕН СТАНБЕН ОБЈЕКТ
- НОВОИЗГРАДЕН ПОМОШЕН ОБЈЕКТ
- ЕВИДЕНТИРАН СТОПАНСКИ ОБЈЕКТ
- ЕВИДЕНТИРАН СТАНБЕН ОБЈЕКТ
- ПОНИШТЕН ОБЈЕКТ
- 4 654 900 координатна мрежа
- 7 545 700
- канал
- асфалт
- рефлектор
- ШАХТИ - СЛИВНИК
- БЕТОНСКА - ДРВЕНА БАНДЕРИ
- ЕВН САНДАЧЕ
- ХИДРАНТ
- ТРАФОСТАНИЦА
- ПРОПУСТ
- ВАГА
- ИГРАЛИШТЕ
- 3684 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- 249.93 НАДМОРСКА ВИСИНА
- СООБРАКАЈЕН ЗНАК
- ЧЕШМА

Алфа Геодет Прима ул Маршал Тито бр. 19 Штип тел/факс: 032/381-004;078 488-927;	Инвеститор: ОПШТИНА ШТИП Село ТРИ ЧЕШМИ РАЗМЕР 1:1000
Објект :	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА (за Урбанистички План за с.Три Чешми) К.О. ТРИ ЧЕШМИ
Изработил: Зорица Андова	
Овластен геодет: Јулијана Цветаноскa геод. инж.	

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП**	ФАЗА: УПС	
ПРИЛОГ:	**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**	ТЕХ. БРОЈ: **У**-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ЈУНИ, 2023**	ЛИСТ БР. 02



НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

ПОВРШИНИ, ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА И НАМЕНА
НА ДОКУМЕНТИРАНИ ОБЈЕКТИ

ГРАДЕЖЕН ДЕЛ

УПС ТРИ ЧЕШМИ

Реден број	Катност	Површина под објект m2	Развиена бруто површина m2	Вид на конструкција	Класа на намени	Состојба
1	3	4	5	6	7	8
1	П	321,30	321,30	Ск	Г	лоша
2	П	804,70	804,70	Ск	Г	лоша
3	П	290,60	290,60	Ск	Г	лоша
4	П	292,10	292,10	Ск	Г	лоша
5	П	144,70	144,70	Ск	Г	добра
6	П	25,60	25,60	Ск	Г	добра
7	П	198,80	198,80	Ск	Г	добра
8	П	517,00	517,00	Ск	Г	лоша
9	П	368,40	368,40	Ск	Г	лоша
10	П	187,40	187,40	Ск	Г	лоша
11	П	59,20	59,20	Ск	Г	лоша
12	П	517,10	517,10	Ск	Г	лоша
13	П	89,30	89,30	Ск	Г	лоша
14	П	1.031,00	1.031,00	Ск	Г	лоша
15	П	1.184,10	1.184,10	Ск	Г	лоша
16	П	509,80	509,80	Ск	Г	лоша
17	П	522,40	522,40	Ск	Г	лоша
18	П	530,00	530,00	Ск	Г	лоша
19	П	1.021,30	1.021,30	Ск	Г	лоша
20	П	1.014,50	1.014,50	Ск	Г	лоша
21	П	129,00	129,00	Ск	Г	лоша
22	П	513,00	513,00	Ск	Г	лоша
23	П	369,60	369,60	Ск	Г	лоша
24	П	947,10	947,10	Ск	Г	лоша
25	П	946,00	946,00	Ск	Г	лоша
26	П	951,00	951,00	Ск	Г	лоша
27	П	98,10	98,10	Ск	Г	лоша
28	П	286,10	286,10	Ск	Б	средна
29	П	110,60	110,60	Ск	А	средна
30	П	134,30	134,30	Ск	Г	средна
31	П	86,80	86,80	Ск	Г	лоша
32	П	190,90	190,90	Ск	В	лоша
33	П+1	159,90	319,80	Ск	В	лоша
34	/	913,20	913,20	Ск	Д	лоша
35	/	8.177,80	8.177,80	Ск	Д	лоша
36	П	114,90	114,90	Ск	Д	лоша
37	П	122,00	122,00	Ск	ЕБ	лоша
38	П	71,30	71,30	Ск	Е	лоша
39	П	26,20	26,20	Ск	Е	лоша
40	П	90,70	90,70	Ск	Е	лоша
41	П	6,10	6,10	Ск	Е	лоша
42	П	126,30	126,30	Ск	Е	добра
43	П	94,40	94,40	Ск	Б	лоша
44	П	29,10	29,10	Ск	Г	лоша
45	П	49,70	49,70	Ск	Г	лоша
46	П	187,40	187,40	Ск	Б	лоша
47	П	47,80	47,80	Ск	Б	лоша
48	П	564,00	564,00	Ск	Б	лоша
49	П	758,00	758,00	Ск	Д	лоша
50	П	13.820,00	13.820,00	Ск	А	средна
ВКУПНО:		39.754,60	39.915,50			

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП

		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2021	(А) Градби за престој на луѓе	13,82	21,03%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,06	0,09%
	(В) Јавни дејности и институции	0,07	0,11%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	1,14	1,73%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,89	1,35%
	(Е) Комунална инфраструктура	7,58	11,54%
	Неизградено земјиште	42,15	64,15%
ВКУПНО ОПФАТ		65,71	100%

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ		
ИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	42.15 ха	64.24%
НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	23.13 ха	31.74%
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	65.71 ха	100%

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ

К.О. ТРИ ЧЕШМИ - ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

Граница на плански опфат П = 65 712 m²

НАМЕНА:

(Г)- Рударство,енергетика,индустрија

(Д)- Зеленило, рекреација и меморијални простори

(Е) - Комунална супраструктура-/бензинска пумпна станица/

(А) - Градби за престој на луѓе

(В) - Јавни дејности и институции

(Б) - Комерцијални и деловни намени

(Е) - Комунална инфраструктура /сообраќајници/

(НЗ) - Неизградено земјиште

(Е) - Комунална инфраструктура /железничка пруга/

N

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

АТРИУМ студио ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП**	ФАЗА:	УПС
ПРИЛОГ:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА**	ТЕХ. БРОЈ: У-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ:	0089
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: ЈУНИ, 2023	ЛИСТ БР.



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ

К.О. ТРИ ЧЕШМИ - ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П = 65 712 m²
- ЕВН 35_110 Надземна мрежа
- ЕВН 10(20) Надземен вод
- ЕВН 0_4 Подземен вод
- ЕВН 0_4 Надземен вод
- ЕВН 0_4 Приклучок
- Магистрален гасовод
- Водовод
- Канализација
- Бакарни комуникациски кабли
- Оптички комуникациски кабли

N

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

АТРИУМ СТУДИО ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП**	ФАЗА: УПС	
ПРИЛОГ:	**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**	ТЕХ. БРОЈ: **У**-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ЈУНИ, 2023**	ЛИСТ БР.

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

АТРИУМ СТУДИО
АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА
ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ И ОПШТИНАТА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предмет на задачата е изработка на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип, Предлог план, Плански период 2022-2032година.

Планскиот опфат го опфаќа селото Три Чешми, на подрачјето на КО Три Чешми во Општина Штип.

Основа за изработување на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип се :

- Услови за планирање на просторот со тех.број Y02614 од 02.2014 година издадени од Агенција за планирање на просторот на Р.С.Македонија, за кои е донесено
- Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.15-239/4 од 06.02.2014 како и
- Планска програма со тех.бр.ПП-У-19/21 од Август 2021 година која е одобрена со
- Решение за одобрување на Планска програма со бр.09-4222/5 од 20.08.2021 година издадено од надлежен орган Општина Штип.
- Податоци, информации и Мислења добиени од органи на државната управа и други субјекти, кои навремено се изјасниле согласно позитивната законска регулатива.
- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 2021).

Границата на планскиот опфат е соодветно прикажана во графичките прилози.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 65,71 ха и истата површина се применува при изработка на Урбанистичкиот план за село.

Планскиот период на Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4 е 2022-2032, во склад на одредбите на Член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20).

Планот е усогласен со законска регулатива актуелна во периодот на одобрување на планската програма, како што е: Правилникот за за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата,содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15).

Основна цел на Урбанистичкиот план за село е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат и детална разработка на дел од блоковите.

Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Урбанистичкиот план за село со кој е уреден планскиот опфат како што се намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, заклучно со утврдени градежни парцели и површини за градење на ниво на сите блокови утврдени во планскиот опфат, регулација на мрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури, односно регулација на речни корита и водотеци со дефинирање на профили (со обезбедена соодветна согласност од надлежен орган согласно закон), како и за сите други нумерички плански параметри.

Вака концепиран, предметниот Урбанистички план има за цел да овозможи контролиран, рамномерен и одржлив просторен развој во иднина; рационално уредување и поголема заштита на поширокатa територија на село Јакреново; да создаде потребни просторни услови за рационално планирање на истиот и можност за негова прогресивна операционализација преку планска документација од пониско ниво.

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Во планската документација се презентирани планските решенија и дефинирани се сите плански одредби потребни за донесување и спроведување на планот. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот на лице место, анализата на можностите за просторен развој и планската програма. Истиот е во директна зависност од создадените и природните фактори, од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот, и секако во зависност од законската и подзаконската регулатива.

Поради сложеноста и големината на планскиот опфат од **65,71 ха** направена е поделба на помали единици на градежно земјиште, односно **5** блока, кои меѓусебно имаат усогласена големина и притоа претставуваат логични целини, чии што граници се движат по осовинитена планираните улици, регулациони линии и граница на плански опфат. Нивната поделба е добиена како резултат на затекнатите амбиентални – природни и создадени карактеристики на селото, версус, реалните можности за степенот на реализација на планот и планската програма.

Блок 1 е дефиниран од југ и југоисток со осовина на ул."Никола Бастов", од североисток со осовина на магистрален пат А3 (експресен пат) а од запад и северозапад со следниве катастерски парцели КП 159, КП 157, КП 150, КП 893, КП 889, КП 380. Истиот зафаќа вкупна површина од 14,47 ха.

Блок 2 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на ул."Сплитска", од југозападната страна со следниве катастерски парцели КП 244, КП 242, КП 167/2, КП 165/1 , КП 162. Истиот зафаќа вкупна површина од 10,72 ха.

Блок 3 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на новопланирана ул. "11" , од западна страна со осовина на "Сплитска" од јужна страна КП 261 и КП 258. Истиот зафаќа вкупна површина од 5,56 ха.

Блок 4 е дефиниран од северозапад со осовина на локален пат од север со граница на КП 45/13, КП 45/4 , од источна страна со железничка пруга за од

југозападната страна со осовина на магистрален пат А3 (експресен пат). Истиот зафаќа вкупна површина од 29,60 ха.

Блок 5 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на новопланирана ул. " 11", од запад со осовина на "Сплитска", а од јужна страна по КП 595/2. Истиот зафаќа вкупна површина од 5,34 ха.

Теренот и состојбата на сообраќајот и инфраструктурата, се примарните кои го условуваат сообраќајниот концепт на планското решение. Притоа во рамки на планскиот концепт почитувани се, и колку што овозможува законската и подзаконската регулатива, максимално се инкорпорирани постојните сообракајници (како што е главната соорбаќајница магистрален пат А3 (М-5). Исто така, додадени се и мрежа на нови улици, со соодветни профили и должини спрема категоријата во која што припаѓаат (индустриски,станбени, пристапни, пешачки), а се со цел да се обезбеди пристап до сите новоформирани градежни парцели, вклучително и до оние катастарски парцели кои со планот се трансформираат во градежни, а во моментот на изработка на документацијата, немаат пристап од никаква сообракајница.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно член 59 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22) како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.

Од демографски аспект, а со оглед на развојната компонента на селото, како и со оглед на демографските показатели добиени од документационата основа на планот, понатаму се оперира со бројот **1065**, како максимален број на жители во рамки на планскиот опфат во рамки на планскиот период.

Во контекст на планираните површини за градба, со утврдена класа на намена, со компатибилни класи на намени треба да се каже дека согласно програмските проекции на

Општина Штип и изработената Планска програма, со овој Урбанистички план за село се планираат наменски зони со следните основни класи на намени:

А – ГРАДБИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

А1 – Домување во куќи

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б4 – Деловни простории

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука

В4 – Државни администрации и институции

В5 – Верски институци

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Г2 - Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија

Г3 - индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

Г4 - стоваришта,складови и отпади, намена Д (Зеленило,,рекреација и меморијални простори

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско и пејзажно зеленило

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површнини
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници/бензински пумпи)

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со овој план се овозможува уредување на просторот во граници на планскиот опфат т.е. разработка преку определување на сообракајна мрежа, регулационен план, план на површини за градба со кој се утрвдуваат градежни парцели и површини за градење во сите блокови во кои што истовремено се уредуваат намената на земјиштето и објектите, се врши регулација на мрежата на сообраќајници и комунални инфраструктури со дефинирање на профили, како и дефинирање на нумерички плански параметри.

Со Урбанистички план за село Три Чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, Општина Штип**, Предлог план, Плански период 2022-2032**, на предметниот локалитет се предвидуваат зони со класа на намена:

А – ГРАДБИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ
А1 – Домување во куќи
Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
Б4 – Деловни простории
В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
В1 – Образование и наука
В5 – Верски институци
Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 – Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија
Г3-индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори
Г4-стоваришта,складови и отпади
Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 – Парковско и пејзажно зеленило
Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површнини
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)
Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници/бензински пумпи)

Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Штип.

Извршена е поделба на планскиот опфат на **5** блока, кои претставуваат логични целини и чии што граници се движат по осовините на планираните улици и граници на планскиот опфат. Истите претставуваат најголеми единици на градежно земјиште.

Содржините предвидени во планскиот опфат се дефинирани преку класите на намени во планираните 5 блока и истите се така концепирани да можат да функционираат на ниво на опфат солидно бидејќи блоковската поделба и нивната поставеност на теренот го овозможува тоа.

Блоковите 1 и 2 се наменети за домување и истите се разграничени од останатите содржини со примарна сообраќајна мрежа.Останатите **блокови 3 и 5** се претежно наменети за објекти од културата, образование и спорт и рекреација.

Блок 4 е дефиниран како простор за дејности од категоријата Г- Рударство, енергетика и индустрија кои физички се одвоени од домувањето со двете сообраќакници односно Магистрален пат А3 (експресен пат) и регионален пат од прва категоријас Р 1204 со свои заштитни коридори. Разработката на блок 4 е направена во Книга 2.

Понатаму, Планирани се регулациони линии, како линии на разграничување помеѓу градежното земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба, а во сѐ во склад со членовите од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број225/20, 219/21 и 104/22). Најмала единица на градежно земјиште претставува градежната парцела.

Градежните парцели и блоковите се нумерирани со цифри, при што прво е дадена нумерацијата на Урбаниот блок на кој припаѓа, а потоа нумерацијата на парцелата; на пр. 4.01.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секој блок поединечно, на ниво на Урбан блок и на ниво на цел плански опфат прикажани во графичките прикази.

3.1.ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат е дефиниран во 5 (пет) блока кои се состојат од градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Блоковите се планирани на начин да претставуваат логични целини, а нивните граници се движат по осовините на планираните улици, осовини на регулирани водотеци, регулациони линии и граница на плански опфат.

Со планот се утврдени градежни парцели и површини за градење ограничени со градежни линии. Со цел максимална реализација на планот, во принцип, секаде каде што е изводливо согласно позитивната законска и подзаконска регулатива, катастарската парцела претставува основ за формирање на градежна парцела.

Сите планирани градежни парцели ги исполнуваат условите од член 21 и 22 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22), при што се наоѓаат непосредно до земјиште за општа употреба, така што во нив може непречено да се пристапува, независно да се гради, упоребува и одржува.

3.2.КЛАСА НА НАМЕНИ

Со Планот се утврдени наменски зони со следните класи на намени:

А – ГРАДБИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

А1 – Домување во куќи

При планирањето и организацијата на групата на класи на намени – А, главен приоритет е надминување на просторно-физичките диспропорции кои постојат на лице место, како и квалитативно подобрување на сите елементи на станбениот стандард. Со Урбанистичкиот план за село е предвидена група на класи на намена А - домување, а согласно програмските барања, потоа согласно бројот на жители и нивниот начин на живот и организација на домовите, како доминантна намена во блоковите е основна класа на намена од А1 - која понатаму дава можност за постоење на семејни куќи со градини, објекти за индивидуалното домување, покрај селско стопанските дворови кои се доминантни во селски средини како што е село Три Чешми.

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б4 – Деловни простории

Од извршената инвентаризација на село Три Чешми, евидентно е присуство на комерцијални и деловни намени. Со новопланираната состојба е предвидена една парцела со оваа класа на намена, а исто така оваа класа на намена би можела да се користи како компатибилна класа на намена на основната класа на намена А1.

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука

В5 – Верски институци

Планирањето на површини и градби од јавен интерес се остварува според територијалниот принцип, односно за едно и/или неколку градски подрачја во кои бројот на жители според гравитационото подрачје го оправдува постоењето на намени од типот на образование и наука, здраство и социјална заштита, култура, државни институции, верски институции и тн.

Во конкретниот случај, анализата во намените во документационата основа на Урбанистичкиот план за село Три Чешми, генерално покажа диспропорција во бројноста на населението наспроти застапеноста на јавните институции во рамки на селото.

Во рамките на планскиот опфат постои образовна установа ОУ" Гоце Делчев" во кое постеуваат насатава 51 ученик во седум паралелки.

Во продолжение, од јавни намени постои верски објект (црква), кој што во однос на демографските податоци и очекуваниот број на население во иднина, само делумно ги задоволуваат потребите на селото. Оваа парцела ја задржува својата намена. Верскиот објект кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат е џамија и истата се наоѓа во блок 3. Се констатира дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Г2 – Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија

Г3 – Индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

Г4 – Стоваришта,складови и отпади

Во моментот на изработка на документациона основа забележано е присуство на производтсвени капацитети и стоваришта во блок 4 и блок 5.

Планското решение со оваа намена Г дополнително дава можност и за отварање на поголеми производни капацитети кон немаат големи енергетски барања,

не создаваат голем промет на суривини, ниту пак создаваат штетни еманации. Со проектните документации од понизок ранг, задолжително е имплементирање на одредбите на одржлив раст, како и почитување на законската и подзаконската регулатива од заштита на животната средина.

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско и пејзажно зеленило

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површнини

Евидентно е дека во рамки на планскиот опфат се затапени зелени површини, зеленилото преовладува во рамки на дворовите на објектите за домување, односно во рамки на селско стопанските дворови кои, во зависност од местоположбата каде што се наоѓаат, некои од нив се организирани во вид на градини или дворови со ниско и виско зеленило, додека дел од нив се крајно запуштени.Кога станува збор за јавно организирано зеленило, во рамки на планскиот опфат неговата затапеност е добра.Присутни се игралишта за фудбал,како и 2 помали терени за спорт и рекреација. Ваквите игралишта се пропратени со соблекувална. Кога ќе се разработува овој блок планското решение од една страна треба да цели кон задржување, односно кон оплеменување на постојното зеленило, но од друга страна да се стреми кон подигање на нови, јавни и организирани зелени површини на сите оние места кои склопот на повеќе чинители го дозволува тоа. Последно, но не и најмалку важно, преку посебните услови дадени во планските документации од понизок ранг, како и преку проектните документации, жителите треба да се стимулираат кон оплеменување на дворните површини (да се уредат согласно амбиенталните и пејзажните карактеристики на селото) и кон максимално, колку што може повеќе преку неговата имплементација да се имплементираат и приципите на одржлив развој се со крајна цел подобрување на нивните услови за живот.

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)

Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници/бензински пумпи)

Во однос на предвидената класа на намена Е2-комунална супраструктура, покрај постојните трафостаници се предвидуваат уште нови парцели за поставување на нови трафостаници. Дополнително, се имплементираат сите постојни водови од мрежата на ЕВН, а на ним им се предвидуваат заштитни појаси.

Со планското решение, согласно законската регулатива се предвидуваат траси за следните инфраструктурни водови: фекална канализација, атмосферска канализација, водоводна и телекомуникациска инфраструктура, електрична инфраструктура. Овие траси се поставени во канали, секој со соодветен профил, положен под сообракајниците, односно помеѓу регулациските линии на секундарната сообраќајна мрежа.

Компатибилните и комплементарните намени ќе бидат во согласност на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22), односно согласно член 83 каде се дефинирани општите правила за компатибилност на намените.

3.3. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Вкупниот опфат на вака предложениот план има површина од околу **65,72 ха**., а уличната мрежа (сообраќајни кооридори = коловоз + тротоари) во рамките на овај плански опфат, зафаќа околу **6,58 ха (10,5 %)**. Планираните улици овозможуваат оптимално одвивање на сообраќајот во рамки на планскиот опфат.

Новопланираната сообраќајна мрежа се надоврзува на веќе постоечките сообраќајници на лице место и трасирана е во зависност од теренските услови и потребите за обезбедување на пристап до новопланираните градежни парцели.

Новопланираната сообраќајна мрежа на одредени места претрпува поголеми сообраќајни промени и решенија со посебност, а сето тоа произлегува од основните смерници дадени во програмската задача за максимално почитување на постојната инфраструктура, но секогаш во однос на важечката законска и подзаконска регулатува во државата.

Во однос на класификација на уличната мрежа, дел од улици во планираниот опфат спаѓаат во секундарна улична мрежа и тоа сервисни,индустриски,станбени и пристапни улици – наменети за пристап кон планираните содржини, односно кон постојните катастарски, а идни градежни парцели. Исклучок на ова е магистралниот пат А3 (М-5) кој спаѓа во примарна улична мрежа за кој во плановите на Јавно претпријатие за државни патишта е предвидено негово проширување на ниво на експресен пат.Таквиот експресен пат со изработен одобрен инфраструктурен пат е инплементиран во планското решение со идентична траса и заштитен коридор.

Целокупниот опфат на градежниот реон на Три Чешми е поврзан со потребната сообраќајна мрежа. Поврзаноста со Општина Птип се одвива преку Р1 регионаен пат 1204. Во овој Урбанистички план за село Три Чешми минува и магистрален пат А3(експресен пат). Исто така оние сообраќајници имаат заштитни појаси од двете странисогасно Залонот за јавни патишта. Осовината на магистралниот пат А3 (експресен пат) воедно претсдтавува и една од границите на блок 1, бок 4 и блок 5 кои се формирани во опфатот на овој Урбанистички план за село Три Чешми. Влезот во селото ќе се одвива преку Р1 регионален пат 1204. На оваа сообраќајница се поврзуцаат улици од секундарната мрежа кои водат до станениот и индустрискиот дел од опфатот.

Во пределот кај индустридката разцојна зона, секундарната улична мрежа ќе се дефинира со разработка на блок 4. Кај станбрниот дел, сообраќа=јната инфраструктура делумно е изградена. Секунфарните сообраќајници односно станбените и индустридкире улици преку сревисните се поврзуваат со примарната сообраќајна инфраструктура.

На источната страна нановоформираниот блок 4 тангира железничка пруга која согасно Законор за железници имазаштитен појас од 50m.(2x25m)

Примарна сообраќајна улична мрежа

Магистрален пат А3 (М-5)- Експресен пат е со вкупен сообраќаен попречен профил од 11.4 м (2x3.5 + 2x2.2) м и заштитен појас од 2 x 40 м.

На оваа сообраќајница предвидена е лента за приклучување и исклучување преку која е овозможен влез и излез до бензинските станици.

Регионален пат Р1 (Р1204) е со вкупен попречен профил од 11 м од кои 7.0 м (3.5x2) коловоз и (2x2.0) тротоар.

На оваа сообраќајница предвидена е лента за приклучување и исклучување.

Секундарна сообраќајна улична мрежа -сервисни улици

Ул."Никола Бастов" - е со вкупен сообраќаен профил од 11.3 м (коловоз 6,5м и 2x2.4 тротоар)

Ул."Сплитска" - е со вкупен сообраќаен профил од од 11.3 м (коловоз 6,5м и 2x2.4 тротоар)

Новопроектирана сервисна Ул."11" е со вкупен сообраќаен профил од од 11.3 м (коловоз 6,5м и 2x2.4 тротоар)

Сервисна Ул "1" е со вкупен сообраќаен профил од од 11.8 м (коловоз 7 м и 2x2.4 тротоар)

На овие улици се надоврзуваат улици од понизок ранг односно станбени и индустриски.Во пределот кај индустриската развојна зона, секундарната улична мрежа ќе се дефинира со разработка на блок 4.

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на хоризонталните кривините ги задоволуваат условите пропишани во Член 154 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22).

Максималните должини на слепите улици (пристапни и станбени) се помали од 120м, согласно Член 155 од горенаведениот правилник. Истите се со потребното свртување.

Сервисните улици кои со својот попречен профил се пресекуваат со границите на планскиот опфат, се смета дека не се слепи, односно се смета дека истите го поврзуваат селото со останатата патна инфраструктура околу неговиот атар. Истите се планирани врз веќе постојни земјени патишта кои и во реалност продолжуваат надвор од опфатот и ја имаат улогата на поврзување. Сите улици се планирани со континуирани пешачки патеки-тротоари, што ќе овозможува непречено и безбедно движење на пешаците.

Понатаму, потребно е да се спомне дека е запазен и Член 155 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22), со што мегусебното растојание на планираните крстосници е во рамки на дозволената регулатива.

Со погоре кажаното меѓу другото, се запазуваат и Членовите од Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22), каде што колскиот пристап до градежните парцели е дозволен и обезбеден за секоја парцела посебно, исклучиво од секундарната мрежа на улици.

3.3.1 ПАРКИРАЊЕ

Според планското решение, при разработката паркирањето се решава во рамките на сопствените градежни парцели, освен на местата каде што не е поинаку наведено. Истото ќе се решава планските, односно проектните документации од понизок ранг. Паркирањето може да биде сместено на подземно или надземно ниво, додека димензионирањето на потребниот број на паркинг места, согласно намената на градбите, понатаму ќе се врши според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22).

Пресметката за обезбедување на доволен број на паркинг места се утврдува според 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22).

За групи на класи на намена – Б, В, Г, Д, се очекува организација на групни паркиралишта во градежните парцели и градбите чие димензионирање се врши на тој начин што на вкупниот број паркинг места се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди. На паркиралишта со помалку од 20 места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди. Паркинг местата за инвалиди да се димензионираат согласно Член 38 од Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10).

3.4 НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на урбанистичкиот план за село, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Во најголема мерка се почитува природниот пад на теренот.

Подолжните наклони на сите сообраќајници се движат во границите на дозволениот. Сообраќајната површина на крстосниците во иднина може да се дефинира со сообраќајни проекти.

3.5 ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

За задоволување на потребното и очекуваното во иднина зголемување на потрошувачката на електрична енергија, но и за подобрување на квалитетот и сигурноста во работата на дистрибутивната мрежа, постојните електрични инсталации се зачувуваат и истите се дополнуваат со нови инсталации во сите новопредвидени улични профили.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на проекти за инфраструктура, урбанистички проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа. Во селото има спроведена електрична енергија од ЕВН, koja e инсталирана преку:

- трансформаторска станица ТС Три Чешми 1 и ТС Три Чешми 2 10(20)/0.4 кВ,
- 35 кВ надземна мрежа
- 10(20) кВ надземна мрежа
- 0.4 кВ надземна мрежа
- 0.4 кВ подземна мрежа

со што во глобала се задоволени актуелните потреби.

За секоја гореспоменета електрична исталација, со планската документација се предвидни заштитни водови, димезионирани согласно Член 138 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на Република Северна Македонија, број 191/19), донесени врз основа на Член 96 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија, број 96/18 и 96/19). Во рамките на

дефинираните заштитни појасни не е дозволено планирање на нови површини за градба.

3.5.1 УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа „B-2", споредни, локални
- класа „B", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

„B-2" (C)

сјајност на коловозот	Lm=1-1,5cd/m²
средна погонска осветленост	Esr = 15-25Lx
просечна рамномерност	jr = 40%
висина на монтажа на светилките	H=8m
светлосен извор	VTFE-250W
начин на поставување	едноредeн

3.6 ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Македонски телеком АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Мобилна телефонија- Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Македонски телеком и оне.Вип. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - •региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно - историски, спортски, стопански,
  - индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на двете компании за мобилна телефонија во РМ.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да

се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

3.7.ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

3.7.1. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Со изработка на УПС за Три Чешми до планерот се доставени информации за постојна водоводна мрежа во рамките на планскиот опфат. Надлежното претпријатие доставило податоци за хидротехничка инфраструктура и од тие причини ќе се пристапи кон планирање на замена на постоечките азбести цефки Ф150 мм со нови ПЕ цефки НД160мм.Во предвидениот опфат се планирани цефководи од ПЕ цефки со дијаметар од НД 90 до НД 110мм.Во графичкиот дел се приложени местоположбите на идните ПП хидранти.

Што се однесува до обезбедување на потребниот притисок и потребната количина на вода за новопредвидениот опфат и населба Три Чешми, предвидено е да се изведе резервоар со зафатнина од 500 м3, пумпна станица за полнење на резервоарот и повратен цевковод од резервоарот кон населбата и новиот опфат. Локацијата на резервоарот е предвидена југозападно од населба Три Чешми, над постоечки земјоделски површини.

Пумпната станица се предвидува да се изведе во с.Три Чешми на оддалеченост од резервоарот од околу 700м. Од резервоарот е предвиден повратен цевковод ПЕ НД160мм.Локацијата на резервоарот дополнително ќе биде дефинирана со Инфраструктурен проект.

Потребно е да се напомене дека во моментов населбата има проблеми со водоснабдувањето, на повисоките објекти, а за новата работна зона притисокот од градската мрежа е доволен за водоснабдување.Меѓутоа како проблем за работна зона ќе се јави обезбедување на потребната количина на вода, па од тие причини се предвидени пумпна станица и резервоар.

При изработка на основниот проект треба да се дефинира запремината на резервоарот. Во фаза на израбока на предметниот ДУП нема податоци за потрошувачката на вода во работната зона, па од тие причини зафатнината на резервоарот е претпоставена.

Postoe~kata glavna vodovodna linija koja ja vodosnabduva nas.Tri ^e{mi e izvedena od PE cevki OD 160 mm 10 bari i eden krak se razgranuva kon naselenoto mesto a drugiot krak kon porane{niot zemjodelski kombinat Tri ^e{mi .

Na eden del vodovodot pominuva niz novopredvidenite grade`ni parcelii za{titniot pojas na magistralniot pat i patniot pojas i zatoa treba da se dislocira.

Novopredvidenata vodovodna mre`a za vodosnabduvawe na objektite koi se predvideni so UPS - to za Tri ^e{mi }e se priklu~at direktno na glavniot cevkovod vo glavna vodovodna {ahta so profil PE 90mm 10bari.

Во понатамошните документации од пониско ниво, согласно позитивните закони и правилници, потребно да се димензионира предметната инфраструктура во целост вклучувајки ја и инфраструктурата за санитарна вода и инфраструктура за поливање на зеленилото и миење на улиците со конкретни профили.

3.7.2. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Planirana e dislokacija na postojnata kanalizaciona instalacija. Predvidena e nova instalacija na poso~enata lokacija. Noviot cevkovod e predviden po novoproektiranite soobra}ajnici po novooformenite blokovi 3,4 i 5 do priklu~okot vo postoe~kata kanalizaciona linija. Fekalnata kanalizacija od individualnoto domuvawe ostanuva nepromeneta.

3.7.3. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Tehni~koto re{enie za odvodnuvawe na atmosferskite vodi }e ovozmo`i bezbedno prifa}awe i ottekuvawe na atmosferskite vodi preku cevkovodite vo otvoreniot atmosferski kanal kaj `elezni~kata pruga i pod magistralniot pat A3(ekspresen pat).

Konstruktivno se usvoeni profili od korugirani PE cevki od OD 315 - 600mm SN 4 ,kontrolni {ahti na cevkovodot }e bide izveden na trotoarot so slivnici na kolovoznata konstrukcija, na {ahtata na vlivot vo otvoreniot atmosferski kanal potrebno e da se izvede kamenobetonska ispustna gradba za da ne dojde do podlokuvawe na cevkovodot i {ahtata.

Kontrolnite {ahti }e bidat izvedeni na trotoarot od prefabrikuvanite elementi so oformena betonska kineta , gorna plo~a so kapak sreden tip 15 kN nosivost i kaskaden vlaz za slivnicite od 200 mm .

Vleznata cevka od slivnicite treba da se izvedat na dlabo~ina od 80 sm od gornata kota kolovozot i da se priklu~i vo kontrolnata {ahta , {ahtata za slivnicite treba da bide izvedena od prefabrikuvani elementi f 400 mm so talo`nik od 50 sm i lieno `elezna re{etka na kota na kolovozot.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

4.1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планоти имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистичкиот план за село.

4.2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.3. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на градежните парцели поединечно.

4.4. Планскиот опфат е дефиниран со 5 блокови кои се состојат од градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна

употреба. Блоковите се планирани на начин да претставуваат логични целини, а нивните граници се движат по осовините на планираните улици, катастерски парцели , железничка пруга и граници на планскиот опфат.

4.5. Со урбанистичкиот план за село се одредени:
- граници на блокови
- регулациони линии
- граници на наменски зони
- граници на градежни парцели
- градежни линии
- намена на земјиштето и градбите

4.6. Во урбанистичкиот план за село предвидени се наменски зони со следните класи на намени:

А – ГРАДБИ ЗА ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ

А1 – Домување во куќи

Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ

Б4 – Деловни простории

В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ

В1 – Образование и наука

В5 – Верски институци

Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА

Г2 – Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија

Г3-индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори

Г4-стоваришта,складови и отпади

Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

Д1 – Парковско и пејзажно зеленило

Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површнини

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајни коридори)

Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници/бензински пумпи)

4.7. Заради флексибилноста на планот, предвидени се и компатибилни класи на намени во однос на основните класи на намена, дадени во точката 3. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура – подточка 3.2. Класа на намени, а сè во склад со одредбите на на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22), односно согласно член 83 каде се дефинирани општите правила за компатибилност на намените.

4.8. Во рамки на планот се предвидуваат граници на градежни парцели согласно Член 95,96,97 и 98 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22)

4.9. Во рамки на градежните парцели се предвидуваат градежни линии, како најмали единици на градежно земјиште. Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

4.10. Понатамошна разработка во рамките на блок 1 и блок 2 ќе се врши со изработна на Урбанистички проект за село согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ број 32/20, 119/21 и 104/22).

4.11. Во рамките на градежните парцели со класа на намена А1- домување во станбени куќи селско стопаски дворови,освен објектот за домување, можат да се предвидат и помошни градби во функција на селско стопански двор (штали, складишта, гаражи и сл.)

4.12. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22). Отстапувањата од градежната линија не влегуваат во максимално дозволената површина за градба предвидена за секоја градежна парцела поединечно, а дефинирана во нумеричките параметри на планот.

4.13. Градежните линии кои дефинираат површина за градење во графичките делови на планот се апроксимативни. Во спроведувањето на урбанистичкиот план се применуваат планерските вредности/параметри кои се дадени табелите во нумеричкиот дел на планската документација. Истите се максимални.

4.14. Зависно од диспозицијата на површината за градење во рамки на градежните парцели треба да се применува Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

4.15. Не е дозволено планирање на нови површини за градба онаму каде што минуваат траси на заштитните појаси.

4.16. Максимална височина на градбите, е добиена согласно параметрите зададени во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22). Котата на приземната плоча ќе се одреди во понатамошните фази на разработка, при изработка на урбанистички проекти и / или основни проекти за градбите, почитувајќи ги одредбите од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).Најмалата катна височина со која се пресметува бројот на катови, мерено од плоча до плоча за домување е 2.90м,а за деловна дејност 3.40м.

4.17. Максималната височина на слеме е до 4.50м над завршниот венец на градбата. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по катовите на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една катна височина.

4.18. Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи, оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

4.19. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

4.20. За планираните градежни парцели, меродавен е оптимален процент на изграденост на земјиштето да биде во согласност со член 117 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

Процентот на озеленетост во рамките на парцелите од сите наменски зони освен Е2 – Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

4.21. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

4.22. Максимално дозволените вредности на параметрите дадени табеларно во нумеричкиот дел на планската документација, се условени од обезбедување на потребен број на паркинг места, како и другите стандарди и нормативи утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

4.23. За определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба односно услов за градење, паркирањето на моторните возила со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, да се реши во секоја градежна парцела засебно, а во сè според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

4.24. Во градежните парцели за да се задоволат нормативите за паркирање според планираните намени, може да се релизира заедничко подземно и надземно паркирање, како и вертикални и хоризонтални комуникации за две или повеќе парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број на паркинг места, по добиената согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

4.25. Урбанистичкиот план за село за овој плански опфат треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела. Сообраќајниот пристап до парцелите е преку планираните сервисни, станбени, индустриски, пристапни и пешачки улици.

4.26. Реализацијата на улиците кои делумно се наоѓаат надвор од предметниот плански опфат, ќе се изврши со изработка на соодветна проектна документација.

4.27. За обезбедување на непречено движење на лицата со попреченост, при изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите од градежните парцели со основна класа на намена различна од А1 – Домување во станбени куќи, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

4.28. Површините за движење на пешаци (во кои спаѓаат тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади) задолжително е да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8.33%, секаде каде што карактеристиките на теренот го дозволуваат тоа.

4.29. Доколку при реализација на Урбанистичкиот план за село се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на РМ”, број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16),односно со одредбите на од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, 32/20).

4.30. Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

4.31. При изработката на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфраструктура (канализација, водовод), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

4.32. Водоснабдувањето предвидено е да се изведе резервоар со зафатнина од 500 м3, пумпна станица за полнење на резервоарот и повратен цевковод од резервоарот кон населбата и новиот опфат

4.33. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, за кои ќе решава месната заедница.

4.34. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, часовници, табли со имиња на улиците и сл.

4.35. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали во градењето.

- да се применат асеизмички конструктивни системи, отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски материјали за завршна обработка на градбите;
- да се внимава на инкорпорирање на локални и природни градежни материјали кои ќе одат во контекст на поголема одржливост на објектите, помал транспорт и сл.

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22)

4.36. Урбанистички план за село од став (1) на овој член може да се спроведува со следните урбанистички проекти:

1. урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште,
2. урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба,
3. урбанистички проект за инфраструктура,
4. урбанистички проект за село, и
5. урбанистички проект со план за парцелација.

5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ЗА СПРОВЕД УВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Блок 1 е дефиниран од југ и југоисток со осовина на ул."Никола Бастов", од североисток со осовина на магистрален пат А3 (експресен пат) а од запад и северозапад со следниве катастерски парцели КП 159, КП 157, КП 150, КП 893, КП 889, КП 380. Истиот зафаќа вкупна површина од 14,47 ха. Во рамките на овој блок е дефинирана намена домување- А.

Бидејќи овој блок не е предмет на разработка, а се дел од УПС за Три Чешми затоа како посебни одредби за реализација ќе важат општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат, а се опишани во точка 4 од планската документација. Понатамошна разработка на предметниот дел ќе се врши со Урбанистички проект за село согласно согласно член 41, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ број 32/20, 119/21 и 104/22). На дел од блок 1 поминува заштитниот појас на Магистрален пат А3 (експресен пат) во кој не се дозволува градење.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели од сите наменски зони освен Е2– Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

Блок 2 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на ул."Сплитска", од југозападната страна со следниве катастерски парцели КП 244, КП 242, КП 167/2, КП 165/1 , КП 162. Истиот зафаќа вкупна површина од 10,72 ха. .Во рамките на овој блок е дефинирана намена домување- А и Д Бидејќи овој блок не е предмет на разработка, а се дел од УПС за Три Чешми затоа како посебни одредби за реализација ќе важат општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат, а се опишани во точка 4 од планската документација.

Понатамошна разработка на предметниот дел ќе се врши со Урбанистички проект за село согласно согласно член 41, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ број 32/20, 119/21 и 104/22).

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели од сите наменски зони освен Е2– Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

Блок 3 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на новопланирана ул. "11" , од западна страна со осовина на "Сплитска" од јужна страна КП 261 и КП 258. Истиот зафаќа вкупна површина од 5,56 ха. Бидејќи овој блок не е предмет на разработка, а се дел од УПС за Три Чешми затоа како посебни одредби за реализација ќе важат општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат, а се опишани во точка 4 од планската документација. Понатамошна разработка на предметниот дел ќе се врши со Урбанистички проект за село согласно согласно член 41, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ број 32/20, 119/21 и 104/22).Овде се дозволени намени **В** и **Д** односно **Јавни институции** согласно постјните евидентирани објекти и спорт и рекреација.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели од сите наменски зони освен Е2– Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

Блок 4 е дефиниран од северозапад со осовина на локален пат од север со граница на КП 45/13, КП 45/4 , од источна страна со железничка пруга за од

југозападната страна со осовина на магистрален пат А3 (експресен пат). Истиот зафаќа вкупна површина од 29,60 ха. Бидејќи овој блок е предмет на разработка, и е сосставен дел од УПС за Три Чешми затоа како посебни одредби за реализација ќе важат посебните и опстите услови за изградба, развој и користење на земјиштето градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат, а се опишани во точка 4 од планската документација, како и во разработката на блок 4.Овде се дозволени намени **Г РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА** односно **Г2** – Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија,**Г3**-индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори **Г4**-стоваришта,складови и отпади и **Е**- Бензинска пумпна станица.

Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели од сите наменски зони освен Е2– Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

Блок 5 е дефиниран од северна страна со осовина на ул."Никола Бастов", од исток со осовина на новопланирана ул. " 11", од запад со осовина на "Сплитска", а од јужна страна по КП 595/2. Истиот зафаќа вкупна површина од 5,34 ха. Бидејќи овој блок не е предмет на разработка, а се дел од УПС за Три Чешми затоа како посебни одредби за реализација ќе важат општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат, а се опишани во точка 4 од планската документација. Понатамошна разработка на предметниот дел ќе се врши со Урбанистички проект за село согласно согласно член 41, став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ број 32/20, 119/21 и 104/22).Овде се дозволени намени **Г,Е** и **Д** односно **Г2** – Лесна преработувачка и помалкузагадувачка индустрија,**Г3**-индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори **Г4**-стоваришта,складови и отпади, **Е**-Бензинска пумпна станица и **Д**- спорт и рекреација Процентот на озеленетост во рамките на градежните парцели од сите наменски зони освен Е2– Комунална супраструктура (трафостаници) – потребно е да изнесува минимум 20%. Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

6.1.2.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата.

Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

6.2.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 5/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15) Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство

и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;

3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

4) обезбедување на противпожарни пречки;

5) изградба на објекти за заштита и

6) изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на урбанистичкиот план за село, за сѐ што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата

и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

6.2.1.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3.5м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7.0цм и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила. За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара. Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаатсоодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон. Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари,

експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10,20м и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување. Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

6.2.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

По своите сеизмички карактеристики, општината Крушево со делот кој припаѓа на пелагонидите и се карактеризира со можни земјотреси со максимална јачина до 7° по МКС, поради тоа што е наполно консолидиран терен. Според сеизмичката реонизација на теренот, најголем дел од подрачјето е во групата со 7 степени според МКС скалата, а мал дел припаѓа на границата помеѓу 7 и 8 степен според МКС скалата. Според категоризацијата на теренот по стабилност и според инжинерско геолошките карактеристики на теренот, тој припаѓа во групата на стабилни терени и представува терен изграден од карпи чии параметри на физичкомеханичките својства се со релативно ниски вредности. Теренот е претежно стабилен во природни услови, а може да стане нестабилен во случај на антропогени влијанија и измена на условите.

Погоренаведеното наметнува задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6.2.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на

загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

6.2.4.ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14 и 129/15), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.2.5.СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Новопланираната сообраќајна мрежа се надоврзува на веќе постоечките сообраќајници на лице место и трасирана е во зависност од теренските услови и потребите за обезбедување на пристап до новопланираните градежни парцели.

Новопланираната сообраќајна мрежа на одредени места претрпува поголеми сообраќајни промени и решенија со посебност, а сето тоа произлегува од основните смерници дадени во програмската задача за максимално почитување на постојната инфраструктура, но секогаш во однос на важечката законска и подзаконска регулатува во државата.

Во однос на класификација на уличната мрежа, дел од улици во планираниот опфат спаѓаат во секундарна улична мрежа и тоа сервисни,индустриски,станбени и пристапни улици – наменети за пристап кон планираните содржини, односно кон постојните катастарски, а идни градежни парцели. Исклучок на ова е магистралниот пат А3 (М-5) кој спаѓа во примарна улична мрежа за кој во плановите на Јавно претпријатие за државни патишта е предвидено негово проширување на ниво на експресен пат.Таквиот експресен пат со изработен одобрен инфраструктурен пат е инплементиран во планското решение со идентична траса и заштитен коридор.

Во рамките на локалитетот има делумно разгранета сообраќајна мрежа. Врз основа на оваа постојна состојба, планирана е сообраќајна мрежа со која се обезбедува пристап до секоја градежна парцела. Стационарниот сообраќај е решен согласно

Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ”, број 225/20, 219/21 и 104/22). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар

6.2.6. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

6.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ОШТЕТУВАЊА НА ВОДОСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ И ПОСТРОЈКИ

1. да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;

2. да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;

3. да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;

4. во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;

5. да се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;

6. да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);

7. да се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите;

8. да се испуштаат отпадни води во објектите од хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;

9. да се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење на водата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;

10. да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на

акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;

11. да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;

12. да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување и

13. да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти и постројки.

6.4. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Составен дел на овој Урбанистички план за село се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со попреченост во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

6.5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ И КРАЈБРЕЖНИ ЗЕМЈИШТА.

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 3 метри зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци.(барање кое треба да го определи советот на Општина Штип на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина).

2. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

3. Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води.

4. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

5. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

6.6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Согласно дописот од Управа за заштита на културно наследство, орган во состав на Министерство за култура, со бр. 17-1650/2 од 09.08.2021 година, се констатира дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

НАПОМЕНА – во текот на реализација на овај план, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно – историска вредност, односно ако се откријат културни слоеви и наоди од предходно живеење, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16). Според тоа, произлегуваат следните обврски

- • Ако во тек на изведување на градежни или други работи се дојде до археолошки наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот е должен
- • Да го пријави откритието во смисла на Чл.129, став 2 од овој Закон
- • Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување како и од неовластен пристап
- • А ги зачува откриените наоди на местото и состојбата во која се најдени

По исклучок на ставот 1 на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

- • Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или роа да го направи при идентификација во смисла на чл. 65 од овој закон, а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат, да не се оштетат или да не се отуѓат и
- • Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на окривањето и околностите под кои тоа е направено. Исто така, во врска со чл. 129 став 2 од Законот, се нагласува дека по исклучок на став 1 од овој член, случајно откритие се пријавува веднаш и се смета за извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната установа за заштита или до МВР Доколку пријавата е доставена до МВР, тој ја доставува до надлежната установа.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е од **65,72 ха**.
- Планирани се **5** блокови.

Планирани површини по класи на намена по блокови

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
БЛОК 1	(А) Градби за престој на луѓе	10,85	74,98%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,26	1,80%
	(В) Јавни дејности и институции	0,00	0,00%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	0,00	0,00%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,56	3,87%
	(Е) Комунална инфраструктура	2,80	19,35%
ВКУПНО БЛОК 1		**14,47**	**100%**

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
БЛОК 2	(А) Градби за престој на луѓе	8,10	75,49%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,23	2,14%
	(В) Јавни дејности и институции	0,00	0,00%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	0,00	0,00%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,30	2,80%
	(Е) Комунална инфраструктура	2,10	19,57%
ВКУПНО БЛОК 2		**10,73**	**100%**

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
БЛОК 3	(А) Градби за престој на луѓе	0,00	0,00%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,00	0,00%
	(В) Јавни дејности и институции	1,56	28,01%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	0,00	0,00%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	3,27	58,71%
	(Е) Комунална инфраструктура	0,73	13,11%
	(Е) Комунална супраструктура	0,01	0,18%
ВКУПНО БЛОК 3		**5,57**	**100%**

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
БЛОК 4	(А) Градби за престој на луѓе	0,00	0,00%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,00	0,00%
	(В) Јавни дејности и институции	0,00	0,00%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	19,40	65,54%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,60	2,03%
	(Е) Комунална инфраструктура	9,00	30,41%
	(Е) Комунална супраструктура	0,60	2,03%
ВКУПНО БЛОК 4		**29,60**	**100%**

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
БЛОК 5	(А) Градби за престој на луѓе	0,00	0,00%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,00	0,00%
	(В) Јавни дејности и институции	0,00	0,00%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	1,78	33,33%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,76	14,23%
	(Е) Комунална инфраструктура	1,90	35,58%
	(Е) Комунална супраструктура	0,90	16,85%
ВКУПНО БЛОК 5		**5,34**	**100%**

Планирани површини по класи на ниво на цел опфат

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
ТРИ ЧЕШМИ	(А) Градби за престој на луѓе	18,95	28,84%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,49	0,75%
	(В) Јавни дејности и институции	1,56	2,37%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	21,18	32,23%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	5,49	8,35%
	(Е) Комунална инфраструктура	16,53	25,16%
	(Е) Комунална супраструктура	1,51	2,30%
ВКУПНО ОПФАТ		**65,71**	**100%**

Споредбените податоци се земени за постојна состојба и планирана состојба

2.БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ) ПОКАЗАТЕЛИ

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2021 година

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
ПОСТОЈНА СОСТОЈБА 2021	(А) Градби за престој на луѓе	13,82	21,03%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,06	0,09%
	(В) Јавни дејности и институции	0,07	0,11%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	1,14	1,73%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,89	1,35%
	(Е) Комунална инфраструктура	7,58	11,54%
	Неизградено земјиште	42,15	64,15%
ВКУПНО ОПФАТ		**65,71**	**100%**

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА 2022-2032година

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИЈНА ШТИП			
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ
ППЛАНИРАНА СОСТОЈБА 2021-2031	(А) Градби за престој на луѓе	18,95	28,84%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,49	0,75%
	(В) Јавни дејности и институции	1,56	2,37%
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	21,18	32,23%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	5,49	8,35%
	(Е) Комунална инфраструктура	16,53	25,16%
	(Е) Комунална супраструктура	1,51	2,30%
ВКУПНО ОПФАТ		**65,71**	**100%**

СПОРЕДБЕНА ТАБЕЛА

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП						
		ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ	ХЕКТАРИ	ПРОЦЕНТ	РАЗЛИКА
ТРИ ЧЕШМИ	(А) Градби за престој на луѓе	13,82	21,03%	18,95	28,84%	5,13
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0,06	0,09%	0,49	0,75%	0,43
	(В) Јавни дејности и институции	0,07	0,11%	1,56	2,37%	1,49
	(Г) Рударство, енергетика, индустрија	1,14	1,73%	21,18	32,23%	20,04
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0,89	1,35%	5,49	8,35%	4,60
	(Е) Комунална инфраструктура	7,58	11,54%	16,53	25,16%	8,95
	Неизградено земјиште	42,15	64,15%		0,00%	-42,15
	(Е) Комунална супраструктура			1,51	2,30%	1,51
ВКУПНО ОПФАТ		**65,71**	**100%**	**65,71**	**100%**	**0,00**

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

3. ПОПРЕЧНИ ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

ПРЕСЕК НА СООБРАЌАЈНИЦИ



АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ,КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП


Б1
Б2
Б3
Б4
Б5
ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
ОДВОДЕН КАНАЛ
ДВ-311
ДВ-312
ДВ-313
ДВ-314
ДВ-315
ДВ-316
ДВ-317
ДВ-318
ДВ-319
ДВ-320
ДВ-321
ДВ-322
ДВ-323
ДВ-324
ДВ-325
ДВ-326
ДВ-327
ДВ-328
ДВ-329
ДВ-330
ДВ-331
ДВ-332
ДВ-333
ДВ-334
ДВ-335
ДВ-336
ДВ-337
ДВ-338
ДВ-339
ДВ-340
ДВ-341
ДВ-342
ДВ-343
ДВ-344
ДВ-345
ДВ-346
ДВ-347
ДВ-348
ДВ-349
ДВ-350


КОН ЕЖОВО ПОЛЕ
Б1
Б2
Б3
Б4
Б5
Р14
Р15
Р16
Р17
Р18
Р19
Р20
Р21
Р22
Р23
Р24
Р25
Р26
Р27
Р28
Р29
Р30
Р31
Р32
Р33
Р34
Р35
Р36
Р37
Р38
Р39
Р40
Р41
Р42
Р43
Р44
Р45
Р46
Р47
Р48
Р49
Р50
Р51
Р52
Р53



УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ

К.О. ТРИ ЧЕШМИ - ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат П = 65 712 m²
- Планирана електрика со заштитен појас
- Планиран водовод
- Планирана канализација
- Планирана атмосферска канализација
- Магистрален гасовод
- Одводен канал
- Цевковод ДВ-2/1

(Е1)-Комунална инфраструктура

- Сообраќајница
- Коловоз
- Тротоар
- Заштитен појас на атмосферски канал
- Заштитно зеленило Д2
- Заштитен појас на сообраќајници
- Заштитен појас на железница
- Железничка пруга

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП /РАЗРАБОТКА НА БЛОК 4/**	ФАЗА: УПС	
ПРИЛОГ:	**ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН**	ТЕХ. БРОЈ: **У**-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУЌА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089	
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: **ЈУНИ, 2023**	ЛИСТ БР. 04



ПРЕСЕК НА СООБРАЌАЈНИЦИ

* КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ

ПРИМАРНИ СООБРАЌАЈНИЦИ



ПРОФИЛ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ А3
/ЕКСПРЕСЕН ПАТ/

РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р 1204



ПРЕСЕК 1-1



ПРЕСЕК 6-6

СЕКУНДАРНИ СООБРАЌАЈНИЦИ



СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛИЦА 1
ПРЕСЕК 2-2

СЕРВИСНА УЛИЦА - НИКОЛА БАСТОВ
ПРЕСЕК 3-3

СЕРВИСНА УЛИЦА - СПЛИТСКА
ПРЕСЕК 4-4

СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛИЦА 11
ПРЕСЕК 5-5

(Е1)-Комунална инфраструктура

- Сообраќајница
- Коловоз
- Тротоар
- Заштитен појас на сообраќајници
- Заштитен појас на железница
- Заштитен појас на атмосферски канал
- Железничка пруга
- Планирана електрика со заштитен појас
- Планиран водовод
- Планирана канализација
- Планирана атмосферска канализација
- Магистрален гасовод
- Одводен канал
- Цевковод ДВ-2/1

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

НАМЕНА НА НИВО НА БЛОКОВИ

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
БЛОК 1	(А) Градби за престој на луѓе	10.85	75%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0.26	2%
	(В) Јавни дејности и институции	0	0%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	0	0%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0.39	3%
	(Е) Комунална инфраструктура	2.8	20%
ВКУПНО БЛОК 1		14.47	100%

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
БЛОК 2	(А) Градби за престој на луѓе	8.1	80%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0.26	2%
	(В) Јавни дејности и институции	0	0%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	0	0%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0.3	3%
	(Е) Комунална инфраструктура	2.1	15%
ВКУПНО БЛОК 2		10.72	100%

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
БЛОК 3	(А) Градби за престој на луѓе	0	0%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0	0%
	(В) Јавни дејности и институции	1.56	28.1%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	0	0%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	3.27	59.6%
	(Е) Комунална инфраструктура	0.7	12.1%
	(Е) Комунална супраструктура	0.01	0.3%
ВКУПНО БЛОК 3		5.56	100%

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
БЛОК 4	(А) Градби за престој на луѓе	0	0%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0	0%
	(В) Јавни дејности и институции	0	0%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	19.4	65%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0.6	3%
	(Е) Комунална инфраструктура	9	31%
	(Е) Комунална супраструктура	0.6	2%
ВКУПНО БЛОК 4		29.60	100%

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
БЛОК 5	(А) Градби за престој на луѓе	0	0%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0	0%
	(В) Јавни дејности и институции	0	0%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	2	35.9%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	0.76	14.3%
	(Е) Комунална инфраструктура	1.9	35%
	(Е) Комунална супраструктура	0.9	14.8%
ВКУПНО БЛОК 5		5.34	100%

НАМЕНА НА НИВО НА ОПФАТ

УПС ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП

		хектари	проценти
ТРИ ЧЕШМИ	(А) Градби за престој на луѓе	18.95	28.8%
	(Б) Комерцијални и деловни намени	0.52	0.79%
	(В) Јавни дејности и институции	1.56	2.37%
	(Г) Рударство,енергетика,индустрија	21.4	32.57%
	(Д) Зеленило, рекреација и меморијални простори	5.32	8.09%
	(Е) Комунална инфраструктура	16.5	25.11%
	(Е) Комунална супраструктура	1.51	2.29%
ВКУПНО БЛОК 1		65.7	100%

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ

К.О. ТРИ ЧЕШМИ - ОПШТИНА ШТИП

ЛЕГЕНДА:

- Граница на планski опфат П = 65 712 m²
- Граница на блок
- РЛ Регулациона линија
- Б 1 Нумерација на блок

НАМЕНА:

- (Г)- Рударство,енергетика,индустрија
- (Д)- Зеленило, рекреација и меморијални простори
- (Е) - Комунална супраструктура-/бензинска пумпна станица/
- (А) - Градби за престој на луѓе
- (В) - Јавни дејности и институции
- (Б) - Комерцијални и деловни намени
- (Е) - Комунална инфраструктура /сообраќајници/
- (НЗ) - Неизградено земјиште
- (Е) - Комунална инфраструктура /железничка пруга/

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СИНТЕЗЕН ПЛАН

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"НИКОЛА НЕХТЕНИН" БР 1 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

НАРАЧАТЕЛ:	**Општина Штип**		
ПЛАН:	**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ТРИ ЧЕШМИ, КО ТРИ ЧЕШМИ, ОПШТИНА ШТИП /РАЗРАБОТКА НА БЛОК 4/**	ФАЗА:	УПС
ПРИЛОГ:	**СИНТЕЗЕН ПЛАН**	ТЕХ. БРОЈ: У-19/21	РАЗМЕР: 1:1000
ПЛАНЕРИ:	ВАСИЛЕВА ВЕСНА д.и.а. овл. бр. 0.0057 - раководител на тим **АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0.0500 - планер** **ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0.0231 - планер** **АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0.0363 - планер**	ПЛАНЕРСКА КУКА:	
СОРАБОТНИК:	ЉУБИЦА МИЦЕВСКА м.и.а. - планер соработник ЕМИЛИЈА КЉОНКОВА м.и.а. - планер соработник **ТАЊА ТРЕНДОВА м.и.а. - планер соработник**	ЛИЦЕНЦА БРОЈ:	0089
УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА		ДАТА: ЈУНИ, 2023	ЛИСТ БР 03